# ПРВ ПРЕОДЕН ИЗВЕШТАЈ

**ЗА АКТИВНОСТИТЕ И ПРЕДМЕТИТЕ**

**ВО НАДЛЕЖНОСТ НА**

**СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО (СЈО)**

ОБСЕ Организација за безбедност и
соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Содржината на ова издание е производ на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Проектот е финансиран преку дополнителни буџетски придонеси доделени на Мисијата од страна на Кралството Холандија и Стејт Департмент на САД, Бирото за меѓународна борба против наркотици и спроведување на законите на Соединетите Американски Држави (ИНЛ). Искажаните мислења на авторите не секогаш ги одразува погледите или ставовите на донаторите.

# Содржина


**Листа на акроними**....................................................4
**Извршно резиме** ........................................................5

**1. Вовед**.......................................................................7
1.1.Општи информации: политичката криза од 2015 година и основање на СЈО...............7
1.2. Политички случувања по склучувањето на договорот од Пржино.......................................9
1.3. Обем и структура на овој извештај.......10

**2. Правна и оперативна рамка** ....................12
2.1. Кривичноправниот систем и Законот .... за кривична постапка.......................................12
2.2. Основање на СЈО: правна основа, .......... надлежност и одговорности .........................14
2.3. Мандат и рокови за поднесување обвиненија: Прашање за континуитет .......16
2.4. Оперативна структура на СЈО................18

**3. Случаи на СЈО**................................................19
3.1. Вовед...........................................................19
3.2. Случаи во кои СЈО поднело обвиненија во врска со скандалот со прислушувањето 20
3.3. Случаи во кои СЈО поднело обвиненија за кривични дела кои произлегуваат од содржината на прислушуваните разговори26
3.4. Предмети преземени од Јавното обвинителство за кои веќе биле поднесени обвиненија.........................................................43
3.5. Тековни истраги .......................................50

**4. Анализа на избрани проблеми** ..................53
4.1 Вовед...........................................................53
4.2. Почетни предизвици со кои СЈО се соочуваше ..........................................................53
4.2.1. Проблематична соработка................53
4.2.2. Претседателската амнестија .............54
4.2.3. Конфликт на надлежности со државниот јавен обвинител .......................55
4.2.4. Прашањето за допуштеноста на прислушуваните материјали како докази пред Врховниот суд.......................................56
4.3. Обвинителска стратегија: одлуки на СЈО во однос на обвинетите, постапките иобвиненијата...................................................57
4.3.1.Обвинети...............................................57
4.3.2. Постапки...............................................58
4.3.3. Обвиненија ...........................................59
4.3.4 Транспарентност..................................61
4.4. Примената на мерки на претпазливост . во предметите на СЈО......................................62
4.4.1. Национална правна рамка ................62
4.4.2. Меѓународна правна рамка ...............64
4.4.3. Барања за примена на мерки на претпазливост пред поднесување обвиненија.........................................................65
4.4.3.1.Притворот на Сеад Кочан во истрагата Труст.............................................66
4.4.4. Барања за примена на мерки на претпазливост при поднесувањето на обвиненијата ..................................................68
4.4.5. Основи за барање мерки на претпазливост................................................70
4.4.5.1. Ризик од бегство..............................70
4.4.5.2. Влијание врз сведоци......................71
4.4.6. Причини за одбивање или одобрување на мерката притвор...............71
4.4.6.1. Основано сомневање ......................72
4.4.6.2. Ризик од бегство..............................72
4.4.6.3. Влијание врз сведоци и уништување докази..............................................................74
4.4.6.4. Причини за примена на мерката притвор во случајот Тврдина-Таргет........74
4.4.7. Забелешки и заклучок за примената на мерките на претпазливост.....................76
4.5.Допуштеноста на прислушуваните материјали како докази во фазата на потврдување на обвинението ........................78
4.5.1. Основни информации .......................78
4.5.2. Национална правна рамка ................79
4.5.3. Меѓународна правна рамка ...............80
4.5.5. Потврдување на обвиненијата .........84
4.5.6. Преоден заклучок за допуштеноста на прислушуваните материјали како докази.........84
4.6. Застареност ................................................85

**5. Заклучоци и препораки** .............................88

## ЛИСТА НА АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| **ОЈО ГОКК** | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| **Државен ЈО** | Државен јавен обвинител |
| **ДПА** | Демократска партија на Албанците |
| **ДУИ** | Демократска унија за интеграција |
| **ИЗ** | Изборен Законик |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЕКЧП** | Европска конвенција за човекови права |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човекови права |
| **ЗКП** | Закон за кривичната постапка |
| **ОИК** | Општинска изборна комисија |
| **ЈО** | Јавно обвинителство |
| **СДСМ** | Политичка партија „Социјалдемократски сојуз на Македонија“ |
| **ДИК** | Државна изборна комисија |
| **ПИМ** | Посебни истражни мерки |
| **СЈО** | Специјално јавно обвинителство |
| **ВМРО-ДПМНЕ** | Политичка партија „Внатрешна македонска револуционерна организација - Демократска партија за македонско национално единство“ |
| **УБК** | Управа за безбедност и контраразузнавање |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Овој извештај произлегува од забелешките на Мисијата на ОБСЕ во Скопје добиени од мониторингот на судења на предмети во надлежност на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и што произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (во понатамошниот текст: Специјално јавно обвинителство или СЈО).

СЈО беше основано од страна на Парламентот во септември 2015 година во согласност со договорот склучен со посредство на Европската Унија, а со цел да се надмине политичката криза што произлезе по скандалот со прислушувањето од 2015 година. Скандалот беше предизвикан со објавување на серии незаконски пресретнати разговори, вклучително и разговори помеѓу високи државни функционери, со што на крајот се разоткри наводно владино мешање во судството, контрола врз одреден број медиуми и мешање во изборите. Во рамки на правосудниот систем на земјата СЈО беше основано како посебно јавно обвинителство со ограничено времетраење од пет години (со можност за продолжување на мандатот). Понатака, СЈО беше ограничена со краток рок за поднесување обвиненија којшто истече на 30 Јуни 2017.

Овој преоден извештај првенствено се фокусира на 20 предмети во кои СЈО поднело обвиненија пред истекот на гореспоменатиот законски пропишан рок. Истиот содржи фактички преглед на кривичните дела во тие предмети и ги анализира релевантните случувања до потврдувањето на обвиненијата и самото нивно потврдување, при што особено се концентрира врз мерките на претпазливост и контроверзијата во врска со прифатливоста на незаконски следените комуникации како докази. Покрај тоа, овој извештај содржи информации што се однесуваат на четири случаи по кои Јавното обвинителство (ЈО) постапуваше во почетокот, а кои потоа преминаа во надлежност на СЈО, како и преглед на јавно достапни информации поврзани со тековни истраги на СЈО. Иако СЈО се грижи да обезбеди транспарентност кај јавноста, сепак поголем напор може да се направи во поглед на укажувањето на причините за воспоставување надлежност врз предметите по кои постапува Јавното обвинителство, а во кои предметните кривични дела ниту произлегуваат од содржината на прислушувањето ниту (ако строго се толкува) се однесуваат на него.

За помалку од две и пол години од формирањето на СЈО, а и покрај значителното мешање од други институции, СЈО успеа да поднесе 20 обвиненија во рамки на многу краток законски рок. Сите обвиненија беа

потврдени (едно беше делумно потврдено) и во овој момент судењето за предметите е во тек. Постапката за потврдување на обвинението во многу предмети одзеде многу време (пет-шест месеци).

Во поглед на примената на мерките на претпазливост во извештајот е утврдено дека со случаите на СЈО се разоткри мана во рамката на ЗКП со која се уредува извршноста на мерката притвор пред судењето додека трае жалбената постапка. Со тоа што експлицитно не се бара итно извршување на мерката притвор, законот остава можност осомничените да побегнат, да уништат докази или да го повторат кривичното дело во жалбениот период. Освен тоа, судот е бојазлив и внимава мерката притвор пред судењето да се одобрува само како последно средство во случаите на СЈО при што се јавува впечаток дека можеби различни стандарди се применуваат во случаите по кои не постапува СЈО каде мерката притвор се изрекува прилично често.

Во извештајот исто така се дискутира за прифатливоста на незаконски следените комуникации во кривичната постапка, односно за тоа дали незаконски пресретнатите комуникации можат да се користат како докази, и/или да се прифатат на судењето, или дали со истите може да се формира основа за законска осуда. Извештајот дава објаснување за одлуката на судот да ги прифати незаконски следените комуникации како доказ во фазата на прифаќање на обвинението во сите случаи. Додека се пишуваше овој извештај повеќето судења за случаите на СЈО сè уште се одвиваа, при што прифатливоста на прислушуваните материјали како докази во судските постапки, за разлика од потврдувањето на обвиненијата, претставува едно од главните прашања кое најверојатно ќе има влијание врз исходот на случаите на СЈО.

И покрај успехот што СЈО го има постигнато досега, тековните ограничувања во правната и институционална рамка го ставаат под ризик процесот на утврдување одговорност за сериозните кривични дела разоткриени со прислушувањето. Без оглед на изборот на законодавецот во врска со континуитетот и институционалната колокација на СЈО, се препорачува сите случаи да се завршат со цел да се осигура дека сторителите на кривични дела откриени со прислушувањето ќе сносат целосна одговорност. Па, поради тоа, ефикасното и правично судско решавање на случаите на СЈО ќе послужи како механизам за враќање на довербата во кривично правниот систем во земјата.

# 1. Вовед

## 1.1. Општи информации: политичката криза од 2015 година и основање на СЈО

Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (во понатамошниот текст: Специјално јавно обвинителство или СЈО) е основано од Собранието во септември 2015 година, во согласност со договорот склучен со посредство на Европската Унија, а со цел да се надмине политичката криза која произлезе по скандалот со прислушувањето од 2015 година.[1] На 9 февруари 2015 година, Зоран Заев (Заев), лидер на тогашната опозициска партија СДСМ, ги објави првите од серијата незаконски следени телефонски разговори кои содржеа дискусии помеѓу високи владини функционери и функционери од партијата на власт, откривајќи наводно владино мешање во судството, контрола врз издавачката политика на поголем број медиуми и мешање во изборите. Со објавените снимки се разоткри незаконското следење на комуникациите на илјадници граѓани, вклучително на владини министри, државни службеници, судии и новинари.[2] Со прислушувањето се разоткри голема операција на следење комуникации што предизвика сериозна правна и етичка загриженост за нејзиното влијание врз владеењето на правото и човековите права во земјата. До 3 мај 2015 година Заев и СДСМ одржаа 28 прес-конференции, а во текот на некои во јавноста беа објавувани снимки во форма на тонски записи и транскрипти. Објавените разговори станаа популарно познати како „бомби“.

СДСМ тврдеше дека следењето на комуникациите се вршело по наредба на Никола Груевски (Груевски), тогашен премиер и лидер на владејачката партија, ВМРО-ДПМНЕ, и на неговиот братучед и директор на Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК)[3], Сашо Мијалков (Мијалков). Според Заев, цел на овој масивен владин план за следење биле повеќе од 20,000 луѓе.[4] Од ВМРО ДПМНЕ не го оспорија постоењето на снимките, но негираа дека имале каква било врска со нив, тврдејќи дека следењето на



---

1 Види изјава на комесарот Јоханес Хан: https://bit.ly/2JLl9Ng.

2 Види „Премиерот на Македонија обвинет за прислушување од големи размери”, Синиша Јаков Марушиќ, http://www.balkaninsight.com/en/article/eavesdropping-bombshell-explodes-in-macedonia.

3 Управа за безбедност и контраразузнавање во надлежност на Министерството за внатрешни работи (МВР).

4 Види: Извештај на Амнести интернешнл: „Поранешна југословенска Република Македонија: поднесок до Комитетот за човекови права“ Amnesty International, стр.15.

комуникациите е извршено од страна на странски разузнавачки служби, и дека снимките биле селективно изменети, „креирани, монтирани, сечени, лепени или прелепувани“[5]. Објавувањето на разговорите доведе до голема политичка криза.

Почнувајќи од 5 мај 2015 година, илјадници граѓани и активисти протестираа низ земјата барајќи оставка од Груевски и неговиот кабинет. На 12 мај оставки од своите функции поднесоа директорот на УБК Сашо Мијалков, министерката за внатрешни работи Гордана Јанкулоска (Јанкулоска) и министерот за транспорт и врски Миле Јанакиески (Јанакиески), додека, пак, премиерот Груевски не се повлече од неговата позиција.

Европската Унија (ЕУ) и Соединетите Американски Држави посредуваа за изнаоѓање решение за кризата. Во периодот помеѓу 2 јуни и 15 јули 2015 година, започнаа преговорите помеѓу четирите најголеми политички партии во земјата, со посредство на меѓународната заедница. Во преговорите беа вклучени: конзервативната владејачка партија, ВМРО ДПМНЕ, предводена од Груевски; главната опозициска партија, СДСМ, предводена од Заев; и две етничко-албански партии, Демократската унија за интеграција (ДУИ), предводена од Али Ахмети (Ахмети) и Демократската партија на Албанците (ДПА), предводена од Мендух Тачи. Преговорите резултираа во „ договорот од Пржино.“[6] Договорот предвидуваше предвремена оставка на премиерот Груевски и составување техничка влада задолжена за подготовка на земјата за предвремени избори во 2016 година, како и назначување специјален обвинител кој ќе ги истражи прашањата кои се поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.



Создавањето ад-хок обвинителска служба која би имала за задача да го истражи скандалот со прислушувањето овозможи да се разгледаат две главни прашања. Прво, верувањето дека поради политичкото мешање во работата на судството кое беше разоткриено со пресретнатите разговори, редовниот обвинителски систем на земјата нема волја да отвора истраги за

[5] *Види*: „СДСМ не бира средства и продолжува да одработува за други интереси“ достапно на: https://vmro-dpmne.org.mk/node/3336; “Интегрален текст од обраќањето на г-дин. Никола Груевски (02.05.2015)” достапно на https://vmro-dpmne.org.mk/node/3460.

[6] *Види* го веб сајтот на Комисијата на ЕУ , “Постигнат е договор во Скопје за да се надмине политичката криза,” https://bit.ly/2MaBwAt. За текстот од договорот од Пржино види: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/news_corner/news/news-files/20150619_agreement.pdf.

високи државни функционери.[7] Второ, очигледно селективниот пристап на Јавното обвинителство, кое имаше поднесено обвиненија само во врска со „ делата кои се однесуваат на создавање, добивање, откривање и објавување на пресретнати комуникации, но не и во врска со многуте потенцијално кривични или незаконски дела разоткриени од содржината на самите пресретнати разговори."[8]

На 30 декември 2015 година, Заев до СЈО достави хард диск со 540,646 аудио фајлови од незаконски пресретнатите комуникации и шест кутии со транскрипти.[9]

## 1.2. Политички случувања по склучувањето на договорот од Пржино

По речиси десет години служба, Груевски поднесе оставка од функцијата во јануари 2016 година, а тоа доведе до формирање техничка влада која овозможи во земјата да се одржат предвремени избори на 11 декември 2016 година.[10] Партнерите во претходната владејачка коалиција, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, не успеаја да постигнат договор за формирање влада.[11] Откако овие преговори пропаднаа во јануари 2017 година, СДСМ на Заев успеа да постигне договор со ДУИ и уште една друга етничко-албанска политичка партија за составување влада. Сепак, политичката криза дополнително ескалираше поради блокадата во законодавниот дом од страна на ВМРО-ДПМНЕ и поради одбивањето на претседателот на државата Ѓорге Иванов да му го даде мандатот на Заев за формирање влада. Секојдневните протести организирани за поддршка на ВМРО-ДПМНЕ станаа насилни на 27 април 2017 година, при што демонстрантите насилно влегоа во Собранието и нападнаа одреден број пратеници по чинот на мнозинството да избере претседател на парламент наспроти несогласувањето од страна



7 *Види* Независна група од високи експерти, „Поранешна Југословенска Република Македонија: препораки на групата од високи експерти за системските прашања за владеењето на правото поврзани со следењето на комуникациите откриено во пролетта 2015 година", 8 јуни 2015 година (во понатамошниот текст "Извештај на Прибе, 2015 година"), стр. 9, „забележувајќи дека "групата била известена од страна на повеќе извори дека постои атмосфера на притисок и несигурност во рамки на судството. Тоа е потврдено со откритијата до кои е дојдено преку протечените снимени разговори. Многу судии веруваат дека унапредувањето во рамките на судските рангови е резервирано за оние чии одлуки одат во прилог на политичкиот естаблишмент".

8 *Id.*, стр. 11.

9 *Види* Прв извештај на СЈО, стр. 8. За начинот на кој Заев ги доби во своја сопственост тие материјали, *види* го случајот *Таргет* подолу. Случаите содржани во овој извештај се наведени согласно нивните кодни имиња.

10 Изборите кои првично беа закажани за 26 април се одложија два пати, првиот пат на 5 јуни, а потоа на 10 декември.

11 *Види* "Македонскиот скандал со прислушување кој бутна влада," Тена Прелец, http://www.computerweekly.com/feature/The-Macedonian-surveillance-scandal-that-brought-down-a-government.

на ВМРО-ДПМНЕ.[12] Во деновите кои следеа ВМРО-ДПМНЕ попушти, новиот собраниски претседател отпочна со вршење на својата функција, а претседателот Иванов му додели мандат на Заев да состави влада. На 1 јуни 2017 година, владата предводена од СДСМ отпочна со работа.

## 1.3. Обем и структура на овој извештај

Овој извештај произлегува од белешките добиени при следењето на судските постапки во предметите во надлежност на СЈО спроведен од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а во рамки на контекстот на проектот „Набљудување на активностите и правните случаи во надлежност на обвинителството задолжено за гонење на предметите поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското пресретнување на комуникациите“ (во понатамошниот текст, „Проектот“). Проектот е финансиран преку дополнителни буџетски придонеси доделени на Мисијата од страна на Кралството Холандија и Бирото за меѓународна борба против наркотици и спроведување на законите на Соединетите Американски Држави (ИНЛ). Ова е преоден извештај кој ја покрива првата фаза од активностите на СЈО. Овој извештај првенствено се фокусира на предметите во кои СЈО поднело обвиненија до законски пропишаниот рок на 30 јуни 2017 година.[13] Во поглед на овие случаи, извештајот ги анализира релевантните случувања до потврдувањето на обвиненијата, а вклучително и во самиот момент на нивно потврдување. Имајќи предвид дека во моментот на пишување на овој извештај повеќето судења за овие предмети сè уште се во тек, анализата презентирана во овој документ е претежно од фактичка природа со цел да се зачува принципот на немешање кој е карактеристичен за активностите на набљудување судења од страна на ОБСЕ.[14] Следствено на тоа, случувањата по потврдувањето на обвиненијата, вклучувајќи го и набљудувањето на судењата, не се дел од оваа публикација и истите ќе претставуваат предмет на други дополнителни извештаи од мониторинзи на судски постапки кои ќе бидат објавени откако во предметите ќе се изречат пресуди.

Понатаму, овој извештај вклучува информации поврзани со предмети кои СЈО ги презеде од Јавното обвинителство (во понатамошниот текст: ЈО) почнувајќи од 30 јуни 2018 година. Анализата во тие предмети се фокусира



12 *Види* “Насилство избувна кога демонстранти упаднаа во македонскиот Парламент,” Синиша Јаков Марушиќ, http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonia-elects-parliament-speaker-amid-ongoing-tension-04-27-2017-1.

13 За дополнителни информации за законскиот рок од 30 јуни види дел 2.3, подолу.

14 *Види* ОБСЕ-ОДИХР, „Набљудување на судења: Референтен прирачник за практичари”, 2012 година, стр.18.

на одлуката на СЈО да воспостави надлежност. Покрај тоа, овој извештај вклучува преглед на јавно достапни информации поврзани со тековните истраги на СЈО.

Овој извештај е структуриран во 5 поглавја: Поглавје I - вовед; Поглавје II - содржи краток преглед на кривично правниот систем во земјата, законот за кривична постапка, и дискусија за правната и оперативна рамка во која СЈО функционира; Поглавје III – содржи фактички преглед на предметите во надлежност на СЈО и поврзаните случувања кои спаѓаат во опсегот на овој извештај; Поглавје IV – содржи анализа на релевантните правни прашања кои произлегуваат од забелешките добиени преку набљудувањето на судските постапки, особено на судската пракса за мерките на претпазливост во случаите во надлежност на СЈО и контроверзиите околу допуштеноста на прислушуваните материјали како докази; и Поглавје V – ги дава преодните заклучоци и препораки.

# 2. Правна и оперативна рамка

## 2.1. Кривичноправниот систем и Законот за кривична постапка

Согласно член 98 од Уставот, судовите се организирани во еден единствен систем. Законот за судови[15] вклучува 27 пониски судови (основни судови)[16] познати како судови од прв степен, четири апелациони судови[17] и еден Врховен суд лоциран во Скопје. Согласно Законот за ЈО,[18] надлежноста на ЈО е организирана во согласност со структурата на судовите. Како такви, постојат 22 основни јавни обвинителства надлежни да превземаат дејства пред еден или повеќе основни судови, а четири виши јавни обвинителства имаат надлежност да превземаат дејства пред апелационите судови, додека едно државно јавно обвинителство, предводено од јавен обвинител (во понатамошниот текст „ЈО"), има надлежност да превзема дејства пред Врховниот суд.

Нормативната рамка која се применува во кривичните постапки беше значително изменета по влегувањето во сила на новиот Закон за кривична постапка (ЗКП) во 2013 година.[19] Како и многу други судски системи во Западен Балкан, земјата го напушти инквизиторниот модел, во кој истрагата ја водеше истражен судија и прифати хибриден систем со елементи инспирирани од контрадикторната англо-американска традиција. Во согласност со новиот ЗКП, јавниот обвинител (ЈО) е сега надлежен за истрагата и за собирањето на докази (вклучувајќи и ослободителни докази),[20] додека одбраната може исто така да спроведува сопствени истраги и донесува докази пред судечкиот судија или судечките судии. Една голема иновација донесена со реформата се однесува на односот помеѓу обвинителите и полицијата. Во согласност со ЗКП, член 291, ЈО „ја има судската полиција на свое располагање. " За таа цел законот бара создавање „истражни центри" во рамки на ЈО, при што полицискиот персонал функционално зависи од ЈО.[21] Сепак, овој дел од реформата сè уште треба да се реализира, а јавните обвинителства сè уште зависат само од полициските службеници кои припаѓаат на организациските единици на Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција и Царинската управа. Специјалното јавно обвинителство претставува единствен исклучок од ваквата пракса бидејќи тоа е единственото обвинителство во земјата во кое функционира истражен центар.

[15] Закон за судови, чл. 22-37, Службен весник 58/2006, 62/2006, 35/2008, 150/2010 и 83/2018.

[16] Основан во рамки на Основен суд Скопје, претставува одделение специјализирано за борба против криминал и корупција во целата земја.

[17] Четирите апелациони судови се лоцирани во градовите Скопје, Гостивар, Штип и Битола.

[18] Закон за јавното обвинителство, членови 11-28, Службен весник бр. 150/2007 и 111/2008.

[19] Закон за кривична постапка, Службен весник бр. 150/2010, 100/2012 и 142/2016.

[20] Член. 291(4) од ЗКП.

[21] Член. 41(1)(2), 48(1)(2), и 51 од ЗКП.

Процесот на кривична постапка се состои од четири фази: (i) претходна постапка, (ii) фаза на обвинение, (iii) судење (прва инстанца), (iv) правни лекови (вклучително редовни и вонредни правни лекови).Фазата на претходната постапка се состои од две под-фази: предистражна постапка и истражна постапка. Предистражната постапка претставува прелиминарен период во текот на кој јавниот обвинител прима *notitia criminis* и донесува одлука за тоа дали да отпочне „формална" истрага или не.[22] Не постојат значителни разлики помеѓу двете фази во поглед на истражните можности на обвинителот или полицијата. Сепак, тоа што е најзначајно е фактот што предистрагата се врши тајно и нема претходно одредено времетраење (т.е. ЗКП не предвидува рокови за комплетирање на предистражната фаза). Истрагата започнува кога обвинителот издава „наредба за вршење истрага",[23] а завршува или со одлука да се поднесе обвинение или со одлука да се заврши со истрагата.[24] За разлика од предистрагата, истрагата мора да се комплетира во рок од шест месеци од издавањето на гореспоменатата наредба. Овој рок може да се продолжи до девет месеци (12 месеци за истраги што се однесуваат на организиран криминал).[25]

Судија на претходна постапка ја гарантира заштитата на правата на обвинетиот во текот на истражната фаза,[26] интервенирајќи само по барање на ЈО поради специфични цели предвидени со закон, како што се примената на мерки со кои се ограничува личната слобода, налози за претрес или следење на комуникациите. Доколку на крајот од истрагата ЈО верува дека „постојат доволно докази со кои може да се дојде до осудителна пресуда",[27] тогаш тој го поднесува обвинението до судија или совет од судии (во понатамошниот текст: „Судија/совет од судии за оцена на обвинението") задолжени за истото да го оценат.[28] Со одобрување или отфрлање на обвинението, судијата или



[22] Во согласност со ЗКП, член 288, предистрагата завршува со одлука за отфрлање на кривичната пријава ако „од самата кривична пријава може да се заклучи дека пријавеното кривично дело не претставува кривично дело кое се гони по службена должност или доколку принципот на застареност е применлив или ако кривичното дело е предмет на амнестија или помилување, или во случај на постоење други околности кои исклучуваат какво било кривично гонење или ако не постојат основи за сомневање дека пријавеното лице го има извршено кривичното дело." Од друга страна, доколку предистрагата покаже дека постои основано сомневање е дека одредено лице извршило кривично дело кое се гони по службена должност или по предлог, тогаш јавниот обвинител ќе издаде наредба за поведување истражна постапка во согласност со чл. 291-292 од ЗКП.

[23] Член 292 од ЗКП.

[24] Согласно член 301 од ЗКП, „јавниот обвинител ќе ја прекине истражната постапка кога тој ќе оцени дека случајот е доволно разјаснет за да се поднесе обвинение или за да се прекине истражната постапка"

[25] Член 301(2)(3) од ЗКП.

[26] Член 294 од ЗКП.

[27] Член 319(1) од ЗКП.

[28] Согласно член 320 од ЗКП, судија поединец го разгледува обвинението кога за кривичното дело кое се става на товар на обвинетиот предвидена е казна затвор до десет години, а совет од тројца судии го разгледува обвинението кога за кривичното дело е предвидена казна затвор од над десет години.

советот од судии за оцена на обвинението одлучува дали на лицето треба да му се суди, а доколку се одобри негово судење тогаш истото ќе се изврши пред различен судија или совет од судии. Фазата на судење од оваа постапка ги следи правилата на моделот на контрадикторност во поглед на допуштеноста на доказите и испитувањето на сведоци.

## 2.2. Основање на СЈО: правна основа, надлежност и одговорности

СЈО е основано во согласност со „Законот за јавно обвинителство за гонење на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите“ (во понатамошниот текст: „Закон за СЈО“), усвоен од страна на Собранието на 15 септември 2015 година, а со кој се регулираат „овластувањата, основањето, распуштањето, организирањето и функционирањето“ на СЈО.[29] Во текот на истата собраниска седница на која Законот за СЈО беше усвоен, Собранието ја избра Катица Јанева (Јанева) како Специјален јавен обвинител (СЈО), а Јанева дотогаш ја вршеше функцијата обвинител во Гевгелија, град на југоистокот на земјата. Во согласност со Законот за СЈО, член 3(1), Собранието го номинира СЈО со квалификувано двотретинско мнозинство и „ по претходна согласност дадена од страна на четирите најголеми политички партии“, а Советот на јавни обвинители го именува.[30] Иако дејствува пред истите судови, СЈО претставува посебно обвинителство во рамки на правосудниот систем во земјата, независно и автономно од ЈО. За разлика од Јавното обвинителство чии надлежности се организирани во согласност со хиерархијата на судовите, СЈО е основано за „целата територија“ на државата, при што седиштето му е во град Скопје, а надлежно е да превзема дејствија пред сите судови во државата.[31]

Надлежностите на СЈО се ограничени на „кривични дела поврзани со и кои произлегуваат од содржината на незаконски следените комуникации“ од периодот помеѓу 2008 и 2015 година.[32] Тоа што може особено да се забележи е фактот што законот не специфицира кои кривични дела спаѓаат во рамки на надлежноста на СЈО, но му дава слобода на СЈО слободно да одлучи како да ги квалификува наводните кривични дела што резултираат од незаконски



29 Службен весник бр.159/2015.

30 Ова квалификувано парламентарно мнозинство мора, исто така, да вклучи мнозинско гласање на пратениците кои припаѓаат на малцинските заедници на земјата.

31 Закон за СЈО, член 5(2)(3). Освен тоа, согласно член 9(6) од Законот за СЈО, СЈО може во своите рамки да основа специјализирани одделенија, вклучувајќи такви одделенија со обвинители кои ќе застапуваат предмети пред апелационите судови и пред Врховниот суд.

32 Закон за СЈО, членови 5(1) и 2(1).

следените комуникации.[33] Надлежноста на СЈО е ексклузивна и на истата ѝ се дава поголем приоритет за разлика од таа на ЈО. Во согласност со Законот за СЈО, член 6(5), државниот јавен обвинител и кој било друг јавен обвинител „не смеат да преземаат истражни дејствија или кривично гонење во случаи во рамки на мандатот на СЈО без негова писмена согласност." Покрај тоа, СЈО може да преземе случаи од Јавното обвинителство во која било фаза од постапките кога ќе утврди дека тие се во рамките на неговата надлежност.[34] По барање на СЈО, ЈО е должно даги предаде списите од своите тековни предмети на СЈО во рок од осум дена. СЈО потоа има осум дена да одлучи дали ќе го преземе случајот.[35] Законот за СЈО не вклучува никаква форма на судски надзор врз одлуката на СЈО да воспостави надлежност.

Принципот на автономија на СЈО е јасно објаснет во Законот за СЈО. Член 6 гласи дека СЈО има потполна автономија во истражувањето и гонењето на кривични дела што спаѓаат во негова надлежност, без притоа да прима било какви насоки од други обвинителства, вклучително и тоа на државниот јавен обвинител. Член 6 гласи дека не може друг јавен обвинител да „влијае врз работата на СЈО, ниту пак може да бара извештаи во врска со предмети по кои тоа постапува". Покрај тоа, СЈО „не се повикува и не присуствува на средби на државното јавно обвинителство, ниту пак какво било друго прашање што е во негова надлежност не може да стане предмет на ревизија".[36] Поради тоа, СЈО отпаѓа од хиерархиската структура на јавното обвинителство.

Но, сепак СЈО одговара пред Собранието и Советот на јавни обвинители. Во поглед на гореспоменатиот совет, отчетноста на СЈО се однесува на напредокот во однос на своите работни активности, а тоа е обезбедено преку поднесување периодични извештаи (на секои шест месеци) за своите активности, „вклучувајќи и опис на сите преземени истраги или гонења."[37] Оваа форма на отчетност не бара каква било форма на ревизија или одобрување на извештаите на СЈО од страна на Собранието. Позицијата на СЈО кон Советот на јавни обвинители не е различна од таа на јавните обвинителства од причина што СЈО сноси одговорност за „квалитетот на



33 *Види* „Основање на посебни правосудни механизми: Случајот со специјалниот јавен обвинител во Македонија," став 3, 2016 година, Ермира Мехмети и Беким Кадриу, http://www.academia.edu/24934934/The_Establishment_of_Special_Judicial_Mechanisms_the_Case_of_Macedonias_Special_Public_Prosecutor.

34 Закон за СЈО, член.11(1).

35 Закон за СЈО, член. 11(2)(3).

36 Закон за СЈО, член. 6(2)(3).

37 До моментот на пишување на овој документ СЈО имаше објавено пет извештаи согласно член 7(2) од Законот за СЈО: прв извештај на СЈО, 15 септември 2015 година – 15 март 2016 година; втор извештај на СЈО, 15 март – 15 септември 2016 година; трет извештај на СЈО, 15 септември 2016 година – 15 март 017 година, четврт извештај на СЈО, 15 март -15 септември 2017 година и петтиот извештај на СЈО за периодот 15 септември 2017 година-15 март 2018 година.

законитоста" на својата работа.[38] Во согласност со Законот за СЈО, член 18, Советот може да иницира постапка за разрешување на специјалниот јавен обвинител од функцијата, и тоа пред истекувањето на мандатот поради „незаконско, непрофесионално или несовесно вршење на својата функција. "Советот на јавни обвинители доставува извештај до Собранието со кој се прецизираат фактичките основи за бараното разрешување од функција.[39] Врз основа на овој извештај, Собранието може да овласти разрешување од функција со двотретинско мнозинско гласање (вклучително мнозинско гласање на пратениците што припаѓаат на малцинските заедници во земјата). Покрај тоа, во согласност со Законот за СЈО, член 17, Собранието може да го одземе мандатот на специјалниот јавен обвинител врз основа на следните причини:(i) експлицитно барање поднесено од страна на главниот специјален обвинител; (ii) трајна загуба на способностите за вршење на функцијата специјален обвинител; и (iii) правосилна судска одлука со која специјалниот јавен обвинител се осудува. Согласно член 17 (2) од Законот за СЈО, одлуката на Собранието треба да биде поддржана од страна на истото квалификувано мнозинство, а Советот на јавни обвинители треба да ја „потврди".



Покрај тоа, со член 8 од Законот за СЈО се наложува должност јавноста редовно да се информира за работните активности на СЈО за време на истрагата и гонењето. СЈО ја исполнува оваа обврска со одржување прес-конференции преку кои јавноста се информира за спроведувањето на истраги и поднесувањето на обвиненија.

## 2.3. Мандат и рокови за поднесување обвиненија: Прашање за континуитет

СЈО е основано како привремена институција. Законот за СЈО „ќе важи 5 години од неговото усвојување од страна на Собранието, а истиот може да се продолжи еднаш годишно со двотретинско мнозинско изгласување ".[40] Согласно Законот за СЈО, член 3(1), специјалниот јавен обвинител има мандат пократок за една година (четири години) од времетраењето на законот што го утврдува самиот мандат. Следствено на тоа, Законот за СЈО ќе престане да важи на 15 септември 2020 година, а од друга страна мандатот на Катица Јанева ќе истече на 15 септември, 2019 година. Сепак, Законот за СЈО

[38] Закон за СЈО, член 7 (3). Согласно Законот за Советот на јавни обвинители, член 9, Советот за јавни обвинители има надлежност да назначува и разрешува јавни обвинители како и да усвојува дисциплински мерки против нив.

[39] Согласно Законот за СЈО, член 18, извештајот треба да стане достапен за јавноста преку собраниските комисии, освен доколку со таквото објавување би се повределе правата на поединци споменати во самиот извештај или пак би се загрозиле тековните кривични постапки.

[40] Закон за СЈО, член 1(3).

предвидува специјалниот јавен обвинител[41] да има „право на реизбор", а тоа право се очекува да се реализира со примената на истата постапка како при нејзиниот прв избор. Тешко е да се предвиди како оваа недоследност помеѓу времетраењето на Законот за СЈО и времетраењето на мандатот на Јанева ќе се усогласи во пракса. Покрај тоа, член 20 од Законот за СЈО предвидува дека „функционирањето [на СЈО] ќе заврши по комплетирањето на сите истраги и гонења што се во рамки на неговиот мандат."[42]

Покрај привремениот мандат, Законот за СЈО содржи друго временско ограничување што е стриктно процедурално, односно претставува специфичен рок за поднесување обвиненија. Во согласност со член 22 од Законот за СЈО, СЈО може да поднесе обвиненија „во рок од 18 месеци од денот кога презел предмети [од ЈО] и материјали и почнал да постапува како надлежен орган". Законот не укажува за тоа дали овој рок тече истовремено или одделно. Односно, доколку еден случај е преземен во подоцнежна фаза од датумот кога односните материјали биле пресретнати, тогаш не е јасно дали 18-месечниот рок треба да тече од датумот на преземање на материјалите или пак од датумот на преземање на случајот.

Како што е споменато погоре, на 30 декември 2015 година Заев достави до СЈО аудио-фајлови од прислушуваните разговори (аудио фајловите содржеа повеќе од 20.000 незаконски следени комуникации).[43] Следствено на тоа, рокот за поднесување на сите обвиненија што произлегуваат од тие незаконски следени комуникации истече на 30 јуни 2017 година.

Постоењето на овој рок го става СЈО во значително поразлична ситуација од таа на ЈО. За СЈО во овие 18 месеци исто така влегува предистражната фаза од постапката, а од друга страна ЈО располага со неограничено време за комплетирање на предистражната постапка, имајќи го предвид ЗКП, во кој се предвидува дека рокот за поднесување обвиненија почнува да тече само откако ќе се издаде формална наредба за спроведување истрага.[44] Јанева постојано го критикуваше ваквиот диспаритет, укажувајќи дека рокот е прекраток, имајќи го предвид обемот на материјалот што СЈО треба да го процесира.[45] Во неколку наврати Јанева се залагаше за измената и дополнувањето на член 22 да одговара на одредбите на ЗКП.

Иако член 22 го спречува СЈО да поднесува нови обвиненија по истекот на законскиот рок, истиот не го спречува да спроведува истраги. Во петтиот

41 Закон за СЈО, член 3(1).
42 Закон за СЈО, член 20.
43 *Види* ф. 9, погоре.
44 *Види* ¶ 2.1 во овој извештај.
45 *Види* трет извештај на СЈО, стр.4.

извештај на СЈО, објавен по истекот на 18 месечниот рок за подигање обвиненија, Јанева изјави дека СЈО ќе продолжи да истражува. Понатаму во извештајот се опишува дека до 15 март 2018 година, 182 предистражни постапки биле во активна фаза, а 85% од применените незаконски следени материјали биле процесирани. Во овој момент СЈО спроведува најмалку 12 истраги.

Ниту законот, ниту пак СЈО имаат разјаснето што би се случило со неговите завршени истраги по истекот на законскиот рок, на пример, дали СЈО би можел да ги предаде тие предмети на ЈО за тие да поднесат соодветни обвиненија или не. Ова создава ситуација на правна неизвесност во врска со тековните истраги на СЈО што би можело да го попречи процесот на утврдување одговорност за кривичните дела откриени преку скандалот со прислушувањето. Додека владината Нацрт стратегија за реформа на правосудниот сектор (2017-2021) се занимава со прашањата за долгорочниот континуитет на СЈО со тоа што предвидува истото да се трансформира во специјализирана служба во рамките на ЈО, постои итна потреба да се адресира судбината на тековните истражни постапки на начин на кој нема да се наруши процесот на утврдување одговорност.



## 2.4. Оперативна структура на СЈО

На 15 септември 2015 година, Собранието назначи специјална јавна обвинителка и го усвои Законот за СЈО. Но, сепак, до почетокот на ноември Советот на јавни обвинители сè уште го немаше назначено целиот тим од 12 обвинители.[46] СЈО претставува единствено јавно обвинителство во земјата со истражен центар како што е предвидено со ЗКП, односно со 23 полициски службеници на располагање на СЈО (3 од Финансиска полиција)[47] кои се сместени во просториите на СЈО.[48] Во согласност со член 9(9) од Законот за СЈО, сите органи задолжени за спроведување на законот, како и ЈО, обезбедуваат помош на СЈО по негово барање согласно ЗКП. Во согласност со член 81(1) од ЗКП, судовите, ЈО и полицијата можат да побараат помош од колеги од други служби, како и јавни управи или субјекти, институции со јавни овластувања и тела на локалната самоуправа. Институциите се задолжени веднаш да одговорат на барањата за помош.[49] Покрај обвинители и истражители, СЈО при своето функционирање се потпира и на одреден број надворешни експерти и правни советници.[50]

---

46 *Види* прв извештај на СЈО, стр. 2.

47 *Id.*

48 *Види* четврт извештај на СЈО, стр.6.

49 Согласно член 81 (2) од ЗКП, органите на државната управа и другите државни органи можат да го одбијат барањето да пружат помош, ако на тој начин се повредува обврската за чување класифицирани информации, сè додека надлежниот орган не ја укине таквата обврска.

50 *Види* втор извештај на СЈО, стр.6.

# 3. Случаи на СЈО

## 3.1. Вовед

Во текот на законскиот рок за поднесување обвиненија,[51] утврден со Законот за СЈО, СЈО активно водеше вкупно 21 истрага, а за тие истраги јавноста беше информирана на 13 прес-конференции одржани во периодот помеѓу 12 февруари 2016 година и 22 мај 2017 година.[52] Овие истраги беа или отпочнати од страна на СЈО или преземени од ЈО во согласност со член 11 од Законот за СЈО (на пример: случаите *Центар, Транспортер* и *Титаник*). Тие истраги резултираа во 20 обвиненија поднесени од страна на СЈО во рамки на законски утврдениот рок. Првите две обвиненија во предметите *Тврдина 2* и *Центар* беа поднесени до судот на 14 септември 2016 година. На 5 април 2017 година, СЈО го поднесе своето трето обвинение во случајот *Транспортер*. Останатите 17 обвиненија беа поднесени помеѓу 29 и 30 јуни 2017 година. До крајот на јануари 2018 година сите 20 обвиненија на СЈО беа потврдени, а само едно *делумно*.[53]

Ова поглавје дава фактички преглед на кривичните дела во предметите врз основа на резимињата на обвиненија, кои во редактирана форма и се објавени на сајтот на СЈО на крајот на септември 2017 година. Покрај тоа, ова поглавје исто така ќе ги нагласи релевантните процесни случувања кои биле забележани преку следењето на тие случаи до потврдувањето на обвиненијата. Случаите во кои СЈО поднело обвиненија се поделени во извештајот врз основа на предметот на обвинението, а не врз основа на нивната хронологија. Следствено на тоа, тие се групирани во рамки на две категории: едните се однесуваат на причините и модалитетите на скандалот со прислушување, целејќи на наводни соучесници/автори на незаконските следења на комуникации, а другите *произлегуваат* од снимените прислушувани материјали и кривични дела кои беа откриени со помош на незаконски следените комуникации.



51 Член 22 од Законот за СЈО го спречува СЈО да може да поднесува обвиненија откако ќе изминат 18 месеци „од преземањето на случаи [од ЈО] или од предавањето на материјали во негова надлежност". На 30 декември 2015 година, Заев ги предаде снимките на СЈО. Поради тоа, СЈО мораше да ги поднесе сите обвиненија кои произлегуваат од следените комуникации до 30 јуни 2017 година.

52 Согласно член 8 од Законот за СЈО, СЈО редовно известуваше за отворање на истраги на прес-конференции.

53 *Види* ја дискусијата поврзана со *Титаник 2* подолу.

Покрај поднесените обвиненија, СЈО побара надлежност врз четири случаи на ЈО кои веќе ја имаа достигнато фазата на судење, односно се работи за случаите познати како *Пуч*, *Сопот*, *Шпион*, и *Убиствата кај Смилковско езеро* (исто така познато како *Монструм).* За случајот *Пуч* ќе откриеме извесни детали поради неговата силна врска со скандалот со прислушувањето. А за случаите *Сопот*, *Шпион* и *Монструм* ќе се даде само краток преглед со тоа што фокусот ќе биде ставен на барањето на СЈО да воспостави надлежност.

Ова поглавје содржи краток опис на тековните истраги, вклучително и две од првите истраги коине беа завршени до законскиот рок,[54] како и други истраги кои беа објавени на подоцнежни прес-конференции одржани на 19 декември 2017 година[55] и 20 март 2018 година.[56]

## 3.2. Случаи во кои СЈО поднело обвиненија во врска со скандалот со прислушувањето

**Тврдина-Таргет – КОК бр.47/17 (Тврдина-Таргет)**



**Статус:**[57] Судење во тек

**Датум на објава на случајот:** 30 март 2016 година *(Тврдина)* и 18 ноември 2016 година (*Таргет*)

**Датум на поднесување обвинение:** 30 јуни 2017 година,

**Потврдување на обвинение:** 15 септември 2017 година

i. Основни информации

На 30 март 2016 година, СЈО ја објави истрагата наречена Тврдина која опфаќа уништување на опрема за прислушување наводно извршено од страна на четворица обвинети, меѓу кои и поранешната министерка за внатрешни работи Јанкулоска и поранешниот началник на Петтата управа во УБК, Горан Грујевски (Грујевски).На 18 ноември 2016 година, СЈО ја објави истрагата именувана Таргет, а со која се разоткри кој, како и со која цел го вршел незаконското следење на комуникациите. Обвинетите се вработени во УБК, меѓу кои и поранешниот директор на УБК, Сашо Мијалков (Мијалков).[58]

[54] На 23 март 2017 година, СЈО ја објави истрагата *Табла*, ана 23 мај 2017 година истрагата *Талир*.

[55] На 19 декември 2017 година, на прес-конференција СЈО ги објави истрагите: *Странски служби, Патарина, Рентген, Лидери, Тарифа 2 и Транспортер 2*.

[56] Објавени истраги на прес-конференцијата на 21 март 2018 година на: *Попис, Моќник и Актор*.

[57] Сите информации за статусот на предметите се ажурирани од 20 јули 2018 година.

[58] Сашо Мијалков, директор на УБК од 2006 година до 2015 година, е прв братучед на премиерот Никола Груевски.

ii. Преглед на обвинението

а. Факти за истрагата Тврдина (од февруари 2015 година до март 2016 година):

СЈО тврди дека во февруари 2015 година, по објавувањето на прислушуваните разговори, Груевски и Мијалков се обиделе да го сокријат фактот дека незаконското следење комуникации се одвивало во просториите на УБК. Мијалков му наредил на Груевски да ги уништи системите за следење Vernit и Nice Track во време кога Nice Track сè уште бил во употреба. Груевски, заедно со шефот на Одделот за координација во УБК, Тони Јакимовски (Јакимовски), ја активирал внатрешната процедура (преку воспоставување ад хок Комисија), а уништување на застарена и нефункционална опрема во отсуство на какви било законски основи. Процесот бил одобрен на највисоко владино ниво од поранешниот Министер за внатрешни работи Гордана Јанкулоска. Според обвинението, со уништувањето на опремата за следење била нанесена штета на државниот буџет во висина од 87.261.058,50 денари.

Уништувањето на системите Nice Track и Vermit било изведено во две фази.[59] Првата фаза од уништувањето на доказите се одвивала на 28 март 2015 година во отпадот за железо на правниот субјект БУ-БО Металика, каде системите за следење на комуникациите биле демонтирани и ставени во преси. Груевски, Јакимовски и Никола Бошковски, вработен во УБК, го организирале транспортот на материјалите до отпадот за железо со товарни возила во сопственост на МВР. Уништувањето било извршено од страна на неколку лица кои се споменуваат во обвинението во својство на сведоци (вклучувајќи двајца вработени на БУ-БО Металика и сите членови на горespоменатата комисија). Уништувањето било документирано со фотографски докази и видео снимки направени од страна на еден од членовите на комисијата.

Втората фаза на уништување докази се одвивала на 3 април 2015 година. Груевски наредил на одреден број избрани членови на комисијата да се осигурат дека системите за прислушување се целосно уништени. Уништувањето се одвивало во просториите на правниот субјект Еко Циркон, во Маџари (општина Гази Баба). Таму, двајца од вработените на таа компанија го ставиле згмечениот материјал во дробилка и истиот го издробиле. Оваа постапка на уништување доказен материјал била повторно документирана со фотографии и видео снимки направени од истиот член на комисијата. Откако ги уништиле системите за следење комуникации, комисијата поднела извештај на Мијалков и Јанкулоска, докажувајќи им дека

[59] Системот Nice Track бил исклучен на 27 март 2015 година. Системот Vernit бил исклучен во 2009 година.

задачата била завршена, а потоа Бошковски ги уништил фотографиите и видео снимките направени од операцијата.

Елена Циланова (Циланова), началник на Секторот за телекомуникации во МВР, е обвинета за кривичното дело помагање сторител после извршување на кривично дело, а во согласност со член 365 (2)(1) од Кривичниот законик. Видно од обвинението, Циланова на 28 јануари 2016 година му помогнала на Грујевски (нејзин директен претпоставен) да ги сокрие доказите од следените телефонски броеви. Поконкретно, таа ги отстранила податоците од трите LI IMS[60] сервери кои биле во сопственост на Т-Мобиле, ОНЕ и ВИП, при што самите податоци ги префрлила на мемориски стик. Под изговор дека УБК има потреба да архивира одредени податоци, Циланова побарала од лице вработено во Ериксон, задолжено за одржување на серверите, да ѝ покаже како да ги архивира податоците. Следствено на тоа, лицето ѝ покажало како да ги архивира податоците во трите сервери користејќи различни кориснички имиња.[61]

б. Факти за истрагата *Таргет* (од 2008 година до 31 декември 2015 година)



СЈО тврди дека поранешниот директор на УБК, Мијалков, формирал злосторничко здружение со цел спроведување незаконско следење на комуникации од големи размери, а за да се стекне со информации за сите општествени сфери со што се стекнал со политичка и деловна корист. Наводни сосновачи на злосторничкото здружение се началникот на 5-тата Управа на УБК Грујевски и шефот на оперативното одделение (ОО), Надица Николиќ (Николиќ). Сите обвинети лица се товарат за кривичното дело злосторничко здружение во согласност со член 394(1) од Кривичниот законик и злоупотреба на службена положба и овластување согласно член 353 од Кривичниот законик.

Според обвинението, превземајќи дејства по наредби издадени од Мијалков, Грујевски и Николиќ им наложиле на седуммина свои потчинети да внесуваат телефонски броеви во системите за прислушување (Vernit, Nice Track и IPS[62]) со цел да ги набљудуваат комуникациите во УБК. Потоа службениците ги транскрибирале разговорите и транскриптите ги предале на Грујевски. Четворица од овие службеници се обвинети за учество во злосторничко здружение согласно член 394(2) од Кривичниот законик

[60] Овие сервери биле лоцирани во зградата бр.3 на УБК (во близина на МВР).

[61] Циланова ја призна вината и ѝ беше изречена условна осуда со која е утврдена казна затвор од 6 месеци која нема да се изврши доколку не изврши друго кривично дело во рок од две години.

[62] Системот Vermit бил активен во 2008 година, системот Nice Track бил активен од крајот на 2008 година до 20 јануари 2015 година, а системот IPS бил активен од 21 јануари 2015 година до 31 декември 2015 година.

и Злоупотреба на службена должност и овластување согласно член 353 од Кривичниот законик.[63] Сепак, СЈО нема поднесено обвиненија против трите други службеници кои, исто така, помагале во незаконското пресретнување на комуникациите. Наместо тоа, овие службеници се наведени како сведоци.[64] Во обвинението се наведува дека тие службеници биле членови на криминална група поради хиерархиската поставеност на УБК и од страв за своите животи.

Еден од тие сведоци е Звонко Костовски (Костовски), главен инженер во одделот за одржување и телекомуникации на 5-тата Управа на УБК, а потоа раководител во одделот за информатичка и техничка поддршка на операции. Костовски го надгледувал техничкиот процес за спроведување незаконско следење комуникации.[65] По барање на лидерите на групата, тој креирал посебни кориснички профили и ги групирал самите профили во заедничка папка со име „важно", овозможувајќи на секој од креаторите и членови на групата пристап до системот за надзор на комуникации и можност да ги слушаат пресретнатите комуникации на своите компјутери. Потоа, Костовски ги префрлил разговорите на ЦД и УСБ стикови и истите ги предал на Ѓорѓи Лазаревски (Лазаревски), а овој пресретнатите комуникации ги дал на Зоран Верушевски (Верушевски), кој потоа ги доставил на Заев. На 30 декември 2015 година, Заев ги доставил снимките до СЈО. СЈО тврди дека обвинетите ги повредиле уставно гарантираните права на слобода и доверливост на кореспонденција и други форми на комуникации, како и приватноста на повеќе од 4819 луѓе.

**Трезор - КОК бр. 60/17 (Трезор)**

**Статус:** Судење во тек

**Датум на објавување на случајот:** 28 септември 2016 година

**Датум на поднесување обвинение:** 29 јуни 2017 година

**Потврдување на обвинение:** 29 ноември 2017 година

i. Преглед на обвинението

СЈО ги обвини поранешниот директор на УБК, Мијалков, поранешниот началник на 5-тата Управа на УБК, Грујевски и поранешниот помошник на министерот за внатрешни работи, Небојша Стајковиќ (Стајковиќ) за

[63] Владимир Варелов, Марјан Шумуликовски, Силвана Златова, Васил Исаковски.

[64] Марјан Јанкулоски, Владо Ѓоргиевски и Звонко Костовски.

[65] Овој сведок беше обвинет во случајот *Пуч* во кој се изјасни за виновен и доби 3-годишна затворска казна.

злоупотреба на службена положба и овластување согласно член 353(5)(3)(1) од Кривичниот законик во врска со противзаконско купување „на електронска и комуникациска опрема" од страна на УБК.[66] Шефот на кабинетот на Мијалков, Тони Јакимовски, е обвинет за помагање и поттикнување на злоупотреба на службена должност и овластување согласно член 353(5)(3)(1) и член 24 од Кривичниот законик.

а. Од јули 2010 година до крајот на 2012 година

СЈО тврди дека во периодот помеѓу 7 јули и 9 јули 2010 година, Мијалков, Груевски и Стајковиќ одржале неколку состаноци со правниот субјект од Велика Британија, Г.Т., при што договориле купопродажба на електронска и комуникациска опрема од производителот Г. Наместо да ја купат опремата директно од Г (што би претставувало најекономично решение), обвинетите се договориле опремата да ја купат преку правниот субјект ДТУ Ф.ДООЕЛ С, управувано од страна на В.С., брат на Стајковиќ. Согласно обвинението, правниот субјект ДТУ Ф. ДООЕЛ С е регистриран како филијала на американската компанија Ф. ДОО, но, сепак во американските регистри таква компанија не постои.



По нивното враќање од Велика Британија, Мијалков, Груевски и Стајковиќ наредиле на Г.П, помошник во МВР, кој според обвинението се јавува во својство на сведок, да отпочне процес на јавни набавки со цел купување на опремата. Согласно член 7 од Законот за јавни набавки, Г.П. побарал од правниот субјект ДТУ Ф.ДООЕЛ С. да достави понуда. Компанијата доставила понуда со спецификации и платежен план за испорака, вклучувајќи ја и понудата за обука и поддршка обезбедена од производителот Г., а тоа вкупно изнесувало 124,293,233.00 денари. Потоа, на 26 ноември 2010 година, сведокот Г.П., во својство на претставник на МВР, потпишал договор со фирмата ДТУ Ф. ДООЕЛ С, (претставувана од страна на ВС) за купување на опремата. Компанијата ДТУ Ф.ДООЕЛ С ја купила опремата од компанијата Г[67], а потоа компанијата Г. фактурирала износ од 111,588, 294.00 денари на ДТУ Ф. ДООЕЛ С на четири рати. Како резултат на ова, компанијата ДТУ Ф. ДООЕЛ С профитирала 22, 265, 449.00 денари, нанесувајќи еднаква штета на државниот буџет. Во декември 2011 година, Мијалков и Груевски купиле дополнителна опрема од ДТУ Ф.ДООЕЛ С во износ одоколу 35,695,030.00 денари. Во

[66] Обвинението не наведува експлицитно дека оваа опрема се користела за противзаконското прислушување. Обвинението се однесува само околу купопродажбата на опремата. Сепак, медиумите секогаш го поврзуваа овој случај со прислушувањето.

[67] Обвинението се однесува на четири фактури.

јуни 2012 година, подвижен систем за видео надзор бил дополнително купен од истата компанија. Според обвинението, Грујевски побарал да се реализира купопродажбата на оваа опрема во писмо потпишано од страна на Јакимовски. Со оваа дополнителна купопродажба компанијата ДТУ Ф. ДООЕЛ С се стекнала со профит од 13,222,845.00 денари.

б. Во текот на јули 2014 година

Следејќи шема слична на таа опишана погоре, обвинетите преку ангажирање надворешна компанија, ДТУ Ф. ДООЕЛ С, го отстапиле одржувањето на купената опрема иако таква потреба за обезбедување на такви услуги немало. Со овој нов договор правното лице ДТУ Ф. ДООЕЛ С се стекнало со дополнителен профит од 17,527,500.00 денари.

**Тврдина 2[68] – К.бр.1905/16 (Тврдина 2)**

**Статус:** Првостепената судска постапка е завршена на 7 ноември 2017 година.[69] Жалбената постапка е во тек.

**Тип на постапка:** ЗКП, член 468, скратена постапка[70]

**Датум на објавување на случајот/на поднесување на обвинението:** 14/15 септември 2016 година

i. Преглед на обвинението

СЈО тврди дека во периодот помеѓу 16 февруари и 26 јуни 2015 година поранешниот началник во 5-тата Управа на УБК, Грујевски, издал наредба на шест административни службеници да уништат документација поврзана со прислушуваните комуникации. Грујевски и другите шест лица се обвинети за фалсификување службена исправа согласно член 361(2)(1) од Кривичниот законик.

[68] Истрагата *Тврдина 2* во почетокот беше дел од главната истрага *Тврдина* која беше објавена на 30 март 2016 година. Сепак, на 15 септември 2016 година, СЈО ја објави истрагата *Тврдина 2* како посебен случај за кој ќе се води скратена постапка.

[69] Судот ги прогласи сите шест обвинети за виновни. Првиот обвинет беше осуден на казна затвор од 18 месеци, а на останатите обвинети им беше изречена условна осуда со која е утврдена казна затвор од една година која нема да се изврши доколку не извршат друго кривично дело во рок од три години.

[70] Скратена постапка се применува автоматски кога со закон се пропишува помала казна за одредено кривично дело, поконкретно кога се работи за парична казна или затворска казна не повисока од пет години.

Според обвинението, Груевски, надвор од својата надлежност, им наредил на другите шест обвинети да формираат комисија со задача да се погрижи за инвентарот и за уништување на материјалите од Одделот за оперативна техничка поддршка на операции (ООТПО) на УБК. Причина за издавање ваква наредба било да се уништи сета документација од 2007 до 2015 година, а во врска со опремата за прислушување. Уништувањето било извршено во обласа на Брест и Петровец од страна на две лица кои во обвинението се споменуваат во својство на сведоци.[71] Вториот сведок ја ставил документацијата во област опкружена со камења и истата ја запалил. На 24 јуни 2015 година, по извршеното уништување докази, вработените од УБК го информирале началникот дека сета документација од списокот со инвентар била уништена.

## 3.3. Случаи во кои СЈО поднело обвиненија за кривични дела кои произлегуваат од содржината на прислушуваните разговори



### Случај - Титаник

На 12 февруари 2016 година, СЈО ја објави истрагата именувана *Титаник*, отворајќи го патот за три посебни предмети наречени *Титаник 1*, *Титаник 2* и *Титаник 3*. СЈО тврди дека поранешни владини функционери и членови /поврзани лица со ВМРО ДПМНЕ, членови на Државната изборна комисија, судии од Управниот суди еден член на општинска изборна комисија (ОИК) го нарушиле изборниот процес на многу места.

### Титаник 1 – КОК.бр. 7/18

**Статус:** Судење во тек

**Датум на објавување на случајот:** 12 февруари 2016 година

**Датум на поднесување на обвинение:** 30 јуни 2017 година

**Датум на потврдување на обвинение:** 28 декември 2017 година

71 Во обвинението СЈО бара да повика четворица сведоци да сведочат, вклучително и две лица кои го извршиле уништувањето на документацијата. Се чини дека СЈО се откажал од својата моќ да гони согласно член 44(3) од ЗКП во кој е наведено дека јавниот обвинител може да се откаже од гонењето ако „осомничениот како член на организирана група, банда или друго злосторничко здружение доброволно соработува пред или по откривањето или во текот на кривичната постапка и ако таквата соработка и изјава на тоа лице е од суштествено значење за кривичната постапка".

i. Преглед на обвинението

*Титаник 1* претставува еден од најзначајните случаи бидејќи тој случај беше објавен прв од страна на СЈО, а раководството на ВМРО-ДПМНЕ се најде помеѓу 21 обвинет. Подетално, случајот ги опфаќа поранешниот премиер Груевски[72], поранешниот шеф на кабинет на Груевски, Мартин Протуѓер (Протуѓер), поранешниот генерален секретар Кирил Божиновски (Божиновски), поранешниот министер за транспорт и врски, Миле Јанакиески (Јанакиески) и поранешната министерка за внатрешни работи, Јанкулоска. Тие се обвинети за формирање злосторничко здружение со цел вршење изборни повреди казниво согласно член 394(1) од Кривичниот законик. СЈО тврди дека учесници во злосторничкото здружение се владини и полициски службеници, членови на ВМРО-ДПМНЕ и вработени во јавната администрација. Обвинението се однесува на неколку изборни кривични дела извршени при подготовките и во текот на парламентарните избори во 2011 и 2014 година, а и во текот на локалните избори во 2013 година. Подолу се наведени најбитните кривични дела за кои Специјалното јавно обвинителство тврди дека биле извршени.



*i. Предвремени парламентарни избори – 2011 година*

- Груевски и Протуѓер се обвинети дека ја финансирале изборната кампања на ВМРО-ДПМНЕ со 31,780,000.00 денари со потекло од неидентификувани извори, криејќи ги тие средства како донации.

- Протуѓер, Јанакиески и Јанкулоска се обвинети дека организирале систем преку кој активисти на ВМРО-ДПМНЕ вршеле притисок врз граѓани на начин што телефонски им се закanuвале за да го добијат нивниот глас.

*ii. Локални избори – март 2013 година*

- По инструкции на Груевски, Јанкулоска во три општини го организирала противзаконското запишување странски граѓани во избирачките списоци. Целта на таа акција била да се влијае врз изборниот резултат во корист на ВМРО-ДПМНЕ и нејзината коалиција во тие општини. Покрај тоа, Јанкулоска давала инструкции на својот шеф на кабинет, на градоначалникот на албанската општина Пустец и на висок полициски службеник да го организираат со автобус превозот на гласачи до горенаведените општини на денот на гласање.

72 Никола Груевски беше премиер на земјата од јули 2006 година до јануари 2016 година.

- Јанкулоска наредила на група полициски службеници да ги следи командите издадени од страна на висок полициски службеник, а потоа тој висок службеник ја координирал групата во вршење противзаконски патроли во општина Охрид. Овие противзаконски патроли имале за цел да пронајдат и блокираат активисти кои влијаеле врз граѓаните да гласаат за СДСМ и нејзината коалиција. На 24 март 2013 година, на денот на изборите, полициска патрола спречила двајца граѓани да гласаат со тоа што едниот го уапсиле врз основа на лажно обвинување, а другиот го присилиле да остане внатре во неговиот дом.

- Јанакиески побарал од претседателот на општинската изборна комисија (ОИК) на Центар да му ги предаде избирачките списоци од неколку гласачки места по првиот и вториот круг на избори. Јанакиевски ги побарал избирачките списоци за да види колку од запишаните гласачи всушност гласале и за потоа да може да изврши притисок врз оние кои не гласале.



*iii. Парламентарни избори - 2014 година*

- Груевски е обвинет дека дал инструкции на двајца членови на ВМРО-ДПМНЕ да ја финансираат кампањата со пари (62,732.874.00 денари) од непознато потекло. Парите биле искористени за финансирање на изборната кампања на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ.

**Титаник 2 – КОК бр.62/17 (Титаник 2)**

**Статус:** Судење во тек

**Датум на објавување на случајот:** 12 февруари 2016 година

**Датум на поднесување обвинение:** 30 јуни 2017 година

**Датум на потврдување на обвинение:** 1 декември 2017 година

i. Основни информации

Фактите за овој случај се поврзани со изборите за градоначалник на Струмица кои се одржаа во 2013 година.[73] ВМРО-ДПМНЕ поднесе жалба до Државната изборна комисија (ДИК) и од истата побара да го поништи гласањето на едно избирачко место поради разликата помеѓу бројот на гласачи и гласачки ливчиња, односно имало едно гласачко ливче помалку

[73] Во тоа време, Заев се кандидираше за градоначалник на Општина Струмица.

од вкупниот број на луѓе кои го искористиле своето право на глас. Според ВМРО-ДПМНЕ тоа претставувало повреда на член 151(1) од Изборниот законик (ИК), во кој се наведува дека ДИК е должна да ги поништи изборите на избирачкото место „ако избирачкиот одбор не успее да ги спроведе изборите на начин пропишан согласно овој Законик." На 28 март 2013 година, ДИК ја прифати жалбата и го поништи гласањето согласно член 151(1) од ИЗ.

Поради тоа СДСМ поднесе жалба до Управниот суд и побара судот да ја поништи одлуката на ДИК бидејќи ДИК не ги проверил избирачките материјали и не успеал да даде причина за поништувањето на гласањето. На 1 април 2013 година, Управниот суд ја отфрли жалбата на СДСМ и ја потврди одлуката на ДИК да го поништи гласањето. Но, сепак судот тоа го сторил поради други причини. Управниот суд утврдил дека причината за поништување на гласањето не била разликата помеѓу гласачките ливчиња и потписите како што ВМРО-ДПМНЕ тврдело во својата жалба, туку фактот дека на избирачкиот список имало име кое било селектирано без соодветниот потпис. Според мислењето на Управниот суд со тоа бил прекршен член 108(5) од ИЗ, во кој е наведено дека „откако ќе се провери идентитетот на гласачот, избирачкиот одбор го заокружува редниот број на гласачот во изводот од избирачкиот список при што гласачот се потпишува таму. "Па така, одредбата од ИЗ која била прекршена претставува членот 108(5), а не член 151(1) како што утврдил ДИК.



ii. Преглед на обвинението

СЈО тврди дека тројца од обвинетите кои учествувале во два телефонски разговора откриле дека одлуката била наместена и мотивирана за политичка корист. Поточно, на 28 март 2013 година, еден телефонски разговор помеѓу поранешниот директор на УБК, Мијалков и претседателот на ДПА, Мендух Тачи (Тачи) открил дека Мијалков му наредил на Тачи да даде инструкции на членот на ДИК од неговата партија да гласа во полза на жалбата поднесена од ВМРО-ДПМНЕ. Вториот телефонски разговор помеѓу Тачи и членот на ДИК покажа дека Тачи дејствувал како што му било речено, односно побарал од членот на ДИК да постапи како што Мијалков побарал, а како резултат на тоа гласањето во ДИК било наместено.[74]

Врз основа на овие разговори СЈО го обвини Мијалков за примање награда за противзаконито влијание согласно член 359(5)(4) од Кривичниот

74 Според обвинението на СЈО, на 28 март 2013 година вториот разговор се случил две минути после првиот.

законик. Тачи беше обвинет поради поттикнување на злоупотреба на службената положба и овластување согласно член 23 и 353(5)(1) од Кривичниот законик. Четири членови на ДИК и пет судии од Управен суд беа обвинети за злоупотреба на службена положба и овластување сторено во соизвршување, согласно член 353(5)(1) од Кривичниот законик. Во поглед на членовите на ДИК во обвинението се наведува дека нивната злоупотреба на службената положба се состои во тоа што не го прегледале изборниот материјал како што тоа го бара ИЗ и не ја објасниле својата одлука која била во насока ВМРО-ДПМНЕ да добие корист. Во поглед на судиите од Управниот суд, во обвинението се наведува дека тие противзаконски ја подржале одлуката на ДИК знаејќи дека во согласност со член 147(7) од ИЗ нивната одлука не ќе можела да биде предмет на понатамошна жалбена постапка. Незаконското поведение се состоело во создавање „различен факт на случајот“[75] преку одлучување надвор од обемот на жалбата на СДСМ против одлуката на ДИК, што претставува надминување на основите кои ДИК ги споменува во своите наоди (на пример судиите од Управниот суд откриле повреда на член 108(5) од ИЗ, а не на член 151(1) од ИЗ). Па така, се наведува дека судиите го прекршиле Законот за управни спорови, кој наведува дека „законитоста на спорниот управен акт ќе биде прегледана од страна на [управен] суд во рамки на обемот на жалбеното барање, без притоа судот да биде врзан за причините за поднесување жалба. “Следствено на тоа, изборите за градоначалник морало да се повторат уште еднаш, овозможувајќи му на кандидатот за градоначалник од ВМРО ДПМНЕ да учествува во изборниот процес. Тоа нанело штета на државниот буџет во износ од 146,824.00 денари.



### iii. Процес на потврда на обвинението

На 29 јуни 2017 година обвинението беше испратено до советот од судии (во понатамошниот текст „совет“) за оценка на обвинението. На 1 декември 2017 година, советот го одобри обвинението само во врска со одредени обвинети. Советот утврди дека СЈО обезбедило доволно докази со цел да се обвинат поранешниот директор на УБК, претседателот на ДПА и членовите на ДИК. Во врска со управните судии советот утврди дека „поведението кое е предмет на обвинението не претставува кривично дело“ и во согласност со член 337(1)(1) од ЗКП го отфрли обвинението. Советот образложи дека еден од неопходните услови за извршување на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување е постоење на директна умисла. Во конкретниот случај советот сметаше дека со доказите

[75] *Види го* обвинението за Титаник 2.

обезбедени од СЈО не се поткрепуваат наводите дека судии ја потврдиле одлуката на ДИК со противзаконска умисла. Во недостиг на таков доказ мора да се применат општите правила за заштита на независното судство и неговиот функционален имунитет. Поточно се работи за амандманот XXVII на Уставот според кој „Судија не може да биде повикан на кривична одговорност за искажано мислење и одлучување при донесувањето на судските одлуки", а и член 65(2) од Законот за судови слично гласи.[76] Исто така, советот се осврна на „Мислењата и заклучоците" за одговорноста на судиите на Консултативниот совет на Европските судии[77], според кои „судиите треба да бидат кривично одговорни согласно вообичаеното право за кривични дела извршени *надвор* од нивната судска служба", а не за ненамерни грашки во вршењето на своите функции", а и не е соодветно еден судија да се изложи, во однос на вршењето на судските функции, на каква било лична одговорност, дури и по пат на исплата на штета на државата, освен во случај на намерно неисполнување на обврските.[78]

На 7 декември 2017 година, СЈО ја обжали одлуката на советот согласно член 414(1)(3) од ЗКП во врска со член 416 од ЗКП (т.е. погрешна примена на материјалното право).Според СЈО, за извршување на кривичното дело злоупотреба на службена должност и овластување не е неопходна директна умисла. Всушност, член 353 од Кривичниот законик не го одредува видот на умисла, независно од тоа дали е потребна директна или индиректна умисла за извршување на кривичното дело.[79] Општата одредба во врска со

[76] Во член 65(2) од Законот за судови е наведено дека „Судија не може да биде повикан на кривична одговорност за искажано мислење и одлучување при донесувањето на судската одлука". Судиите се споменуваат исто така и во член 11(1) од Законот за судови каде се наведува дека „Судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите", и член 11(2) од Законот за судови кој гласи „ Се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект".

[77] Судот не се осврна на нив експлицитно, но од текстот на одлуката јасно е дека тој се повикува на КСЕС (2002) М. бр.3, 19 ноември 2002: https://bit.ly/2JJp90J.

[78] *Id.*

[79] Во член 353 од Кривичниот законик е наведено следното: „(1) Службено лице кое со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години. (2) Ако сторителот на делото од став 1 ќе прибави поголема имотна корист или ќе предизвика поголема имотна штета или потешко ќе ги повреди правата на друг, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. (3) Ако сторителот на делото од став 1 прибави значителна имотна корист или нанесе значителна штета, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку 3 години. (4) Со казна од ставовите 1, 2 и 3 ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице кое има претставништво или врши дејност [во Републиката] или лице кое врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност.(5) Ако делото од став 1 е сторено при вршење јавни набавки или на штета на средствата од Буџетот [на Републиката], од јавните фондови или од други средства на државата, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку пет години."

умислата, дадена во член 13 од Кривичниот законик, исто така не прави експлицитна разлика помеѓу директна и индиректна умисла.[80] Следствено на тоа, СЈО тврдеше дека „секое кривично дело сторено со умисла може да биде сторено и со директна и индиректна умисла."[81]

СЈО во жалбата аргументира дека во конкретниот случај во обвинението било наведено дека со индиректна умисла управните судии ја потврдиле одлуката на ДИК, иако за такво нешто не постоеле законски основи. Според СЈО, оваа индиректна умисла била очигледна од причина што судиите знаеле дека нивната противзаконска одлука не ќе може да се обжали, а поради тоа истата била конечна. Исто така, за СЈО е спорен и аргументот за функционалниот имунитет на судиите на кој се повикал судскиот совет. Според СЈО, одредбата од Законот за судови според која судиите не можат да сносат кривична одговорност за нивните одлуки ги опфаќа само одлуките кои се донесени во согласност со законот и без притоа да има каква било противзаконска умисла. Покрај тоа, имунитетот не покрива одлуки кои се носеле противзаконски и имале за цел други да се стекнат со лична корист или на друг да се предизвика штета, како што е одлуката на управните судии. Имунитет никогаш не може да се примени кога ќе се утврди противзаконска умисла кај судиите. Според СЈО, доколку поинаку се постапи, основите на владеењето на правото и начелото за еднаквост пред судот ќе се загрозат.



На 23 февруари 2018 година, Апелациониот суд ја потврди одлуката на судскиот совет. Според Апелациониот суд, постапките на обвинетите опишани во обвинението (т.е. повреда на ИЗ и Законот за управни спорови со одлучување надвор од доменот на жалбата против одлуката на ДИК) не го сочинуваат кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 од Кривичниот законик од причина што Управниот суд бил надлежен орган да одлучува по жалбата на СДСМ. Ова беше прв пат судот да го покрене прашањето за надлежност. Поради таа причина судиите не извршиле злоупотреба на својата положба. Освен тоа, намерата на судиите не можела да се заклучи од нивното знаење дали нивната одлука би се обжалувала понатаму бидејќи тоа било предвидено со закон и со Уставот. Во овој поглед, Апелациониот суд го поддржа толкувањето на судскиот совет, потврдувајќи дека за кривичното дело злоупотреба на службена должност и овластување потребна е директна умисла.

[80] Член 13 од Кривичниот законик наведува: „Кривичното дело е сторено со умисла кога сторителот бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување или кога бил свесен дека поради неговото сторување или несторување може да настапи штетна последица, но се согласил со нејзиното настапување."

[81] *Види* жалба на СЈО НСК-КО бр.11/15, 7 декември, 2017.

**Титаник 3 – КОК бр.1905/17 (Титаник 3)**

**Статус:** Судење во тек

**Датум на објавување на случајот:** 12 февруари 2016 година

**Датум на поднесување обвинение:** 29 јуни 2017 година

**Датум на потврдување обвинение:**11 декември 2017 година

i. Преглед на обвинението

Во *Титаник 3* СЈО ги обвинува Исмет Гури (Гури), генерален секретар на општинската изборна комисија на Чаир, и Ејуп Алими (Алими)[82] (понатаму „обвинети") за кривичното дело уништување избирачки материјал согласно член 164(3), (2) и (1), и член (164)(3)(1), сторено во текот на локалните избори за градоначалник во општина Чаир во 2013 година. Поконкретно, тие се обвинети дека принудиле одредени претседатели на изборни одбори во некои изборни места во општина Чаир да ги променат изборните резултати во корист на една политичка партија (ДУИ).СЈО тврди дека фалсификуваната документација од изборните места била поднесена до ДИК. Сомневајќи се во нивната веродостојност, ДИК ги поништи изборите во тие изборни места.



**Општина Центар – К. бр.1904/16 (Центар)**

**Статус:** Судење во тек

**Тип на постапка:** Скратена постапка согласно член 468 од ЗКП

**Датум на поднесување на обвинение/објавување на случај:**
14/15 септември 2016 година

i. Преглед на обвинението

СЈО тврди дека во текот на протестите на 7 јуни и 10 јуни 2013 година, поранешниот премиер Груевски, поранешниот министер за транспорт и врски Јанакиески, и тројца општински советници од редовите на ВМРО-ДПМНЕ ги поттикнале привржаниците на ВМРО-ДПМНЕ (девет демонстранти на ВМРО-ДПМНЕ исто така се товарат во обвинението) да извршат акт на насилство против градоначалникот на Општина Центар и општинските советници од редовите на СДСМ. Сите обвинети се товарат за кривичното дело насилство, во согласност со член 386(2)(1) од

[82] Во обвинението не се наведува работното место на Алими. Но, сепак тој е поврзан со ДУИ и е пратеник во Собранието од декември 2016 година.

Кривичниот законик.[83] Според обвинението, во текот на телефонскиот разговор направен на 1 јуни 2013 година, Груевски дал инструкции на Јанакиески да ги организира активистите на ВМРО-ДПМНЕ во насилен протест пред општинската зграда. Причината за организирање на протестот од 7 јуни 2013 година било спречување на општинскиот совет да продолжи со тогашната седницата, а со тоа да се спречи расправата за поништување на урбанистичкиот план наречен „Мал ринг" кој можел да нанесе штета на интересите на највисокиот врв на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ и на нивните бизнис партнери. Со цел да ја затскријат таа причина и да соберат демонстранти, организаторите изјавиле дека протестот бил против уривањето на црквата Константин и Елена. Сепак, таа црква била во фаза на градење тоа време, а нејзино уривање не било предмет на дневниот ред тој ден на седницата на општинскиот совет.

Врз основа на тој пресретнат разговор во обвинението се наведува дека Јанакиески ја извршил наредбата и побарал тројца советници од советот на општината од редовите на ВМРО-ДПОМНЕ да организираат протест и да дадат инструкции на активистите да употребат насилство. На 7 јуни 2013 година, неколку демонстранти влегле во кругот на општината и започнале да извикуваат навредливи зборови и да удираат на прозорците од објектот. Со цел да се спречи поголем инцидент, седницата на советот била одложена до 10 јуни 2013 година. Според обвинението, тројца општински советници на ВМРО ДПМНЕ биле внатре во зградата во текот и на двата протести при што давале инструкции на демонстрантите преку телефон, охрабрувајќи ги да бидат погласни и поагресивни. На 10 јуни 2013 година, скоро стотина лица се собрале пред општината. Овој пат, поради безбедносни причини, влезните врати во округот на општината биле затворени. Но, сепак демонстрантите ја бутнале оградата и додека извикувале навредливи зборови, тие исто така фрлале камења, шишиња и други предмети кон зградата. Еден од тројцата советници на ВМРО-ДПМНЕ ги отворил прозорците за демонстрантите да фрлаат предмети кон луѓето внатре при што на еден советник му било лесно повредено окото. Покрај тоа, демонстрантите ја пробиле влезната врата на зградата во обид да упаднат во просторијата каде се одржувала седницата.



[83] Груевски и Јанакиевски, како и другите тројца обвинети се наведени како поттикнувачи во обвинението согласно член 23 од Кривичниот законик.

**Тортура – К.бр.1959/17 (Тортура)**

**Статус:** Судење во тек

**Датум на објавување на случајот:** 28 март 2016

**Датум на поднесување обвинение:** 29 јуни 2017 година
**Потврдување на обвинение:** 7 декември 2017 година

i. Преглед на обвинението

СЈО поднесе обвинение против поранешниот директор на УБК, Мијалков и уште шест полициски службеници за кривичното дело мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување согласно член 142(1) од Казнениот законик. СЈО наведува дека Мијалков поттикнал шест службеници од единицата Алфи да го извршат кривичното дело при апсењето на Љубе Бошковски (Бошковски), претседател на политичката партија ОМ.[84] На 6 јуни 2011 година, еден ден по тогашните национални избори, службениците од полициската единица Алфи го уапсиле Бошковски под сомнение дека незаконски ја финансирал кампањата на неговата политичка партија. Апсењето било извршено на паркинг просторот на ресторанот В. Според СЈО, службениците примениле прекумерна сила иако Бошковски не пружал отпор при нивниот обид да го приведат. Во обвинението се наведува дека службениците го удриле Бошковски во стапалата така принудувајќи го да легне на земја, а за цело тоа време го држеле за раце и истовремено изрекувале навреди кон него и неговото семејство. Еден од службениците го ставил неговото оружје на образот на Бошковски. Потоа, службениците го преместиле Бошковски пред подвижен тоалет при што му го држеле лицето наспроти вратата подолго од половина час додека чекале да пристигнат медиумите. Според обвинението, Мијалков наводно вршел притисок врз медиумите да ги емитуваат настаните кои се одвивале и барал од нив да ги рашират вестите до секој печатен медиум. СЈО наведува дека горе опишаните кривични дејства содржеле политички реваншизам против Бошковски.

ii. Процес на потврдување на обвинението

Обвинението беше потврдено на 7 декември 2017 година од страна на судија за оцена на обвинителен акт и истото беше потврдено за сите обвинети освен за Мијалков, за кого обвинението беше одбиено согласно член 337(1)(4) од ЗКП (нема доволно докази во прилог на обвинението).



[84] Љубе Бошковски е поранешен политичар (министер за внатрешни работи во 2001 година) на ВМРО-ДПМНЕ, а во 2009 година тој основа сопствена политичка партија „Обединети за Македонија“.

Според судијата, кривичното дело поттикнување тортура не можело да се докаже поради фактот дека Мијалков во својство на директор на УБК немал функциска и организациска надлежност врз активностите на единицата Алфи, имајќи ги во предвид член 3(1)(1) од Законот за полиција и членовите 3(1)(2), 15 и 16[85] од Законот за внатрешни работи. Како резултат на тоа, Мијалков не бил во позиција да ги поттикнува полициските службеници од единицата Алфи. Покрај тоа, независно од службената должност на Мијалков, СЈО не обезбедил доволно докази да докаже дека Мијалков ги поттикнал полициските службеници да извршат кривично дело.

На 5 март 2018 година, Апелациониот суд ја поништи одлуката на судијата за оцена на обвинителен акт, при што ја уважи жалбата на СЈО и го потврди обвинението против Мијалков. Според судот, чин на поттикнување може да изврши секој, независно од неговата службена положба или овластување кое го има врз стварните сторители. Исто така, судиите од Апелациониот суд утврдија дека заклучокот за недоволниот број на докази се заснова на анализа за кредибилност на доказите, а судијата за оценка на обвинението не требал да навлегува во таа област бидејќи тоа претставува должност на судечки судија (судии).



### ТНТ – КОК бр. 53/17 (ТНТ)

**Статус:** Судење во тек

**Датум на објавување на случајот:** 21 април 2016 година

**Датум на поднесување обвинение:** 29 јуни 2017 година

**Потврдување на обвинение:** 13 ноември 2017 година

i. Преглед на обвинението

СЈО тврди дека поранешниот премиер Груевски и поранешниот министер за транспорт и врски, Јанакиески, мотивирани од политички реваншизам, наредиле противзаконско рушење на зградата Космос (комплекс за домување) во сопственост на Фијат Цаноски, претседател на Партија за европска иднина (ПЕИ). Според обвинението, настаните се случиле помеѓу 1 април 2011 година и крајот на 2012 година. Груевски и Јанакиески наредиле на Тони Трајковски (Трајковски), поранешен градоначалник на Општина Гази

85 Согласно овие одредби директорот на Управата за јавна безбедност е одговорен за работата на полициските службеници, а не директорот на УБК.

Баба, да го организира процесот на рушење. Трајковски, пак, наложил на четири членови од комисијата за набавки на Гази Баба да продолжат со административните чекори потребни за уривањето. Седумте обвинети се товарат за кривичното дело злоупотреба на службена должност и овластување согласно член 353 од Кривичниот законик. Груевски, Јанакиески и Трајковски се товарат за кривичното дело поттикнување од член 23 од Кривичниот законик.

**Топлик – КОК бр.57/17 (Топлик)**

**Статус:** Судење во тек

**Датум на објавување на случајот:** 20 октомври 2016

**Датум на поднесување обвинение:** 29 јуни 2017 година
**Потврдување на обвинение:** 21 ноември 2017 година

i. Преглед на обвинението

Случајот *Топлик* ја опфаќа противзаконската купопродажба на земјиште во државна сопственост (636,459.48 m²) со цел во општина С да се изгради резиденцијална населба, Сончев град. Во обвинението се наведува дека помеѓу 3 април 2007 година и 18 февруари 2013 година поранешниот министер за транспорт и врски и пет членови на комисијата за јавни набавки на министерството ја злоупотребиле својата службена положба. Според обвинението, Јанакиески знаел дека не биле исполнети условите за објава на јавниот оглас за продажба на земјиште[86] но, сепак тој составил нова комисија за набавки и им наложил на нејзините членови да објават повик за поднесување понуди, а таквиот повик бил објавен во Вечер, Дневник, Вест и Фајненшл Тајмс. По завршувањето на постапката, Министерството за транспорт и врски потпишало договор за продажба со компанијата ТДГТУ ФХХИБЦ СЦ. ДОО. Поради гореспоменатите неправилности, избраната компанија поднела тужба и го раскинала договорот. Следствено на тоа, министерството морало да плати 64,206,839.00 денари на компанијата, односно за толку бил оштетен државниот буџет.



[86] Земјиштето опфаќало 616 парцели. Но, сепак министерството имало потребни информации за само околу 4% од земјиштето.

**Тендери – КОК бр.64/17 (Тендери)**

**Статус:** Судење во тек

**Датум на објавување на случајот:** 20 октомври 2016

**Датум на поднесување обвинение:** 29 јуни 2017 година

**Потврдување на обвинение:** 26 декември 2017 година

i. Преглед на обвинението

СЈО тврди дека поранешната министерка за култура, Елизабета Канческа Милевска (Милевска) учествувала во лажна постапка на наддавање во врска со доградба на Музејот на македонската борба за државност и самостојност – Музејот на внатрешната македонска револуционерна организација и Музејот на жртвите од комунистичкиот режим. СЈО ја обвинува Милевска и двајца членови на комисијата за набавки на министерството за злоупотреба на службена должност и овластување во согласност со член 353 (5)(1) и член 22. Според обвинението, во периодот помеѓу јуни 2011 година и 5 август 2011 година, обвинетите ја наместиле тендерската постапката со тоа што понудата за доградба поднесена од компанијата ГТД Б. Ш. АД Ш била прифатена како најповолна; понуда од истата компанија била претходно избрана како најповолна за изградба на целиот музејски комплекс.



**Тенк – КОК бр.59/17**

**Статус:** Првостепената судска постапка е заврши на 23 мај 2018 година.[87] Жалбената постапка е во тек.

**Датум на објавување на случајот:** 24 јануари 2017 година

**Датум на поднесување обвинение:** 29 јуни 2017 година

**Потврдување на обвинение:** 27 ноември 2017 година

i. Преглед на обвинението

На 29 јуни 2017 година, СЈО ги обвини поранешната министерка за внатрешни работи, Јанкулоска и поранешниот помошник за општи работи на МВР, Ѓоко Поповски (Поповски) за злоупотреба на службена положба и овластување согласно член 353 (5)(1) од Кривичниот законик. Обвинителството тврди дека помеѓу февруари и октомври 2012 година, со цел да задоволат барање на поранешниот премиер, Груевски,

87 Судот ги прогласи Груевски и Поповски за виновни и го осуди Груевски на казна затвор во траење од две години, а Поповски на казна затвор од шест години и шест месеци. Судот ја раздвои постапката за третото обвинето лице и оваа постапка е во тек.

обвинетите незаконски објавиле оглас за јавно надавање за купување возило (Мерцедес – Бенз модел С 600 Гард) за МВР. Груевски е исто така обвинет за примање награда за противзаконито влијание согласно член 359(2) од Кривичниот законик. Според обвинението, Груевски побарал од Јанкулоска да ја активира постапката за јавни набавки за купување на мерцедесот со тоа што самата постапка да била реализирана во корист на компанијата М.А ДООЕЛ С (генерален дистрибутер на возила од марката мерцедес во државата). Во обвинението се наведува дека, со цел да го исполни барањето на премиерот, Јанкулоска дала пишани инструкции на својот помошник Поповски за објавување оглас за јавно надавање кој бил посебно прилагоден за избраната компанија. Според СЈО, Поповски се согласил со таквото барање и на 3 април 2012 година објавил оглас за јавно наддавање во спротивност на член 36 од Законот за јавни набавки. Како што се очекувало, М.А.ДООЕЛ С била единствената компанија која учествувала во наддавањето и таа го добила договорот во вредност од 35,226.000 денари.



### Триста (300) – КОК бр. 40/17

**Статус:** Првостепената судска постапка заврши на 22 мај 2018 година.[88] Жалбената постапка е во тек.

**Датум на објавување на случајот:** 23 март 2017 година

**Датум на поднесување обвинение:** 29 јуни 2017 година

**Потврдување на обвинение:** 27 септември 2017 година

i. Преглед на обвинението

СЈО го обвини поранешниот помошник за општи работи во МВР, Поповски за злоупотреба на службена положба и овластување, согласно член 353(5)(1) од Кривичниот законик. СЈО тврди дека во периодот помеѓу 23 јуни 2008 година и 3 мај 2012 година Поповски погрешно ја применил процедурата за јавни набавки. Со тоа што тој не ја избрал најповолната понуда за купување на 300 возила за МВР, Поповски го прекршил членот 2 и 162 од Законот за јавни набавки. Според обвинението, Поповски предизвикал штета на сметка на државниот буџет во износ од 27.894.522 денари.

[88] Судот го прогласи Поповски за виновен и го осуди на казна затвор во траење од девет години.

**Траекторија – КОК бр.52/17 (Траекторија)**

**Статус:** Судење во тек

**Датум на објавување на случајот:** 22 мај 2017 година

**Датум на поднесување обвинение:** 29 јуни 2017 година

**Потврдување на обвинение:** 1 ноември 2017 година

i. Преглед на обвинението

СЈО тврди дека во периодот помеѓу октомври 2012 година и октомври 2013 година, поранешниот премиер, Груевски, поранешниот вицепремиер за економски прашања, Владимир Пешевски (Пешевски), поранешниот министер за транспорт и врски, Јанакиески и поранешниот директор на Агенцијата за државни патишта, Љупчо Георгиевски (Георгиевски) ја прекршиле постапката за избор на компанија изведувач која би била ангажирана да изгради две делници на автопат при што нанеле штета на државниот буџет во износ од 9,569,183,522.00 денари. СЈО ги обвинува Пешевски, Јанакиески и Георгиевски за злоупотреба на службена должност и овластување согласно член 353 од Кривичниот законик, а Груевски е обвинет за примање награда за противзаконито влијание согласно член 359 од Кривичниот законик. Според обвинението, Груевски ги охрабрил другите обвинети да го наместат тендерот за изградбата прекршувајќи го Законот за јавни набавки и условите поставени од страна на Владата на Народна Република Кина (заемот бил добиен од кинеската банка Ексим).[89] Следејќи ги наредбите на Груевски, обвинетите преговарале само со кинеската компанија Синохидро корпорејшн лимитед, а ги исклучиле од преговорите Чајна интернешнал вотери Електрик корпорејшн иако тие претходно доставиле поевтина понуда.

**Труст – К.бр.1459/17 (Труст)**

**Статус:** Првостепената судска постапка заврши на 20 јули 2018 година.[90]

**Датум на објава на случајот:** 28 февруари 2017 година

**Датум на поднесување обвинение:** 29 јуни 2017 година

**Потврдување на обвинение:** 29 септември 2017 година

[89] *Види* Официјално владино соопштение за медиумите, 27 ноември 2012 година: http://vlada.mk/node/5165.

[90] Судот ги прогласи Сеад Кочан и Василије Авировиќ за виновни и ги осуди на затворски казни во траење од шест години за Кочан и три години за Авировиќ. Третиот обвинет, Сафет Ватиќ, беше ослободен од обвинение.

i. Преглед на обвинението

СЈО тврди дека во периодот помеѓу октомври 2011 година и јануари 2012 година, Сеад Кочан, Василије Авировиќ и Сафет Ватиќ, управители во три различни компании споменати во обвинението, ја наместиле тендерската постапка за експлоатација на рудник за јаглен во Битола преку поднесување невистинита документација. СЈО ги обвинува обвинетите и правните субјекти за злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство согласно член 275-в(3)(1) и член 275-в (4)(3)(1) од Кривичниот законик. Според обвинението, обвинетите се стекнале со профит во износ од 1.000.000.000.00 денари.

**Транспортер – КОК бр.30/17 (Транспортер)**

**Статус:** Судење во тек

**Датум на објава на случајот:** 14 април 2016 година

**Датум на поднесување обвинение:** 5 април 2017 година

**Потврдување на обвинение:** 20 јуни 2017 година



i. Преглед на обвинението

СЈО тврди дека во периодот помеѓу септември 2009 година и декември 2014 година, поранешниот градоначалник на Битола, Владимир Талески (Талески), секретарот на општината, Слободан Бончаноски (Бончаноски), осум директори на основни и средни училишта и 11 управители на превозни компании ја наместиле постапката за јавни набавки за организирањето на превоз за ученици од основни и средни училишта во градот Битола.

СЈО на товар на обвинетите им го става кривичното дело злоупотреба на службена должност и овластување, согласно член 353 од Кривичниот законик. Поконкретно, на 12 јануари 2009 година, градоначалникот Талески, спротивно на член 24 и 28 од Законот за јавни набавки, без да ги прецизира предвидените буџетски средства, објавил оглас за јавно наддавање со цел да го додели договорот. Па така, транспортните компании биле избрани врз основа на нивните доставени понуди. Освен тоа, со договорот било предвидено да се формира трочлена комисија задолжена да го надгледува исполнувањето на обврските од страна на компаниите, но, спротивно на одредбите од договорот, тоа никогаш не се случило. Покрај тоа, давателите на транспортни услуги наплаќале на општината поголема цена од таа одредена во нивните понуди, а општината ги регистрирала плаќањата по однос на транспортните компании како заеми.

**Тарифа – КОК бр.51/17 (Тарифа)**

**Статус:** Судење во тек

**Датум на објава на случајот:** 24 јануари 2017 година

**Датум на поднесување обвинение:** 29 јуни 2017 година

**Потврдување на обвинение:** 1 ноември 2017 година

i. Преглед на обвинението

СЈО тврди дека во периодот помеѓу септември 2011 година и јули 2016 година, поранешниот директор на државната компанијата за производство на електрична енергија АД ЕЛЕМ и двајца вработени неосновано извршиле исплати на неодобрени средства на групација која склучила договор да обезбеди софтверски систем на АД ЕЛЕМ.СЈО ги товари обвинетите за кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување согласно член 353 од Кривичниот законик.



**Тотал – К. Бр.1493/17 (Тотал)**

**Статус:** Судење во тек

**Датум на објава на случајот:** 23 март 2017 година

**Датум на поднесување обвинение:** 29 јуни 2017 година

**Потврдување на обвинение:** 3 октомври 2017 година

i. Преглед на обвинението

Во согласност со член 279(2)(1) од Кривичниот законик, СЈО поднесе обвинение против три компании за маркетинг и нивниот сопственик, Драган Павловиќ Латас (Латас)[91] за кривичното дело затајување данок во износ од 5.363.364,00 денари, односно 3.459.730,00 денари, а делото било извршено во периодот помеѓу 1 јануари 2008 година и 15 март 2016 година.

[91] Латас е, исто така, главен уредник во националната телевизија Сител.

**Тревник – К.бр.238/18 (Тревник)**

**Статус:** Судење во тек

**Датум на објавување на случајот:** 22 мај 2017 година

**Датум на поднесување обвинение:** 29 јуни 2017 година

**Потврдување на обвинение:** 24 јануари 2018 година

i. Преглед на обвинението

СЈО тврди дека во периодот помеѓу јули 2011 година и 24 јануари 2013 година, Латас и двајца членови од неговото семејство без дозвола за градба изградиле три викендички во Зелениково, притоа прекршувајќи го член 56(1) од Законот за градење. СЈО ги товари обвинетите за бесправно градење согласно член 244-а(1) од Кривичниот законик.

**Тифани – К.бр.144/18 (Тифани)**

**Статус:** Првостепената судска постапка е завршена на 19 февруари 2018 година.

**Датум на објава на случајот:** 23 март 2017 година

**Датум на поднесување обвинение:** 29 јуни 2017 година

**Потврдување на обвинение:** 5 јануари 2018 година

i. Преглед на обвинението

СЈО поднесе обвинение против компанија за консултантски услуги и комуникации и нејзиниот сопственик, Ивона Талевска (Талевска)[92], за сторено кривично дело затајување данок. Таа делото го сторила во временскиот период помеѓу 2008 година и 2015 година, при што истата затаила средства во износ од 1.671.611,00 денари првиот пат и 2.184.677,00 вториот пат.

## 3.4. Предмети преземени од Јавното обвинителство за кои веќе биле поднесени обвиненија

Во овој дел ќе дискутираме за тековните судења за предметите кои СЈО ги има преземено од ЈО во своја надлежност во согласност со член 11(1) од Законот за специјално јавно обвинителство. Согласно оваа одредба, СЈО може во која било фаза од постапките да презема предмети од ЈО кои спаѓаат во рамките на неговата надлежност. Освен случајот *Пуч,*

92 Талевска е, исто така, уредник во ТВ Сител.

фактите кои се однесуваат на овие случаи долго му претходат на скандалот со прислушувањето, а наводните кривични дејства на обвинетите не се однесуваат на незаконски пресретнатите комуникации. *Сопот* вклучува експлозија на мина кој се случи во 2003 година; *Монструм* го опфаќа убиството на 5 машки лица во 2012 година; а случајот *Шпион* опфаќа поранешни воени и разузнавачки агенти обвинети дека продавале државни тајни на странски разузнавачки служби во 2009 година. Постапките за овие случаи беа во активна фаза години пред формирањето на СЈО. Два од овие случаи (*Монструм* и *Сопот*) се чувствителни на етнички план од причина што обвинетите се етнички Албанци.

СЈО ја нема јавно објаснето својата одлука за преземање на овие случаи од ЈО. Се чини дека овие случаи биле преземени поради постоење на прислушуван материјал во кој се откриени разговори кои фрлаат сомнеж врз кредибилитетот на истрагите и судењата започнати од ЈО. Поради тоа, значењето на воспоставувањето надлежност во овие случаи од страна на СЈО не е ограничено само на утврдување одговорност за скандалот со прислушувањето, туку тоа исто така ги опфаќа и можните злоупотреби по однос на правните лекови на судскиот процес кои биле разоткриени преку скандалот со прислушувањето.



Сепак, треба да се нагласи дека кривичните дела сторени во тие случаи не се јасно поврзани со незаконското пресретнување на комуникациите. Во согласност со член 2(1) од Законот за СЈО, надлежностите на СЈО се ограничени на „кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконски пресретнатите комуникации помеѓу 2008 година и 2015 година. "Се разбира, кривичните дела на обвинетите во *Сопот, Монструм* и *Шпион* не произлегуваат од незаконски пресретнатите комуникации, но исто така е знак прашалник дури и дали кривичните дела извршени во тие случаи *се поврзани со* незаконското следење на комуникациите. Може да се аргументира дека воспоставувањето на надлежност врз овие тековни случаи од страна на СЈО се заснова врз зборовите „поврзано со".

**Пуч – КОК – 77/15 (Пуч)**

i. Основни информации

Во периодот помеѓу јануари и февруари 2015 година, по јавното објавување на Зоран Заев дека тој планира да ги објави незаконски пресретнатите разговори, на барање на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК), Основниот суд – Скопје издаде мерки на претпазливост против него и против други 5 лица

осомничени за незаконско прислушување, шпионажа и дестабилизација на земјата. По наредба на судот беа притворени поранешниот директор на УБК, Зоран Верушевски, неговата сопруга Соња Верушевска (вработена во Стопанска банка АД како преведувач по англиски јазик), Звонко Костовски (Костовски), вработен во УБК, Ѓорѓи Лазаревски (Лазаревски), вработен во МВР и Бранко Палифров (Палифров), вработен во Општина Струмица.[93] На Заев не му беше изречена мерка притвор. На 25 февруари 2015 година, Костовски се изјасни како виновен за кривичното дело неовластено прислушување и тонско снимање од член 151(4)(1) од Кривичниот законик и за кривичното дело помагање шпионажа од член 316(4) од Кривичниот законик. Судот го осуди Костовски на затворска казна до три години.

На 30 април 2015 година, ОЈО ГОКК поднесе обвиненија против останатите обвинети во случајот познат под името *Пуч*. ОЈО ГОКК го обвини Заев за кривичното дело насилство спрема претставници на највисоките државни органи сторено во обид, согласно членовите 311 и 19 од Кривичниот законик; Верушевски беше обвинет за кривичното дело неовластено прислушување и тонско снимање од член 151(4)(1), 23 и 45 од Кривичниот законик, шпионажа од член 316(4) од Кривичниот законик и помагање и поттикнување на кривичното дело насилство спрема претставници на највисоките државни органи, согласно членовите 311 и 24 од Кривичниот законик. Покрај тоа, Соња Верушевска беше обвинета за кривичните дела помагање и поттикнување на кривичното дело шпионажа од член 316(4) и 24 од Кривичниот законик; Лазаревски беше обвинет за кривичното дело неовластено прислушување и тонско снимање од член 151(4)(1), 23 и 45 од Кривичниот законик и помагање шпионажа од член 316(4) и 24 од Кривичниот законик; и Палифров беше обвинет за кривичното дело помагање и поттикнување на кривичното дело насилство спрема претставници на највисоките државни органи, согласно членовите 311 и 24 од Кривичниот законик.

ii. Преглед на обвинението

СЈО тврди дека, во периодот помеѓу 2010 година и 22 јануари 2015 година, поранешниот директор на УБК, Верушевски,[94] се стекнал со чувствителни и доверливи информации во врска со социо-политичката и економска

[93] Кон крајот на јули 2015 година, Соња Верушевска и Ѓорѓи Лазаревски платиле кауција во износ од 50.000 евра. И на двајцата обвинети им биле одземени пасошите.

[94] Во обвинението Верушевски се споменува како универзитетски професор во времето кога наводното дело било сторено.

ситуација во земјата (вклучително фотографии и профили за најистакнатите јавни личности). Верушевски планирал да ги достави информациите до неодредени странски разузнавачки служби. Верушевски наредил на Костовски (главен инженер во одделот за одржување и телекомуникации на 5-тата Управа на УБК, а потоа началник во одделението за информатика и техничка поддршка на операциите) да ги следи разговорите на неколку политички личности и видни јавни функционери во земјата, вклучувајќи ги тогашниот премиер, Груевски, министерката за внатрешни работи, Јанкулоска, министерот за транспорт и врски, Јанакиески, директорот на УБК, Мијалков, како и истакнати личности од опозицијата како што е Радмила Шеќеринска.[95] Костовски ги внел нивните телефонски броеви во системот за следење на комуникациите којсе користел во УБК. Покрај тоа, Костовски ги снимал разговорите, а снимките ги зачувал на УСБ стикови кои потоа ги предал на Лазаревски. Лазаревски потоа ги дал пресретнатите комуникации на Верушевски за тој да ги предаде на странските разузнавачки служби. Соња Верушевска ја преведувала содржината на снимките.



Според обвинението, освен споделувањето на гореспоменатите информации со странски разузнавачки служби, Верушевски ги споделил информациите и со Заев. На тајни средби Верушевски го советувал Заев за тоа како тој требал да ги искористи незаконски добиените информации. Средбите се закажувале со помош на Палифров, кој служел како допирна точка помеѓу нив двајцата, примајќи ги во својата куќа и предавајќи ги податоците на опозицискиот лидер (во пишана и електронска форма). Откако ги добил информациите, Заев му се заканил на тогашниот премиер Груевски за да формира привремена влада со кадри на СДСМ, принудувајќи го на предвремени избори.

### iii. Настани во текот на судењето

На 1 јуни 2015 година, Основниот суд – Скопје го потврдил обвинението. Судењето започнало на 5 август 2015 година. На 18 декември 2015 година, СЈО го презеде случајот поради неговата силна врска со скандалот со прислушувањето. На 18 јануари 2017 година, СЈО се откажа од обвинението објаснувајќи дека фактичката состојба претставена во обвинението не е конзистентна со доказите кои СЈО ги прибрало претходно во текот на истрагите *Тврдина* и *Таргет*.[96] СЈО дополнително објасни дека оваа одлука

---

[95] Радмила Шеќеринска е поранешна претседателка на СДСМ и актуелен министер за одбрана.

[96] Во периодот помеѓу 5 август 2015 година и 18 јануари 2017 година 11 закажани рочишта биле одложени поради разни причини. На 12-то рочиште одржано на 18 јануари 2017 година, СЈО го информирал судот дека ги повлекува обвиненијата

била донесена со цел да се соберат дополнителни докази со кои целосно би се разјасниле фактите, а со што ќе се овозможело да се донесе точна и законска обвинителска одлука.

iv. Спогодбата за признавање вина на Звонко Костовски

На 16 септември 2016 година, СЈО поднесе барање за заштита на законитоста до Врховниот суд и побара од судот да ја поништи осудителната пресуда на Костовски поради повреда на Кривичниот законик, во согласност со член 414 (1)(3) од ЗКП и поради нејасна и контрадикторна пресуда или пресуда во која не е наведен мотивот, во согласност со член 415 (1)(11) од ЗКП. Во поглед на кривичното дело неовластено прислушување и тонско снимање од член 151(4)(1), СЈО тврдеше дека ОЈО ГОКК не обезбедило докази во поглед на извршувањето на кривичното дело, освен контроверзното признание на обвинетиот. Според СЈО, иако осудата била заснована на спогодба за признание на вина, судијата требал да ја провери нејзината веродостојност и требал да провери дали постоеле докази во прилог на признанието. Во член 483 од ЗКП се наведува дека обвинителството треба да ја поднесе предлог спогодбата за признание на вина и одмерување на казната до судијата на претходната постапка „заедно со сите докази“. Освен тоа, член 489 од ЗКП наложува судијата на претходната постапка да ја одбие спогодбата ако тој „утврди дека прибавените докази за фактите важни за избор и одмерување на кривичната санкција не го оправдуваат изрекувањето на предложената кривична санкција“.

За кривичното дело шпионажа СЈО ја нагласи недоследноста создадена со спогодбата за признание на вина на Костовски. Основа за осудувањето на Костовски било неговото учество во помагањето на Верушевски да го изврши кривичното дело шпионажа, но сепак обвинението против Верушевски подоцна беше повлечено со што се создаде неправеден резултат. Затоа СЈО го постави реторичкото прашање како е возможно да се биде прогласен за виновен за помагање некого во извршување кривично дело кога сѐ уште не е докажано дали тоа лице кое било помогнато навистина го извршило предметното дело.

На 6 ноември 2017 година, Врховниот суд делумно го уважи барањето на СЈО за заштита на законитоста. Врховниот суд го поддржа аргументот на СЈО во поглед на кривичното дело потпомагање во вршење шпионажа согласно членовите 316(4) и 24 од Кривичниот законик. Соодветно на тоа, судот ја поништи осудителната пресуда во врска со ова обвинение и исто така ја поништи и казната. Сепак, Врховниот суд не го прифати аргументот

на СЈО во поглед на кривичното дело неовластено прислушување и тонско снимање од член 151(4)(1), 23 и 45 од Кривичниот законик. Покрај тоа, Врховниот суд забележа недоследност помеѓу усните аргументи на СЈО и пишаните аргументи на СЈО во барањето за заштита на законитоста. Судот наведе дека „на седницата која се одржа по поднесувањето на барањето, СЈО потврди дека постојат доволно докази кои укажуваат дека Звонко Костовски бил член на злосторничко здружение". Според судот СЈО детално ги опишало дејствијата на Костовски, како и неговата улога и придонес во целата шема. Покрај тоа, Врховниот суд истакнал дека Костовски бил сведок во поврзаниот случај Тврдина-Таргет, нагласувајќи дека „причината да не биде гонет од страна на СЈО [во тој случај] е фактот што неговата изјава била од особена важност за разоткривање на други сторители на кривични дела во согласност со член 43 од ЗКП". Согласно тоа, Врховниот суд ја потврди осудата само во поглед на кривичното дело за неовластено прислушување и тонско снимање, потврдувајќи ја затворската казна од една година која судијата на претходна постапка ја изрекол по однос на тоа обвинение.



**Сопот – КОК бр.53/10 (Сопот)**

На 4 март 2003 година, во селото Сопот, во околината на Куманово, се случи инцидент со мина во кој загинаа двајца војници на НАТО и еден цивил. ЈО поднесе обвинение на 11 март 2011 година против вкупно дванаесет лица (сите жители на село Сопот) за делата тероризам и загрозување на уставниот поредок и безбедност, во согласност со членовите 313, 327(2) и член 22 од Кривичниот законик. Случајот беше преземен од страна на СЈО на 10 јули 2017 година додека истиот беше во фаза на повторено судење[97] пред Основен суд – Скопје 1.СЈО побара надлежност врз овој случај по јавната презентација на неовластено пресретнатите комуникации направени помеѓу министерката за внатрешни работи, Јанкулоска и поранешниот директор на УБК, Мијалков. Разговорите открија дека можеби биле дадени ветувања со цел да се влијае врз исходот на случајот Сопот. Во октомври 2017 година, СЈО направи чекор кон прифаќање нови докази во случајот

[97] Помеѓу септември 2003 година и јуни 2009 година, ЈО поднесе пет одделни обвиненија против 11 лица за кривично дело Тероризам од чл.313, 327(2) и 22 од КЗ. Сите беа осудени на затворски казни во траење помеѓу 14 и 15 години кои казни беа потврдени од Апелациониот суд Скопје. На 19 февруари 2010 година Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот во Собранието го разгледа случајот и издаде извештај во кој се утврдени повреди на човековите права во случајот Сопот. На 11 март 2011 ЈО поднесе обвинение против 11 лица за кривично дело Тероризам. Повтореното судење започна во март 2011 година, а во јули 2017 година СЈО ја презеде надлежноста врз предметот.

како што се дополнителни сведоци и незаконски пресретнатите разговори. Во март 2018 година, СЈО се откажа од обвинението при што наведе дека не постоеле докази со кои би се докажала вината кај обвинетите. Единствениот доказ против обвинетите бил исказ на сведок кој бил подложен на тортура. Поради тоа, таа изјава за СЈО била неверодостојна и не можела да се користи на судење. Судот објави пресуда „со која го отфрли обвинението“ во согласност со член 402(3) од ЗКП, а СЈО информираше дека понатамошни истражни дејствија ќе бидат превземени во насока на идентификување на вистинските сторители на тој инцидент.

## Шпион – КОК бр.99/16 (Шпион)

Случајот шпион опфаќа неколку поранешни воени и разузнавачки агенти обвинети за кривичните дела кражба на класифицирани информации, уценување и изнудување. На 14 декември 2013 година, ОЈО ГОКК поднесе обвинение против 19 лица. Обвинителството тврдеше дека во 2009 година обвинетите формирале криминална организација со цел да собираат и продаваат разузнавачки информации за земјата на странски разузнавачки служби.[98] На 6 октомври 2014 година, Основниот суд ги прогласи за виновни обвинетите по сите точки од обвинението и им пресуди збирни казни од една до петнаесет години затвор. На 25 март 2016 година, СЈО го презеде случајот додека жалбената постапка беше во тек. Тогаш јавно не беа објавени причините од страна на СЈО за нивното барање да ја преземат надлежноста врз случајот. На 14 октомври 2016 година, Апелациониот суд ја уважи осудителната пресуда на Основниот суд во поглед на 13 обвинети, а притоа на некои од нив и им ги намали казните. Апелациониот суд ги поништи пресудите за 6 обвинети и нареди да се повтори судењето. Повтореното судење започна на 27 јануари 2017 година.

## Монструм – К.бр 66/17 (Монструм)

На 12 април 2012 година, пет машки лица беа убиени во близина на Смилковско езеро во Скопје. Сепак, од причина што убиството се случи еден ден пред Велики петок (православен Велигден) и жртви беа етнички Македонци, се сметаше дека убиството е етнички мотивирано. Во периодот помеѓу 2012 и 2013 година, ОЈО ГОКК обвини седум осомничени лица за кривичното дело тероризам согласно член 394(1)(1) од Кривичниот законик.

[98] Повеќе кривични дела се опфатени со обвинението: злосторничко здружение, согласно член 394(1) од Кривичен законик; шпионажа, согласно член 316(3) од Кривичен законик; Измама, согласно член 247(3)(1) од Кривичен законик; уценување, согласно член 259(2)(1) од Кривичен законик; оддавање државна тајна, согласно член 317(2) од Кривичен законик; и изнуда, согласно член 258(2)(1) од Кривичен законик

Судењето започна на 20 декември 2012 година и траеше до 30 јуни 2014 година. Судот прогласи шест обвинети за виновни и ги осуди на доживотни казни затвор. На еден обвинет му беше изречена ослободителна пресуда. На 9 октомври 2015 година, Апелациониот суд ја потврди пресудата на Основниот суд. По поднесената жалба од страна на обвинетите, на 31 октомври 2017 година, Врховниот суд ја укина пресудата и нареди повторување на судењето. Државниот јавен обвинител го поддржа барањето на одбраната за повторување на судењето поради фактот што постоеле процедурални недостатоци во текот на судењето, како и дека постоеле неоткриени снимки од следените комуникации кои фрлале сомнеж врз правичноста на постапките. СЈО го презеде случајот на 20 март 2018 година и во моментот е во фаза на повторно судење. Исто како и во другите случаи, СЈО јавно не ги објави причините за поднесеното барање да воспостави надлежност врз овој случај.

## 3.5. Тековни истраги



До рокот за поднесување обвиненија, 30 јуни 2017 година, СЈО нема завршено две од поновите истраги: *Талир* (објавена на 22 мај 2017 година) и *Табла* (објавена на 23 март 2017 година). Во *„Талир"*, Груевски и десет други лица се сомничат дека незаконски ја финансирале политичката партија ВМРО-ДПМНЕ преку перење пари во периодот помеѓу 2009 и 2015 година.[99]

Во „*Табла*", директорот на едно основно училиште се сомничи дека извршил злоупотреба на службена положба и овластување со тоа што не ја почитувал процедурата за јавни набавки при изградбата на ново училиште во село Зајас.

Седум други нови истраги беа објавени на прес-конференцијата одржана на 19 декември 2017 година[100]:

- *Странски служби:* поранешниот началник на 5-тата Управа на УБК (поттикнувач) и поранешен помошник во МВР (како стварен извршител) се сомничат дека во периодот октомври/ноември 2014 година ја злоупотребиле нивната положба и овластување со тоа што преку противзаконско јавно наддавање нарачале опрема за прислушување од странска компанија. Според СЈО, ова кривично дело било сторено со цел да се зајакне тврдењето на поранешниот премиер Груевски дека странски разузнавачки служби ја шпионирале земјата во време на скандалот со прислушувањето.

[99] Види веб сајт на СЈО, http://www.jonsk.mk/?p=807.
[100] *Види* веб сајт на СЈО, http://www.jonsk.mk/?p=1490.

- *Друмарина:* поранешен член на Собранието се сомничи дека незаконски наплатил средства за лажни патни трошоци и деловни патувања.

- *Рентген:* тогашниот министер за здравство се сомничи дека во 2012 фаворизирал една од компаниите кои учествувале во постапка за јавно наддавање за набавка на радиолошка опрема за четири здравствени институции.

- *Продуцент:* тогашниот министер за земјоделство се сомничи дека помеѓу 2009 и 2012 година финансирал снимање на телевизиска серија, во спротивност на Законот за јавни набавки.

- *Лидери:* СЈО го истражува уривањето на зграда која била нелегално изградена во периодот помеѓу 2011 и 2013 година

- Во „*Тарифа 2*": СЈО истражува можна злоупотреба во имплементацијата на софтверот ERP за компанијата за производство на електрична енергија, ЕЛЕМ, во врска со случајот *тарифа*.

- *Транспортер 2:* СЈО го продолжува постоечкиот предмет *транспортер,* а во врска со злоупотребата на постапката за јавни набавки при договарање услуга за превоз на ученици од основните и средните училишта во Битола. Истрагата опфаќа десет осомничени.

Во текот на истата прес-конференција, СЈО објави дека презело 3 случаи од ЈО во фаза на предистрага, конкретно: Скопје 2014, Актор и Космос.

На 20 март 2018 година, СЈО објави три нови истраги:[101]

- *Попис:* Поранешниот премиер, Груевски и лидерот на ДУИ, Али Ахмети, се осомничени дека извршиле злоупотреба на службена положба и овластување согласно член 353(1)(4) поради запирањето на веќе отпочнатиот попис на население во 2011 година. Поконкретно, осомничените побарале од Собранието да го повлечат Законот за попис под изговор дека постапката не била хармонизирана со меѓународните стандарди утврдени од страна на Евростат. Сепак, нивната вистинска намера била да ги сокријат вистинските податоци за демографската и економската состојба на земјата.

[101] Види веб сајт на СЈО, http://www.jonsk.mk/?p=1619.

- *Моќник:* Четворица осомничени; еден актуелен пратеник од ВМРО-ДПМНЕ; неговиот татко и поранешниот градоначалник на Македонски Брод се осомничени за измама и злоупотреба на службена положба во врска со противзаконска продажба на зграда во државна сопственост во општина Македонски Брод.

- *Актор:* Поранешниот премиер Груевски, поранешниот министер за транспорт и врски Јанакиески и осум други лица се осомничени дека ја наместиле постапката за јавни набавки за изградба на автопат (Демир Капија - Смоквица) во корист на компанијата АКТОР. Освен тоа, управата на АКТОР е осомничена за перење пари заедно со други две компании вклучени во градежните работи како подизведувачи.

# 4. Анализа на избрани проблеми

## 4.1 Вовед

Ова поглавје ги анализира правните прашања кои произлегуваат од забелешките од набљудувањето во рамките на овој извештај. Посебно внимание ќе се посвети на судската пракса по однос на мерките на претпазливост во случаите на СЈО пред и по поднесувањето на обвиненијата, како и на прашањето за допуштеноста на следените комуникации како докази во фазата на потврдување на обвинението.

## 4.2. Почетни предизвици со кои СЈО се соочуваше

### *4.2.1. Проблематична соработка*

Одбивањето на многу државни тела и институции да соработуваат со СЈО фрли дамка врз неговото првично функционирање. Како што е забележано во извештајот на Европската комисија од 2016 година, работата на СЈО „продолжи да се попречува во пракса. Во текот на истражната фаза кривичните судови редовно одбиваа да одобрат истражни мерки побарани од страна на СЈО, а и Советот на јавни обвинители и владејачката партија јавно ја критикуваа неговата работа.“[102] Ова се потврдува и во извештаите кои специјалната јавна обвинителка Јанева[103] ги има испратено на Собранието во кои таа изразува незадоволство за постојаните повреди што судските тела ги прават во врска со нивната обврска да ги почитуваат барањата на СЈО за навремено пружање помош, како и со првичното одбивање на ЈО да предаде случаи во согласност со член 11(2) од Законот за специјално јавно обвинителство.[104] Сепак, треба да се спомне дека во последните два извештаи Јанева признава дека поголемиот број на институции повеќе немале непријателски однос кон СЈО и биле подготвени да соработуваат.[105]

[102] Европска комисија, „Извештај за поранешната Југословенска Република Македонија, 2016 година“ од 9 ноември 2016 година, страна 13, (во понатамошниот текст „ Извештај на Комисијата на Европската унија, 2016 година“), достапен на https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2016/20161109_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf.

[103] *Види* прв извештај на СЈО, стр.13; втор извештај на СЈО, стр.11; и трет извештај на СЈО, стр.32.

[104] *Види* трети извештај на СЈО, стр.32; „Опструкциите врз работата на специјалната обвинителка Јанева се веќе потврдени од ЕУ!“ Тео Блажевски, https://bit.ly/2OtppR9; и „Застој во врска со пристапот до полициските податоци ја тресе Македонија“, Синиша Јаков Марушиќ, https://bit.ly/2eJwfUO.

[105] *Види* 4-ти извештај на СЈО, стр.24 и 5-ти извештај на СЈО, стр.34.

### *4.2.2. Претседателската амнестија*

Најголемата опструкција на работата на СЈО и процесот на утврдување одговорност за сторени кривични дела дојде од страна на претседателот на државата, Ѓорге Иванов. На 12 април 2016 година, Иванов прогласи општа аболиција на 56 лица. Во неговото обраќање до нацијата, Иванов нагласи дека причина за тоа било зачувувањето на интересите на државата, нејзината стабилност и независност и дека со тоа ќе се ставело крај на политичката криза.[106]

Имено, помилувањето се случи кратко по објавувањето на истрагите *Титаник* и *Тврдина* од страна на СЈО. Помеѓу помилуваните се најдоа и поранешниот премиер Груевски, поранешната министерка за внатрешни работи Јанкулоска и поранешниот министер за транспорт и врски Јанакиески.

Помилувањето на Иванов предизвика бура реакции кај опозицијата предводена од СДСМ и општата јавност, а вклучително и кај протестното движење познато како „шарена револуција“.[107] На протестите демонстрантите бараа оставка од владата и претседателот, како и мерки за подобрување на транспарентноста и рамноправноста на изборниот процес.[108] Помилувањето беше исто така силно критикувано и од страна на меѓународната заедница. Како што беше забележано од страна на Комисијата на ЕУ, овој потег „ја зајакна перцепцијата кај јавноста за неказнивост и селективна правда. Таквиот потег исто така покажа дека постои сериозен недостаток на политичка волја за ефективно ангажирање против корупцијата“.[109]



По двомесечен внатрешен притисок изразен во форма на внатрешни протести и критики изнесени од страна на меѓународната заедница, на 6 јуни 2016 година, Иванов ги повлече помилувањата, повикувајќи се на постоење нова реалност во земјата со функционални институции

---

106 *Види* „Иванов: Амнестија за едно лице и прекин на кривичните постапки за политичари“, http://netpress.com.mk/ivanov-amnestija-abolicija-pomiluvanje/2/.

107 Протести започнаа на 27 февруари 2016 година. *Види* „Македонија поднесува кривични пријави против демонстрантите во „шарената револуција”, Патрик Стрикланд, https://www.aljazeera.com/indepth/features/2016/06/macedonia-charges-protesters-colourful-revolution-160621113604856.html.

108 *Види* „Корупцијата во Македонија: четврта ноќ протести на кои се бараат предвремени избори“, 15 април 2016 година, https://www.bbc.com/news/world-europe-36058173.

109 *Види* Извештај на Комисијата на ЕУ, 2016 година, стр.16.

способни да се справат со предизвиците.[110] За оваа постапка беше потребно претходно да се измени и дополни Законот за амнестија, а со цел да се овозможи укинување на одредено помилување.[111]

Во оваа фаза, не е јасно дали повлеченото претседателско помилување ќе влијае врз случаите кои се решени во рамки на судството во земјата. Вреди да се напомне дека Врховниот суд на Грција се повика на повлеченото помилување за да ја оправда својата одлука за отфрлање на барањето за екстрадиција на двајца обвинети од страна на СЈО.[112]

### *4.2.3. Конфликт на надлежности со државниот јавен обвинител*

Конфликт на надлежности произлезе од контекстот на истрагата на СЈО – *Труст*. Во март 2017 година, барањето на СЈО за притворање на главниот осомничен во случајот, бизнисменот Сеад Кочан, беше одобрено од совет на судии од Основен суд – Скопје 1 , а откако претходно таквото барање било одбиено од судија поединец кој одлучувал во првостепена постапка. Советот исто така нареди итно извршување на одлуката за која жалбениот рок течеше. Мерката притвор беше подоцна потврдена и од Апелациониот суд.[113]

На 27 март 2017 година, државниот јавен обвинител поднесе барање за заштита на законитоста до Врховниот суд, барајќи од највисокиот суд да го прогласи итното извршување на мерката притвор како противзаконско.[114] Барањето за заштита на законитоста претставува вонреден лек кој државниот јавен обвинител може да го поднесе против конечни судски решенија со кои се крши законот, Уставот, или меѓународно ратификуван договор во согласност со член 457 од ЗКП. Јанева на таквиот чин реагираше преку поднесување против барање со кое таа го „повлече“ барањето поднесено од страна на тогашниот државен јавен обвинител, Марко Зврлевски (Зврлевски) и потврди дека таа има ексклузивна надлежност врз случајот



---

110 Помилувањата беа отповикани во две посебни фази. На 27 мај претседателот Иванов повлече 22 помилувања, вклучително и тие на високи јавни функционери. На 6 јуни тој објави дека ги повлекува и 34-те останати претседателски помилувања. Изјавите на Иванов се достапни на следните линкови: http://pretsedatel.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/3821-obrakanjepomiluvanja.html и http://www.president.mk/en/media-centre/press-releases/3830.html.

111 Службен весник бр. 2436, 20 мај 2016 година.

112 *Види* Одлука на Врховниот суд на Грција за случаите за екстрадиција на Горан Грујевски и Никола Бошкоски, од 18 мај 2018 година, достапно на: https://bit.ly/2uXZb1c.

113 За подетална анализа на мерките на претпазливост во овој случај, види подолу, ¶ 4.4.3.1.

114 Суштината на правното прашање кое го елаборираме е следното: дали мерката притвор изречена за првпат од страна на советот од член 25(5), а откако барањето за таква мерка претходно било одбиено од судија поединец, може веднаш да се изврши.

во согласност со член 5(3) од СЈО. На 11 мај 2017 година, со спорна одлука поради фактот што државниот јавен обвинител нема каква било надлежност во случаите на СЈО врз основа на Законот за СЈО, Врховниот суд го прифати барањето на Зврлевски и одлучи дека итното извршување на мерката притвор била незаконска. Наместо да го анализира прашањето за надлежност (или немањето надлежност) по однос на државниот јавен обвинител и да го одбие неговото барање како неприфатливо, судот се осврнал на меритумот (суштинските работи) на случајот. Иако ваквиот резултат нема многу практични последици врз личната слобода на осомничениот (имајќи предвид дека тој веќе бил бегалец), одлуката на Врховниот суд создава опасен преседан со тоа што му овозможува на државниот јавен обвинител да се меша во случај кој се наоѓа во надлежност на СЈО.

### *4.2.4. Прашањето за допуштеноста на прислушуваните материјали како докази пред Врховниот суд*



Во почетокот на април 2017 година, претседателот на Врховен суд, Јово Вангеловски (Вангеловски) побара од судот да даде правно мислење за допуштеноста на прислушуваните разговори во судовите. Вангеловски тоа го сторил преку поднесување писмено барање согласно член 37(1) од Законот за судови, а насловот на барањето гласел „Можат ли незаконски прибавените докази да се користат во судски постапки?“.[115] Во неговото барање Вангеловски зазел цврст став против *каква било* употреба на прислушуваните разговори во судските постапки. Според Вангеловски, следените разговори мора да се сметаат како „незаконско прибавени докази“ согласно член 12 од ЗКП.[116] Поради тоа, следените разговори требало да се користат само за истражни цели како отскочна штица за нови докази („само како индикации за истражување дали содржината на таквите комуникации резултира во кривично дело“),[117] и истите морале во суд да се издвојат од допуштените докази согласно член 93 од ЗКП. Одлуката на Вангеловски да активира *propriomotu* постапка пред Врховен суд беше експресно поврзана со барањето на СЈО тој самиот да се изземе од одлучување по барањето за заштита на законитоста во предметот Труст (види го пасусот погоре)[118]

[115] Во согласност со член 37(1) од Законот за судови, Врховниот суд обезбедува единство во примената на законите од страна на судовите по сопствена иницијатива или по иницијатива на судиите од подолните судови со издавање обрзувачки мислења.

[116] Член 12 од ЗКП гласи: „Доказите прибавени на незаконит начин или со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот(…), законот и меѓународните договори, како и доказите произлезени од нив, не можат да се користат и врз нив не може да се заснова судската одлука.“

[117] Извадок од барањето на претседателот на Врховниот суд, Јово Вангеловски.

[118] Согласно член 37(1) од Законот за судови, член 36(2) од ЗКП, Врховниот суд на општа седница одлучува по барањата за изземање на претседателот на Врховниот суд.

поради фактот што тој беше еден од лицата чиј глас можеше да се слушне во прислушуваните разговори. Како што е дискутирано во овој извештај, ова претставува клучното прашање од кое зависи успешното гонење во случаите на СЈО. На 22 мај 2017 година, Врховниот суд извести дека ја одложил седницата и сè уште понатаму не го разгледал прашањето..[119]

## 4.3. Обвинителска стратегија: одлуки на СЈО во однос на обвинетите, постапките иобвиненијата

### *4.3.1.Обвинети*

СЈО поднесе обвиненија во 20 кривични случаи против вкупно 142 обвинети (вклучувајќи седум компании). Постојат пет големи случаи кои опфаќаат повеќе обвинети: *Титаник 1* и *Транспортер* (21 обвинет во двата предмета), *Титаник 2* (11 обвинети), *Тврдина-Таргет* (15 обвинети) и *Центар* (14 обвинети) .Придржувајќи се до горе направената тематска дистинкција на случаите (т.е. случаите поврзани со *причините и модалитетите* на скандалот со прислушувањето и оние кои произлегуваат од незаконските разговори), можеме да го заклучиме следното: во трите случаи каде се истражува изворот на скандалот со прислушување (*Тврдина 2*, *Тврдина-Таргет* и *Трезор)* обвинето е претходното раководство на УБК, заедно со пониски службеници на истиот орган. Поточно, обвинети се поранешниот директор на УБК, Мијалков, поранешниот шеф на кабинетот на Мијалков, Јакимовски и поранешниот началник на 5-тата Управа на УБК, Грујевски. И поранешната министерка за внатрешни работи, Јанкулоска е исто така обвинета во случајот *Тврдина-Таргет* бидејќи го потпомогнала извршувањето на наводните кривични дела. Освен Јанкулоска, во овие случаи не е обвинет друг носител на политичка функција од поранешната владејачка партија.

Покрај тоа, во 11 од 17-те случаи, кои беа отворени поради следените комуникации, опфатени се највисоките функционери на претходната владејачка партија ВМРО-ДПМНЕ. Еден од најзначајните случаи е *Титаник 1* во кој поранешниот премиер Груевски, поранешната министерка за внатрешни работи Јанкулоска, поранешниот министер за транспорт и врски Јанакиевски, поранешниот генерален секретар на владата Кирил Божиновски и поранешниот шеф на кабинетот на Груевски, Мартин Протуѓер се обвинети за злосторничко здружение со цел извршување кривични дела поврзани со изборите.



[119] *Види* веб сајтот на Врховниот суд, https://bit.ly/2LzSzA7.

Поранешниот премиер Груевски е обвинет во вкупно пет случаи.[120] Освен тоа, пет од седумнаесетте случаи (*Транспортер, Тифани, Тотал, Труст* и *Тревник*) не опфаќаат обвинети лица кои високо рангираат и истите се однесуваат на кривични дела извршени на ниво на локална самоуправа или во рамки на приватниот сектор.

Со оглед дека јавно беа објавени неколку следени разговори со кои членови на ДУИ беа имплицирани во можни криминални активности,[121] треба да се спомене дека СЈО обвини само едно лице поврзано со ДУИ (во Титаник 3). Во одговор на новинарско прашање во јуни 2017 година, Јанева објасни дека, иако во тоа време немало други отворени истраги против членови на ДУИ, СЈО имало обработено само 42% од прислушуваните разговори.[122] Како што беше дискутирано во ¶ 3.5, во март 2018 година СЈО ја објави истрагата *Попис* против, .меѓу другите, лидерот на ДУИ, Али Ахмети.



### *4.3.2. Постапки*

ЗКП содржи одреден број на забрзани форми на постапки во согласност со член 468 - 500, како што е скратената постапка. Скратена постапка се применува кога законот пропишува пониска казна за кривичните дела за кои е поднесено обвинение, поконкретно за парична казна или за казна затвор до пет години. Главните разлики помеѓу скратената и редовната постапка се следните:

(i) Во скратената постапка обвинителот ги презема сите потребни дејствија во текот на предистражната фаза, односно во оваа постапка не постои формална фаза на истрага.

---

120 Освен *Титаник 1*, Груевски е обвинет во *ТНТ* каде тој е обвинет за поттикнување на противзаконско уривање зграда во сопственост на политички противник; во Центар тој е обвинет за поттикнување насилство во текот на протести против општинските советници на СДСМ; во *Траекторија* и *Тенк* тој е обвинет за незаконско влијаење во изборот на компанијата изведувач.

121 *Види:* Скандалот со прислушување, сет: Пазарот „Чаир и Тетово", достапно на: http://truthmeter.mk/wiretapping-scandal-set-38-the-chair-and-tetovo-exchange/. Види исто така, Slobodnaevropa.mk, Заев: ДУИ се вмешани заедно со Груевски во криминал и корупција, 16 јуни 2015 година, https://www.slobodnaevropa.mk/a/27075282.html; Kapital.mk, ДУИ останува во владата бидејќи е иста како ВМРО ДПМНЕ, 16 јуни 2015 година, http://kapital.mk/zaev-dui-ostanuva-vo-vladata-zashto-e-ista-kako-vmro-dpmne/; Focus.mk, Заев: Ахмети договара продажба на имот на бизнисмен за 1000 евра по метар квадратен, 16 јуни 2015 година, http://fokus.mk/zaev-ahmeti-posreduva-na-biznismen-da-mu-se-prodade-imot-za-1-000-evra-kvadrat/.

122 *Види* видео на прес конференцијата, минута 1:12, на https://www.youtube.com/watch?v=5nHB2N4twpQ.

(ii) Во скратената постапка нема формално потврдување на обвинителниот процес. Судијата, по примање на обвинителниот предлог од обвинителството, веднаш ќе одреди датум за главното рочиште (освен ако не најде основи за отфрлање на обвинителниот предлог). Спротивно на тоа, во стандардната постапка на судење процесот е подолг. Законот наложува различен судија/совет од судии да го прегледа обвинението, а на обвинетиот му овозможува да даде приговор на обвинението, додека пак на судијата му наложува обвинението да го оцени на формално рочиште.

Примената на скратената постапка е поврзана со кривичните дела за кои се поднесува обвинение од страна на обвинителството. Од 20 случаи само првите две обвиненија поднесени од СЈО во септември 2016 година за случаите *Тврдина 2* и *Центар* вклучуваа скратени постапки. За 17-те случаи за кои СЈО поднесе обвиненија во јуни 2017 година се водеа регуларни судски постапки.[123] Сепак, во седум од овие случаи 13 обвинети се товарат за кривични дела за кои казната затвор е помала од пет години и поради тоа судењето за нив се спроведува во рамки на скратена постапка. Процедурално, овие скратени постапки се поврзани со главниот случај и обвинетите учествуваат во истите судски постапки како нивни сообвинети. Двајца од обвинетите, кои се товарат за кривични дела за кои предвидена е казна помала од пет години, доаѓаат од високите кругови. Поранешниот премиер Груевски е обвинет во пет случаи (*Титаник 1, Траекторија, Тенк, Центар* и *ТНТ*), при што за три од овие случаи се спроведува скратена постапка (*Тенк, Центар и Траекторија*).Мијалков, поранешен директор на УБК, е обвинет во четири случаи (*Титаник 2, Тврдина-Таргет, Тортура и Трезор*), при што за два од овие случаи се спроведува скратена постапка (*Тврдина-Таргет* и *Титаник 2*).



### *4.3.3. Обвиненија*

Има два случаи во кои обвинителството тврди дека постоеле широко распространети криминални мрежи создадени со помош на злосторнички здружувања согласно член 394 од Кривичниот законик, а особено забележливи во *Титаник 1* и *Тврдина-Таргет*. Во овие злосторнички здружувања инволвирани се тогашното раководство на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ (која беше на власт од 2006-2017 година) и Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК).

Во 9 случаи најчесто кривично дело за кое СЈО поднело обвинение е

[123] Случајот *Транспортер* објавен во април 2017 година исто така е предмет на стандардна судска постапка.

злоупотребата на службената положба и овластување согласно член 353 од Кривичниот законик. Во осум од деветте случаи обвинението се однесува на член 353 (5) од Кривичниот законик кој препишува повисока казна (најмалку пет години) и се применува тогаш кога службениците ја злоупотребуваат нивната службена положба „при вршење јавни набавки“ или кога со кривичното дело се нанесува„штета на средствата од Буџетот на [републиката], на јавните фондови или на други државни фондови“.

Други кривични дела за кои СЈО поднело обвиненија се следните: член 165-а од Кривичниот законик – злоупотреба на фондови за финансирање изборна кампања; член 160 од Кривичниот законик – повреда на слободата на определување на избирачите; член 159 од Кривичниот законик – повреда на избирачкото право; член 275-в од Кривичниот законик – злоупотреба на постапката за јавен повик; член 279 од Кривичниот законик – даночно затајување; член 359 од Кривичниот законик –примање награда за противзаконито влијание; член 244-а од Кривичниот законик – бесправно градење; член 361 од Кривичниот законик – фалсификување службена исправа; член 386 од Кривичниот законик – насилство; член 142 од Кривичниот законик – мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување.



Иако Мисијата не беше во позиција да ги разгледува доказите во овие случаи, а тоа и онака е во рамки на дискрецијата на обвинителот да одлучува како да ги квалификува кривичните дела во обвиненијата, сепак очигледно е дека некои кривични дела кои можеа да се препишат на некои од наводните факти во обвиненијата беа изоставени од страна на СЈО. На пример, во случајот *Тврдина-Таргет*, каде СЈО го обвини поранешниот директор на УБК и неколку други вработени за вршење на незаконското следење на комуникациите, никој не беше обвинет за неовластено прислушување и тонско снимање согласно член 151 од Кривичниот законик.[124] Како што наведовме претходно, во *Тврдина 2* СЈО тврди дека Груевски наредил на шест административни службеници (негови подредени) во УБК да уништат документи поврзани со опремата за прислушување. Иако фактите наведени во обвинението се состојат од уништување докази, обвинетите се товарат за фалсификување службена исправа согласно член 361(2)(1) од Кривичниот законик.

[124] *Види* член 151(1) од Кривичниот законик: „ Тој што со употреба на посебни уреди неовластено прислушува или тонски снима разговор или изјава што не му е наменета, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година(...). “ Став (4) од истата одредба гласи: „Ако делото од ставовите 1, 2 и 3 го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.“

Една можна причина за загриженост е тоа дали овие случаи во доволна мера го отсликуваат целосниот обем на кривични дела откриени во незаконски следените комуникации. На пример, не постојат случаи кои опфаќаат некои од најзагрижувачките разговори објавени во 2015 година со кои се разоткрија наводи за контрола врз назначувањето, дисциплинирањето и разрешувањето на судии од страна на извршната власт;[125] исто така и снимките во врска со наводните злоупотреби околу урбанистичкиот план „Скопје 2014", промовиран од владата на ВМРО-ДПМНЕ, не резултираа во какво било обвинение.[126] Сепак, на 19 декември 2017 година, СЈО објави дека тие го презеле случајот за Скопје 2014 од ЈО. Како што е објаснето претходно, не е јасно дали 18-месечниот законски рок тече од датумот на преземање на материјалите или од датумот на преземање на случајот од ЈО. Доколку второто е точно, тогаш СЈО може сè уште да поднесе обвинение до јуни 2019 година.

### *4.3.4 Транспарентност*



Легитимно е да се очекува дека СЈО ќе истражува и ако е оправдано ова обвинителство ќе го гони целиот делокруг на кривични дела и сите осомничени (во зависност од тоа дали доказите дозволуваат) откриени во скандалот со прислушувањето.

Иако целосно е на СЈО да одлучи што да истражува и кого да гони, важно е СЈО јавно да ги соопштува таквите одлуки. Ова не се однесува само на одлуки за отворање истраги и поднесување обвиненија, за што СЈО навремено ја информира јавноста, туку и за одлуки за откажување кога обвинителите на СЈО ќе заклучат дека не постојат доволно докази за да се истражува некој предмет или да се гони одредено лице. Информирањето на јавноста за овие одлуки не значи компромитирање на доверливоста на истражниот процес.

125 *Види*„Македонската опозиција: Транскриптите покажуваат „запрепастувачко" мешање во судовите", Синиша Јаков Марушиќ,15 февруари 2015 година, https://bit.ly/2JcpGJk.

126 *Види* „Скопје 2014 под лупа", http://skopje2014.prizma.birn.eu.com/; „Новите снимки покажуваат дека македонскиот премиер „го дизајнирал" Скопје 2014", Синиша Јаков Марушиќ, 1 јуни 2015 година, http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonian-opposition-exposes-skopje-revamp-project; „Вистинскиот трошок за „Скопје 2014" е откриен", Мери Јордановска, 27 јули 2015 година, https://bit.ly/1LPk28D.

## 4.4. Примената на мерки на претпазливост во предметите на СЈО

### *4.4.1. Национална правна рамка*

Мерките на претпазливост претставуваат прелиминарни одлуки од процедурална природа кои се засноваат врз сомневање или елементи кои во себе содржат инкриминирачки докази. Првенствена цел на мерките на претпазливост е да се обезбеди присуството на обвинетиот на судењето каде неговата вина ќе треба да се утврди надвор од разумно сомневање.

Поради тоа, мерките на претпазливост влијаат на личната слобода на луѓето кои се претпоставуваат за невини во фазата во која мерките се преземаат.

Мерките на претпазливост од членовите 144-180 од ЗКП се опфатени во Глава XVI со наслов: „Мерки за обезбедување присуство на лица и за непречено водење на кривичната постапка". ЗКП ги наведува таквите мерки во постепен редослед врз основа на нивната рестриктивна природа: покана, мерки на претпазливост, гаранција, приведување, лишување од слобода, задржување, краткотраен притвор, куќен притвор и притвор.[127] Во согласност со меѓународните стандарди, член 144(2) од ЗКП налага да се примени помалку рестриктивна мерка кога фактите укажуваат дека таа е доволна за постигнување на планираната цел.[128]

Со член 165 од ЗКП се утврдуваат условите кон кои судот мора да се придржува при изрекување на мерката притвор. Првиот услов е постоењето на разумно сомневање дека осомничениот извршил кривично дело.[129] Со други зборови, за да ја оправда одлуката судот мора прво да потврди дека постојат доволно инкриминирачки докази против осомниченото или обвинетото лице. Штом ќе се утврди дека постои разумно сомневање, судот може да донесе одлука за изрекување притвор поради следните правни причини: (i) ако лицето се крие, ако не може да се утврди неговиот идентитет или ако постојат други околности кои укажуваат на опасност од бегство; (ii) ако постои основан страв дека ќе ги уништи трагите на кривичното дело или ако особени околности укажуваат дека ќе ја попречува истрагата со влијание врз сведоците или соучесниците; и (iii) ако особени околности го оправдуваат стравот дека ќе го повтори кривичното дело, или ќе го доврши обиденото кривично дело или дека ќе стори кривично



[127] *Види* чл.145-180 од ЗКП.

[128] Член 144(2) од ЗКП гласи „При одлучувањето која од наведените мерки ќе ја примени, судот ќе се придржува кон условите определени за примена на одделни мерки, водејќи сметка да не се применува потешка мерка ако истата цел може да се постигне со поблага мерка."

[129] *Види* член 165(1) од ЗКП.

дело со кое се заканува.[130]

Покрај тоа, член 167(2) од ЗКП содржи строги услови во поглед на основите за примена на мерката притвор. Поконкретно, таквите одлуки ги содржат: (1) сите факти и докази кои потврдуваат дека постои основано сомневање дека обвинетиот го сторил кривичното дело; (2) посебните причини кои ја оправдуваат секоја посебна основа за притвор; и (3) конкретни причини со кои може да се утврди дека целта на притворот (т.е. обезбедување присуство на обвинет) не може да се постигне со примена на други мерки.

Мерките на претпазливост претставуваат самостојна фаза на кривична постапка која се карактеризира со строги рокови. Најчесто нив ги изрекува судија на претходна постапка во истражна фаза, а по барање на обвинителството.[131] Во согласност со член 169(1) од ЗКП, судијата на претходна постапка мора да издаде решение за притвор во рок од шест часа од изведувањето на лицето пред него. ЗКП предвидува двостепен систем на судска ревизија на мерките на претпазливост. Согласно член 25(5) од ЗКП, решението за притвор издадено од страна на судијата на претходна постапка во текот на истрагата може да се побива пред совет на првостепениот суд составен од тројца судии (во понатамошниот текст: „совет од член 25(5)“). Во некои случаи одлуката на советот од член 25(5) може да се побива пред Апелациониот суд.[132]

Исто така обвинителството може да побара мерки на претпазливост против обвинетиот и по затворањето на истрагата кога веќе е поднесено обвинение и кога истото е во фаза на одобрување. Согласно член 322(1) од ЗКП, во овие случаи советот од член 25(5) има надлежност да одлучува за побараната мерка во рок од дваесет и четири часа. Оваа одредба не наведува дали одлуката која ќе ја донесе советот од член 25(5) може да биде предмет на понатамошна жалбена постапка. Сепак, општата клаузула предвидена во член 440 од ЗКП мора да се смета за применлива. Согласно оваа одредба, доколку со закон не е поинаку пропишано, „странките или лицата чии права се повредени“ можат да поднесат жалба против секое решение издадено од страна на првостепен суд. Следствено на тоа, одлуката на советот од член 25(5) може да се побива пред Апелациониот суд.[133]



130 *Види* член 165(1), ¶¶ (1)(2)(3) од ЗКП.

131 *Види* член 146 (5) од ЗКП за мерки на претпазливост кои не вклучуваат притвор и член 168 и 169 од ЗКП за мерката притвор.

132 *Види* член 146 (6) од ЗКП за мерки на претпазливост кои не вклучуваат притвори член 169 (3) од ЗКП за мерката притвор.

133 *Види* член 25(7) од ЗКП.

### *4.4.2. Меѓународна правна рамка*

Пресумпцијата на невиност и правото на слобода и безбедност на луѓето го ограничува овластувањето за примена на мерката притвор.[134] Меѓународните и регионалните инструменти за човекови права воспоставуваат одредени процедурални гаранции и минимални стандарди поврзани со притворот. Според Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП), член 9 (1), „Никој не може да биде лишен од слобода, освен од причина и во согласност со постапка предвидена со закон “. Важно е да се напомене дека МПГПП наложува притворот да се користи како исклучок, а не како правило. Согласно член 9(3) од МПГПП, „Задржувањето во притвор на лица кои чекаат на судење не е задолжително, но пуштањето на слобода може да биде условено со гаранции дека лицата ќе дојдат на претресот, како и на сите други дејствија на постапката и, доколку е потребно, заради извршување на пресудата“. Со други зборови, притворот треба да се користи само како последно средство.

Слично изразување е употребено и во член 5(1) од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП). Последниот инструмент е експлицитен во однос на ограничените околности под кои притворот е дозволен, особено кога постои основано сомневање дека лицето извршило кривично дело „или кога основано се смета како неопходно да се спречи да изврши кривично дело или да побегне откако го извршило“.[135] Оваа одредба доведе до четири главни основи за изрекување на мерката притвор во прецедентното право на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП): (i) опасност од бегство, (ii) попречување на постапките, (iii) повторување на кривичните дела, и (iv) зачувување на јавниот ред.[136] ЕСЧП доследно смета дека примената на секоја основа не може да биде „општа и апстрактна“.[137] Напротив, „аргументите за и против ослободување мора да се повикаат на конкретните факти и личните околности на жалителот со кои се оправдува неговиот притвор“.[138]

Согласно член 5(3) од ЕКЧП, притвореното лице„ (...) има право на судење во разумен рок или да биде ослободено додека трае судењето. Ослободувањето од притвор може да биде условено со гаранции што обезбедуваат лицата што се во прашање да дојдат на претресот“. Оваа одредба содржи пресумпција во корист на ослободувањето. Додека не



[134] *Види* Набљудувачка мисија на ОБСЕ во Скопје, „Притвор пред судењето: национална пракса и меѓународни стандарди“, стр. 8, Скопје, март 2008 година.

[135] *Види* член 5(1)(в) од ЕКЧП.

[136] *Види* ЕКЧП, „Водич за членот 5 од Конвенцијата: право на слобода и безбедност“ стр. 27-28.

[137] *Види* исто така, ЕСЧП, *Клут против Белгија*, жалба бр. 12718/87, ¶ 44 (5 март 1998 година).

[138] ЕСЧП, *Алексанјан против Русија*, жалба бр. 46468/06, ¶ 177 (22 декември 2008 година).

се осуди обвинетиот, тој мора да се смета за невин и затоа мора да биде пуштен веднаш штом неговиот продолжен притвор ќе престане да биде основан.[139] Според оваа логика, прецедентното право има разјаснето дека кога се носи решение за ослободување или притворање на одредено лице, властите се должни да ги земат во предвид алтернативните мерки со кои може да се гарантира присуството на лицето на судењето.[140]

На крајот, во согласност со член5 (4) од ЕКЧП, „Секое лице лишено од слобода со апсење или притворање има право да вложи жалба до судот, и тој во кус рок да ја разгледа законитоста на тоа лишување од слобода и ако тоа не било законско, да нареди негово ослободување". Оваа одредба предвидува притворените лица да имаат право активно да бараат судска ревизија на нивниот притвор. [141]

### *4.4.3. Барања за примена на мерки на претпазливост пред поднесување обвиненија*

Во текот на истрагите СЈО има побарано различни видови на мерки на претпазливост согласно ЗКП (од притвор до одземање на патната исправа или забрана за вршење определени работни активности). Според извештаите за работата на СЈО, во периодот помеѓу март 2016 година и март 2017 година,[142] ова обвинителство побарало притвор за 23 лица во четири истраги.[143] Судот изрекол притвор на пет лица, а потоа по неколку дена откако одбраната поднела жалба, таа мерка била заменета со куќен притвор или со полесна мерка на претпазливост.[144] Судот ги одбил барањата на СЈО за изрекување на мерката притвор по однос на останатите обвинети лица. При одбивањето на барањата за притвор, судот изрекол полесни мерки на претпазливост на осум лица.[145] Покрај мерката притвор, во 6 истраги СЈО има исто така побарано од судот да изрече полесни мерки на претпазливост против 23 обвинети лица. Од овие мерки судот прифатил само една.[146]



139 *Види* ЕСЧП, *Василикоски и други против поранешна Југословенска Република Македонија*, жалба бр. 28169/08, ¶ 55 (20 октомври 2010 година).

140 *Види* ЕКЧП, „Водич за членот 5 од Конвенцијата: право на слобода и безбедност" стр. 29.

141 *Id.*, стр. 30.

142 Податоците содржани во овој став се засноваат врз податоците од 2-от и 3-от извештај на СЈО.

143 *Види Транспортер* (12 лица), *Тврдина* (едно лице), *Титаник* (девет лица) и *Труст* (едно лице).

144 Во случајот *Транспортер* судијата на претходната постапка изрекол притвор на тројца осомничени, а во случаите *Тврдина* и *Труст* таква мерка изрекол советот од член 25(5).

145 Судот изрекол куќен притвор на две лица и други неконкретни мерки на претпазливост на шест лица.

146 *Види Труст*, во случајот *Тендери*, иако советот од член 25(5) изрекол мерки, таквите мерки подоцна биле поништени во жалбена постапка.

### *4.4.3.1.Притворот на Сеад Кочан во истрагата Труст*

На 28 февруари 2017 година, СЈО побара притвор за Сеад Кочан (прво осомничен во истрагата *Труст*). На 7 март 2017 година, судијата на претходна постапка го одби барањето на СЈО. Два дена подоцна, постапувајќи по жалба на СЈО, советот од член 25(5) ја усвои жалбата на СЈО и на Кочан му одреди 30 дневен притвор, наредувајќи веднаш да се изврши мерката. На 15 март 2017 година, Апелациониот суд го потврди притворот. Сепак, мерката притвор никогаш не се спроведе од причина што Кочан веќе беше надвор од земјата.

На 27 март 2017 година, согласно член 457[147] од ЗКП, државниот ЈО поднесе барање за заштита на законитоста до Врховниот суд барајќи од него да донесе решение дека советот од член 25(5) и Апелациониот суд го повредиле законот со тоа што наредиле итно извршување на наредбата за притвор додека рокот за поднесување жалба течел. Како што забележавме претходно, постапка пред Врховниот суд за овој предмет поведе државниот ЈО кој немал надлежност да постапува. Тука е и прашањето во однос на правниот проблем со кој се соочуваме, т.е. дали притворот како мерка на претпазливост, изречен за првпат од страна на советот од член 25(5), постапувајќи како второстепен орган откако судија на претходна постапка претходно одбил барање за изрекување притвор, може веднаш да се изврши. За ова се осврнавме на правните аргументи презентирани од државниот ЈО во барањето за заштита на законитоста.



Аргументот на државниот ЈО се засноваше врз член 169 од ЗКП со кој се уредуваат решенијата за притвор наспроти правото на жалба. Во член 169(3) од ЗКП јасно е наведено дека жалбата на обвинителството, поднесена против решение на судија на претходна постапка со кое се одбива одредено барање за изрекување притвор, „не го задржува извршувањето на решението“. Сепак, истата одредба се осврнува на ревизијата на советот од член 25(5) врз решението на судијата на претходна постапка, без притоа да наведе дали решението е веднаш извршно. Со други зборови, ЗКП не кажува дали решенијата за притвор што советот од член 25(5) ги донесува по првпат, а постапувајќи во својство на второстепен орган, можат веднаш да се извршат. Што се однесува на ЈО, ова прашање е уредено со општото начело од член 442 од ЗКП кое гласи: „ако поинаку не е определено, со поднесувањето на жалбата на решението се одлага извршувањето на решението против кое е изјавена жалба“. Следствено на тоа, ЈО тврдеше

[147] Член 457 од ЗКП наведува дека главниот јавен обвинител „може да поднесе барање за заштита на законитоста [до Врховниот суд] ако е повреден [Уставот], законот или меѓународен договор, ратификуван согласно со [Уставот]. “

дека решението за притворот на Сеад Кочан не можело да биде извршно веднаш. На 11 мај 2017 година, Врховниот суд го уважи барањето на ЈО и го прифати неговиот аргумент. Покрај тоа, судот наведе дека решението на советот од член 25(5) и Апелациониот суд не содржеле доволно факти и докази со што би се оправдале основите за сомневање дека Кочан го извршил кривичното дело за кое тој беше обвинет.[148]

Одлуката на судот ја разјасни правната рамка со која се уредува извршувањето на мерката притвор изречена од советот од член 25(5), постапувајќи како второстепен суд. Збунетоста се должеше на текстот од член 169 од ЗКП кој гласи дека одлуката на судија на претходна постапка со која се изрекува притвор е секогаш веднаш извршна, иако тој член останува нем во поглед на извршноста на мерките притвор кои по првпат ги изрекува советот од член 25(5). Врховниот суд разјасни дека кога советот од член 25(5) по првпат изрекува притвор по претходна жалба поднесена од страна на обвинителството против одлука на судија на претходна постапка, кој го одбил барањето за изрекување притвор, тогаш мерката не е веднаш извршна додека трае жалбената постапка пред Апелациониот суд. Следствено на тоа, додека се води жалбена постапка, обвинетото лице ќе остане на слобода.



Одлуката предизвика многу контроверзии во земјата и многу луѓе на неа гледаа како да е незаконска и како да има за цел да ја попречи работата на СЈО. Како што веќе кажавме, судот требаше да го отфрли барањето на главниот ЈО како недопуштено. Сепак, одлуката се придржува до словото на ЗКП во поглед на нејзиниот меритум, т.е. решенијата за мерката притвор издадени по првпат од страна на советот од член 25(5) се со одложена извршност додека трае жалбената постапка. Овој случај покажа мана во рамката на ЗКП која веројатно ја оневозможува целта на одредувањето притвор со тоа што на осомничениот му се дава шанса да побегне, да уништува докази или да го повтори кривичното дело додека трае жалбената постапка. Иако оваа одлука беше небитна во овозможувањето на бегството на Кочан, таа можеби поставила преседан со кој се овозможува бегство во случајот *Тврдина-Таргет.*

148 Поради тоа, според Врховниот суд советот од член 25(5) и Апелациониот суд ги прекршиле член 415(1), 11, член 167(1), ¶ 3 и член 167(2), ¶ 1 од ЗКП. Врховниот суд ги поништил решенијата. Сеад Кочан се врати во земјата и беше хоспитализиран. На 18 мај 2017 година, уште еднаш судијата на претходната постапка го одби барањето за притвор поднесено од СЈО, овој пат поради здравствени проблеми на осомничениот. Сепак, судот побара гаранција од обвинетиот во вредност од 875, 298.56 евра и му изрече други мерки на претпазливост, односно му ја одзеде неговата патна исправа и му нареди неделно да се јавува во судот.

### *4.4.4. Барања за примена на мерки на претпазливост при поднесувањето на обвиненијата*

Помеѓу 29 и 30 јуни 2017 година, СЈО поднесе 17 обвиненија, покрај трите што беа претходно поднесени (*Центар, Тврдина 2* и *Транспортер*). Првите три обвиненија не содржеа барања за одредување мерки на претпазливост, но, сепак со поднесувањето на последните 17 обвиненија СЈО побарал од судот да одреди притвор за 18 лица во осум случаи и полесни мерки на претпазливост за 47 луѓе во 11 случаи (т.е. периодична обврска за јавување во суд, одземање патна исправа и забрана за вршење одредени работни активности). Покрај тоа, СЈО од судот побарал да одреди притвор за неколку лица од раководството на ВМРО-ДПМНЕ во *Титаник 1*, за двајца општински советници во *Титаник 3* и за највисоките функционери на УБК во *Таргет*. СЈО бараше одредување на мерката притвор во согласност со член 165 од ЗКП. Во поголемиот број случаи, СЈО како основ за изрекување на мерката притвор ги наведе ризикот од бегство согласно член 165(1)(1) од ЗКП како и можноста за влијание врз сведоци согласно член 165(1)(2) од ЗКП.



Советот од член 25(5) ги отфрли сите барања за притвор и наместо притвор изрече полесни мерки.[149] Судот одговори позитивно во случаите каде СЈО имаше побарано изрекување полесни мерки на претпазливост. И СЈО и одбраната ги обжалија судските одлуки. Апелациониот суд ги потврди решенијата на советот од член 25(5) во сите случаи, освен во *Тврдина-Таргет*, каде на 17 јули 2017 година судот го прифати барањето на СЈО за одредување мерка притвор на Јакимовски, Грујевски и Бошкоски[150] поради постоење дефинитивен ризик од бегство и влијание врз сведоци. Ваквата одлука беше обжалена пред Врховниот суд од страна на одбраната, при што на 26 јули 2017 година тој ја потврди второстепената одлука во поглед на Грујевски и Бошкоски, а во поглед на Јакимовски ја поништи. Одлуката на Врховниот суд не можеше да се изврши од причина што Грујевски и Бошкоски побегнаа од земјата.[151]

Слично со случајот на Кочан, овој случај покрена многу контроверзии во јавноста поради легитимноста на одбраната да обжалува пред Врховниот

[149] Само во *Титаник 3* судот го одбил барањето на СЈО за изрекување притвор без притоа таквата мерка да ја замени со други мерки на претпазливост.

[150] Грујевски исто така беше главен обвинет во случајот *Тврдина 2*, а Бошкоски беше сведок на СЈО во истиот случај.

[151] Бегалците се уапсени на аеродромот во Солун (Грција) на 19 октомври 2017 година и кај нив се пронајдени фалсификувани патни исправи. Види Мета.мк „Грујовски и Бошкоски се уапсени во Солун", 19 октомври 2017 година, http://meta.mk/grujovski-i-boshkovski-vecherva-upaseni-vo-solun/. На 18 мај 2018 година, Врховниот суд на Грција го одби барањето за екстрадиција.

суд и поради недостигот на итност во извршувањето на решението на Апелациониот суд за одредување на мерката притвор. Како што дискутиравме во ¶ 4.4.1, ЗКП не ја уредува јасно постапката за судска ревизија на мерките за притвор што биле побарани во обвинителниот процес. Според перцепцијата на јавноста и според мислењето на неколку проминентни правни експерти[152] одлуката на Апелациониот суд требала да биде конечна и да се изврши веднаш. Поради тоа, одбраната немала право да ја обжалува одлуката на Апелациониот суд пред Врховен суд.

Сепак, Апелациониот и Врховниот суд го толкуваа законот на поразличен начин од тој на јавноста и експертите. Апелациониот суд, без да ги наведе законските основи, се произјасни дека извршувањето на мерката притвор била одложена во текот на жалбената постапка која одбраната ја иницирала пред Врховниот суд. Иако Апелациониот суд не се повикана преседанот со Кочан (*види* ¶ 4.4.3.1), сличностите помеѓу двата случаи се евидентни. На пример, во двата случаи била определена мерката притвор по првпат во второстепена постапка, а обвинетите побегнале од државата откако судот определил притвор.

Врховниот суд ја дозволи жалбена постапка аргументирајќи дека кога и да се одредила мерката притвор по првпат, обвинетиот морал да има право да поднесе жалба. Судот го темелеше својот заклучок врз основа на член 440 и 445 од ЗКП и член 5(4) од ЕКЧП. Како што претходно беше напомнато, заедничко читање на член 440 и 445 од ЗКП би дозволило таква можност. Но, сепак упатувањето на член 5(4) од ЕКЧП се чини дека е искривено од причина што со оваа одредба „не им се налага на земјите потписнички да основаат втор степен на надлежност за проверка на законитоста на мерката притвор“.[153]



[152] *Види* ја изјавата на проф. Беса Арифи за Алсат - М: „неразбирливо е зошто им [Груевски и Бошкоски] дадоа толку многу време и зошто решението за притвор на Апелациониот суд не беше веднаш извршено. Секое решение за притвор станува извршно веднаш без одлагање во моментот на издавање. Ова значи дека лицата требале да бидат веднаш притворени. Само тогаш тие можеле да поднесат жалба до Врховниот суд и да побараат други правни лекови “, https://bit.ly/2M2J0pG.

[153] *Види* ЕСЧП, *Кучера против Словачка*, жалба бр. 48666/99 (17 јули 2007 година), § 107; *ЕСЧП, Навара против Франција*, жалба бр.13190/87 (23 ноември 1993 година), § 28; ЕСЧП, *Тот против Австрија*, жалба бр. 11894/85 (8 мај 1989 година), § 84.

### *4.4.5. Основи за барање мерки на претпазливост*

Заедно со поднесувањето на обвиненија во осум случаи, СЈО побара и да се изрече мерката притвор против 18 обвинети лица. Набљудувачите на ОБСЕ можеа да разгледаат десет барања на СЈО во четири случаи.[154] Барањата беа поднесени како дел од обвиненијата и затоа истите не содржеа конкретни наводи по однос на условот за основано сомнение од член 165(1) од ЗКП. Врз основа на разгледаните барања, барањето на СЈО за изрекување на мерката притвор се темели на две до три основи инкорпорирани во член 165 од ЗКП, поточно врз ризикот од бегство/или ризикот од попречување на постапките преку влијаење врз сведоци и сообвинети.[155]

#### *4.4.5.1. Ризик од бегство*

Во сите прегледани случаи СЈО ги поткрепуваше наводите за ризикот од бегство врз основа на следните околности: (i) вид и тежина на кривичните дела и законски пропишаната казна; (ii) непојавување на испрашување во текот на истрагата и по завршување на истата; (iii) редовни патувања во странство; (iv) постоење истовремени кривични постапки против обвинетиот; и (v) поседување неколку банкарски сметки (вклучително сметки во странски банки) и имот во странство. Во некои случаи СЈО ги наведе сите горенаведени елементи, а во други само некои од нив. За пофалба е фактот што барањата на СЈО укажуваат на обид за придржување до стандардите на ЕКЧП во поглед на опасноста од бегство според кои таква опасност не „може да се утврди само врз основа на тежината на можната казна, туку истата мора да се оцени во однос на одреден број други релевантни фактори што можат или да ја потврдат опасноста од бегство или да ја направат толку незначителна со што не би се оправдало определување на мерката притвор“. Во овој контекст мора особено да се посвети внимание на инволвираното лице, неговите морали, неговата имотна состојба, неговите врски со државата во која тој е предмет на кривичен прогон и неговите меѓународни контакти“.[156]



154 Набљудувачите на ОБСЕ ги разгледаа барањата за притвор за обвинетите во *Титаник 1*, Никола Груевски, Мартин Протуѓер, Кирил Божиновски, Миле Јанакиески и Гордана Јанкулоска; во *Титаник 3* за обвинетите Исмет Гури и Ејуп Алими; во *Траекторија* за обвинетиот Владимир Пешевски; и во *Тендери* за обвинетите Елизабета Канческа - Милевска и Лидија Лазарова-Цветковска.

155 *Види* ЗКП, член. 165(1), ¶¶ 1 и 2. Ниту едно од барањата прегледани од страна на набљудувачите на ОБСЕ не беше составено согласно третиот предуслов содржан во ЗКП, член. 165(1), ¶ 3 (ризик од повторување на кривичното дело).

156 *Види* ЕСЧП, *Смирнова против Русија*, жалба бр. 46133/99 и 48183/99, ¶ 60 (6 март 2008 година).

### *4.4.5.2. Влијание врз сведоци*

Во поглед на влијанието врз сведоците и сообвинетите, СЈО наведе дека хиерархиската позиција на обвинетите во партиската структура била само по себе доволна за тие да можат да влијаат врз сведоштвата на сообвинетите и сведоците. Во поголемиот број на прегледани барања СЈО го поткрепуваше овој аргумент тврдејќи дека од причина што обвинението се заснова на изјави дадени од страна на повеќе сведоци, можело да се очекува дека обвинетиот ќе влијаел врз нив за тие да го изменат нивното сведоштво на судењето. Само во две од прегледаните барања СЈО се повикало на актуелните изјави дадени од сведоци како можен повод за влијание врз сведоци од страна на обвинетиот.[157]

### *4.4.6. Причини за одбивање или одобрување на мерката притвор*

Советот од член 25(5) ги отфрли сите осумнаесет барања за притвор поднесени заедно со обвиненијата. Според судиите, барањата од обвинителството за изрекување на мерката притвор имале слаба основа, а присуството на обвинетите во судските постапки можело да се обезбеди со помалку рестриктивни мерки во согласност со член 144(2) од ЗКП и ЕКЧП. Па согласно тоа, советот од член 25(5) на обвинетите им наложувал периодично да се јавуваат во судот и на истите им ги одзел патните исправи. Со исклучок на случајот *Тврдина-Таргет* (види подолу), во сите случаи Апелациониот суд ги потврди наодите на советот од член 25(5). Набљудувачите на ОБСЕ разгледаа седум решенија на советот од член 25(5) донесени во три случаи[158] и 15 решенија на Апелациониот суд донесени во осум случаи.[159]



[157] *Види* барање на СЈО за притвор на обвинетите во *Титаник 3*, Исмет Гури и Ејуп Алими, и барање за притвор на СЈО за Владимир Пешевски во *Траекторија*.

[158] Набљудувачите на ОБСЕ ги разгледаа решенијата на Советот од член 25(5) за следните обвинети: Никола Груевски и Миле Јанакиески во Титаник 1; ИсметГури и Ејуп Алими во *Титаник 3*; и Сашо Мијалков, Никола Бошкоски и Горан Грујевски во *Тврдина-Таргет*.

[159] Набљудувачите на ОБСЕ ги разгледаа решенијата на Апелациониот суд за следните обвинети: Никола Груевски, Миле Јанакиески и Гордана Јанкулоска во *Титаник 1*; Исмет Гури и Ејуп Алими во *Титаник 3*; Сашо Мијалков, Горан Грујевски, Никола Бошкоски и Тони Јакимовски во *Тврдина-Таргет*; Владимир Пешевски во *Траекторија*; Тони Трајковски во *ТНТ*; Ѓоко Поповски во *Триста*; Драган Павловиќ Латас во *Тотал*; Елизабета Канческа-Милевска и Лидија Лазарова-Цветковска во *Тендери*.

### *4.4.6.1. Основано сомневање*

Во прегледаните решенија ниту советот од член 25(5), а и ниту Апелациониот суд не го образложиле првиот услов за изрекување притвор од ЗКП, односно основаното сомневање дека обвинетиот го сторил кривичното дело.[160] Тоа е несоодветно во поглед на фактот дека основаното сомневање за сторено кривично дело претставува *condition sine qua non* за законитоста на притворот на обвинетото лице. Поради тоа судот треба секогаш да ги образложува фактите и доказите што го оправдуваат основаното сомневање во однос на извршеното кривично дело.[161] Можно објаснување за ваквиот пропуст би можел да биде фактот дека барањата за притвор биле поднесени заедно со обвиненијата, а не во текот на истрагата. Сепак, целта и причината (*ratio*) за мерките на претпазливост не смеат да се мешаат со тие од постапката за потврдување на обвинението. Мерките на претпазливост имаат за цел да го осигурат присуството на обвинетиот во случај кога обвинението е потврдено, а обвинетиот упатен на постапка пред судечки судија. Следствено на тоа, мерките на претпазливост ги изрекува различен судија и во рамки на многу построги рокови (*види* погоре).[162] Поради тоа образложението на судот секогаш треба да ги опфаќа условите предвидени во член 165(1) од ЗКП, независно од процедуралната фаза во која решението за притвор било донесено.



### *4.4.6.2. Ризик од бегство*

И советот од член 25 и Апелациониот суд ги отфрлија аргументите на СЈО за ризикот од бегство. Судиите имаа мислење дека не постои опасност од бегство кај обвинетите од причина што тие биле јавни лица со добро познати адреси на живеење и со блиски роднински врски во земјата. Користејќи ја истата логика, судиите исто така сметаа дека честото патување во странство не укажувало дека обвинетите биле склони кон бегство, особено поради фактот што обвинетите секогаш се враќале во земјата. Сепак, во еден случај СЈО ги споменува повеќебројните банкарски сметки на Груевски во странство, што укажува дека Груевски исто така имал финансиски врски и финансиска сигурност во друга земја. Овој факт потенцијално укажува дека обвинетиот би можел да ги раскине врските со својата земја и да отпочне нов живот на друго место, но судот таквиот

[160] *Види* член 165(1) од ЗКП.

[161] *Види* Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Здружението за кривично право и криминологија: „Правна анализа на примената на притворот пред судењето согласно Кривичниот законик од 2010 година", стр.46, каде се истакнува истиот проблем во случаите по кои не постапува СЈО.

[162] Во јули 2017 година судот има издадено решенија за мерки на претпазливост во случаите на СЈО, а во периодот помеѓу септември 2017 година и јануари 2018 година судот има издадено решенија за потврдување на обвиненијата.

аргумент на СЈО не го зеде предвид. Освен тоа, советот од член 25(5) не го коментираше факот дека Груевски е обвинет во повеќе постапки. Имајќи предвид дека Груевски е обвинет во повеќе случаи, може да се рече дека тоа оди само во прилог на аргументите на обвинителот во поглед на ризикот од бегство поради фактот дека обвинетиот се соочува со повеќе затворски казни и статистички постои поголема веројатност тој да биде прогласен за виновен за едно или повеќе дела. Сепак, Апелациониот суд наведе дека тоа не можело да се смета за показател бидејќи судот морал да ги зеде предвид само околностите што се однесуваат на случајот и што се пред него.

Советот од член 25(5) се спротивстави на аргументот на СЈО во Титаник 1 дека непојавувањето на осомничениот да биде испрашан во текот и по истрагата укажувало на спремност на обвинетиот да ја попречува истрагата, а поради тоа постоел ризик од бегство. Во врска со ова советот од член 25(5) наведе дека осомничените можеле да се појават во обвинителството во текот на истражната фаза, но, сепак осомничениот не бил обврзан да соработува со обвинителите. Според судиите, фактот што обвинетиот не одговорил на поканите на СЈО не укажувало на тоа дека тој нема да ги почитува судските покани.



За жал, ниту СЈО ниту советот од член 25(5) не ги разјаснија правните основи за нивните спротивставени заклучоци по однос на ова прашање. Ова е важно прашање што судиите требале подобро да го елаборираат, особено кога законот не дава јасни упатства во однос на истото. Релевантните одредби се тие од член 292(3) и 302(2) од ЗКП. Првата одредба за предистражната фаза наложува дека „пред да ја донесе наредбата за спроведување истражна постапка, јавниот обвинител *може* да го испита лицето против кое се бара спроведување на истражната постапка“. Покрај тоа, член 302(2) од ЗКП пропишува дека „пред завршувањето на истражната постапка јавниот обвинител, ако тоа не го сторил претходно, *е должен* да го испита осомничениот“. Една одредба предвидува обвинителот да може да побара од осомничениот да се појави на распит, а со друга одредба таквата можност за распит се претвора во обврска за обвинителот. Сепак, законот не наложува на осомниченото лице да соработува и одговара на поканите за распит испратени од страна на обвинителот. Од тие причини советот од член 25(5) заклучил дека одбивањето на осомничениот да соработува со обвинителството во текот на истрагата не може да се смета за показател за неговата намера да ги попречува постапките и/или за неговата неспремност да се појави на судење. Тоа всушност претставува најважен дел од неговото право на одбрана. Како заклучок, Апелациониот

суд додаде дека присуството на обвинетите на рочиштето[163] и нивното уверување дека ќе присуствуваат на судењето обезбедило доволно причини да се верува дека обвинетите нема да побегнат.

### *4.4.6.3. Влијание врз сведоци и уништување докази*

Во речиси сите разгледани решенија судиите навеле дека штом истрагите ќе се комплетирале, уништувањето на докази било многу потешко, а поради тоа мала била веројатноста за такво нешто. Според судиите, ако обвинетиот имал намера да ги уништи трагите и материјалните докази од криминалните активности, тој тоа можел да го стори во текот на истрагата. Ваквиот заклучок е во согласност со судската пракса на ЕСЧП според која „во почетните фази на истрагата ризикот од нарушување на текот на правдата од страна на обвинетото лице може да биде очигледен и тоа да претставува причина за негово задржување во притвор, а по прибирањето на доказите таквиот основ станува послаб“.[164]



Со посебен осврт на ризикот од влијание врз сведоци, советот од член 25(5) и Апелациониот суд постојано наведуваа дека СЈО прикажувале само апстрактна можност дека обвинетите ќе влијаеле врз сведоците, а не успееле да обезбедат конкретни примери за тоа кои биле тие сведоци и како обвинетите вршеле влијание врз нив. Во *Тврдина-Таргет, Титаник 3, Траекторија,* советот од член 25(5) укажа дека од изјавите на сведоците наведени во обвинението не можело да се заклучи дека обвинетите претходно влијаеле врз сведоците, а и во секој случај истражните органи веќе имале земено изјави од сведоците.[165]

### *4.4.6.4. Причини за примена на мерката притвор во случајот Тврдина-Таргет*

Само во случајот *Тврдина-Таргет* Апелациониот суд го укина решението на советот од член 25(5) со кое беше одбиено барањето на СЈО за примена на мерката притвор против три обвинети лица (Горан Грујевски, Никола Бошкоски и Тони Јакимовски). Во однос на Грујевски судот утврди дека постојат сите три услови од член 165 од ЗКП (ризик од бегство, ризик

---

163 Во периодот помеѓу 12 јули и 26 јули 2017 година, Апелациониот суд одржа рочишта (поголемиот број беа јавни) на кои странките ги обжалија одлуките донесени од советот од член 25(5) .

164 ЕСЧП, *Јевгениј Гусев против Русија*, жалба бр. 28020/05, ¶ 87 (5 декември 2013 година).

165 *Види Тврдина-Таргет*, одлука на советот од член 25(5) во врска со Грујевски; Титаник 3, одлука на советот од член 25(5) во врска со обвинетите Исмет Гури и Ејуп Алими; и *Траекторија*, одлука на советот од член 25(5) во врска со Владимир Пешевски.

од влијание врз сведоци и ризик од повторување на кривичното дело); во однос на Бошкоски судот сметаше дека постојат доволно докази што укажуваат на ризик од бегство и ризик од влијание врз сведоци; и во однос на Јакимовски судот сметаше дека постојат доволно докази што укажуваат на ризик од бегство.

Во поглед на Груевски и Јакимовски судот сметаше дека кај тие обвинети постои ризик од бегство поради природата и тежината на кривични дела за кои се обвинети, пропишаната законска казна, и зачестеноста на нивните патувања во земјата и странство. Освен тоа, судот го имаше во предвид и фактот дека Груевски поседувал имот во Охрид, дека имал роднини во Велес, а и дека во текот на неговиот живот создал врски со луѓе низ целата земја. Во однос на Јакимовски судот го нагласи фактот дека тој работел во Романија,[166] дека поседувал дипломатски пасош и дека немал силни семејни врски во земјата. Во случајот со Бошкоски ризикот од бегство беше утврден само врз основа на тежината на кривични дела за кои се товари обвинетиот, како и можната казна што ја пропишува ЗКП. Имајќи ги предвид меѓународните стандарди, објаснувањето на судот за причините не е најубедливо и се чини дека во случајот на Бошкоски тоа е недоволно. Покрај тоа, не е јасно како ситуацијата на овие обвинети се разликува од таа на другите обвинети за кои барањето за притвор било одбиено. Фактот што двајца од обвинетите побегнале од државата[167] не го поништува законскиот услов судот да дава соодветни објаснувања кога ја применува мерката притвор.

Ризикот од влијание врз сведоци беше утврден врз основа на материјалните докази содржани во судските списи, поконкретно, истражителите откриле дека фајловите на компјутерот одземен од канцеларијата на Груевски содржел упатство во кое било опишано како треба да се однесуваат сведоците повикани од СЈО и службени белешки кои содржеле детални информации за лицата повикани од СЈО да дадат изјави. Освен тоа, судот ја имал предвид хиерархиската поставеност на двајцата обвинети во рамките на структурата на УБК и заклучил дека тие имале капацитет да вршат притисок врз нивните подредени. Оттука може да се заклучи дека образложението на судот за ризикот од влијание врз сведоци бил соодветно оправдан и во согласност со меѓународните стандарди.

Судот утврдил дека Груевски можел да го повтори кривичното дело од причина што тој сè уште бил вработен во УБК и имал пристап до системот



166 Во август 2016 година, Јакимовски е назначен за генерален директор на Југоисточниот центар за спроведување на законот во Букурешт, Романија.

167 *Види* погоре ¶ 4.4.4.

за следење на комуникациите. Освен тоа, имајќи го предвид фактот дека тој уништувал и криел докази од кривичното дело, тоа укажувало дека постоел голем ризик Грујевски да го повтори кривичното дело. Сепак, судот не ги докажал овие наводи со осврнување на фактите и доказите содржани во барањето на СЈО, ниту пак дал понатамошно образложение.[168]

Врховниот суд го уважил решението на Апелациониот суд по однос на Грујевски и Бошкоски, а решението за Јакимовски го поништил. Врховниот суд нагласил дека Јакимовски се вратил од Соединетите Американски Држави за да присуствува на рочиштето, па така тој демонстрирал интерес и заложба да учествува во постапките. Покрај тоа, Врховниот суд сметал дека самото присуство на семејството во земјата претставувало доволен показател за намерата на Јакимовски да се врати. Во поглед на влијанието врз сведоци, Врховниот суд утврдил дека Јакимовски немал можност да влијае врз неговите подредени колеги од причина што тој повеќе не бил вработен во МВР, односно судот забележал дека не постојат докази во списите на предметот што покажувале дека тој влијаел врз сведоци. Следствено на тоа, Врховниот суд изрекол полесни мерки на претпазливост, поточно обврска за периодично јавување во суд и одземање на неговата редовна и дипломатска патна исправа.



### *4.4.7. Забелешки и заклучок за примената на мерките на претпазливост*

Обезбедувањето на мерки на претпазливост се покажа како најтежок предизвик со кој СЈО се соочил. Во текот на истражната постапка судиите се покажаа како неподготвени да изречат каква било мерка на претпазливост против осомничените од СЈО. Ниту еден осомничен не бил задржан во притвор пред поднесувањето на обвинението, а полесни мерки на претпазливост не биле често изрекувани. По поднесувањето на обвиненијата ситуацијата само делумно се има променето. Од 18 барања за притвор судот прифатил само три во второстепена постапка, а само две од тие барања биле потврдени од страна на Врховен суд. Во останатите 16 случаи судиите сметале дека можело да се обезбеди присуството на обвинетите во судските постапки преку примена на помалку рестриктивни мерки.[169]

Статистичката споредба покажува дека праксата на судот да изрекува

[168] Набљудувачите на ОБСЕ не беа во можност да го разгледаат ова барање.

[169] Со исклучок на одлуката на Апелациониот суд во случајот *Тврдина-Таргет* (судот изрекол мерка притвор за тројца обвинети), судиите ги одбиле сите барања за притвор и продолжиле да изрекуваат полесни мерки на претпазливост (некои од овие мерки биле изечени наместо притвор) во речиси сите случаи.

притвор во истражната фаза во случаите на СЈО се разликува од праксата забележана во постапките на ЈО. Следните податоци објавени на веб сајтот на Основен суд - Скопје покажуваат интересен преглед. Во 2015 година ЈО побарало мерки на претпазливост пред да поднесе обвиненија во 151 случај; од 151 случај ЈО побарало притвор во 121 случај при што судија на претходна постапка уважил таква мерка во 116 случаи. Исто така во 2015 година ОЈО ГОКК побарало мерки на претпазливост во 144 случаи; од 144 случаи ОЈО ГОКК побарало притвор во 80 случаи при што судија на претходна постапка уважил таква мерка во 74 случаи.[170]

Ваквата пракса беше критикувана дека е премногу наклонета кон изрекување на мерката притвор и истата е спротивна на националните и меѓународни стандарди со кои се бара притворот да биде ограничен на минимум и да се користи само како последно средство.[171]

Врз основа на информациите содржани во овој извештај може да се заклучи дека судовите прифатиле сосема различна пракса во случаите на СЈО, а тоа може да се утврди и од фактот дека судот наредил притвор само за три лица додека во постапките на други органи мерката притвор се изрекува многу често. Тешко е целосно да се анализираат причините за оваа различна пракса, но сепак е невозможно да се исклучи дека судовите применувале различни стандарди во случаите на СЈО наспроти случаите на ЈО. Во интерес на праведноста и непристрасноста, судовите мора да се осигурат дека истите стандарди се подеднакво и доследно применети во сите случаи.

Имајќи предвид дека набљудувачите не ги разгледуваат доказите поднесени од СЈО во прилог на своите барања, се чини дека одбивните решенија на судот по однос на притворот генерално содржат солидно оправдување за таквото одбивање, а во аргументите на СЈО судот разоткрил слабости, особено во поглед на влијанието врз сведоците. Во неколку случаи СЈО не оди подалеку од давање наводна апстрактна можност дека обвинетите ќе влијаат врз можни сведоци. Во други случаи судот утврдил дека од изјавите на сведоците поднесени со обвинението не можело да се докаже дека постоел ризик од влијание врз сведокот од страна на обвинетиот. Сепак, СЈО често има давано посуштински причини во поглед на тоа зошто ризикот од бегство бил оправдан основ за притвор, а на некои од нив судот не се осврнал во пишаните решенија.



170 *Види* Основен суд Скопје 1, статистики: https://bit.ly/2l0ThHb.

171 *Види* Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Здружението за кривично право и криминологија: „Примена на мерката притвор пред судењето согласно Законот за кривична постапка од 2010 година, правна анализа“, април 2015 година; и коалицијата Сите за правично судење „Анализа на податоците добиени од набљудувањето на судења во 2016 година“, стр.101.

Има простор за значително подобрување во поглед на оправданоста на издавањето решенија со кои се изрекува мерката притвор. Како прво судот во своите пишани решенија го нема образложувано основаното сомневање дека обвинетиот го извршил кривичното дело, а тоа претставува предуслов за изрекување на мерката притвор.[172] Покрај тоа, судовите не давале секогаш доволно образложенија во поглед на ризикот од бегство. Во еден случај ризикот од бегство бил утврден само врз основа на тежината на кривични дела за кои се товарел обвинетиот, како и на можната казна што ја пропишува ЗКП. Но, од друга страна ризикот од влијание врз сведоци бил многу потемелно образложен што укажува дека СЈО обезбедило посилни докази како поткрепа на своите барања.

## 4.5. Допуштеноста на прислушуваните материјали како докази во фазата на потврдување на обвинението

### *4.5.1. Основни информации*



Незаконското следење на комуникациите наводно било вршено од внатрешноста на објектите на УБК. И во двата извештаи на Прибе од 2015 и 2017 година, а и во Извештајот на Комисијата на ЕУ од 2015 година, постојано се критикува фактот што УБК „има директен пристап до техничката опрема што овозможува преземање на комуникацискиот сигнал“[173]. Во истите извештаи се заклучува дека со имањето монопол врз пресретнувањето на комуникациите и за безбедносни цели (разузнавање) и за кривични истраги се повредува автономијата на обвинителството и полицијата.[174] Високите експерти на ЕУ препорачаа да се преселат уредите со кои се вклучува и исклучува сигналот за следење на комуникациите кај телекомуникациските провајдери.[175]

Прислушувањето се вршело надвор од кривично-правни постапки и

172 Се разбира, објаснението за основаното сомневање е исто така задолжително и во решенијата со кои се одбива притворот. Сепак, недавањето објаснение кога се изрекува мерката притвор загрижува уште повеќе.

173 Види: извештај на Прибе, 2015 година, страна 8, supra, ф. 7.

174 Види извештај на Прибе, 2015 година, стр. 5-9; види исто така: Независна група на високи експерти, „поранешна Југословенска Република Македонија: Оценка и препораки на групата на високи експерти за системски прашања од владеењето на правото, 2017 година “, 14 септември 2017 година (во понатамошниот текст„Извештај на Прибе, 2017 година”), ¶¶ 56-57, https://bit.ly/2x9R4jk; Комисија на ЕУ, 2016 година, извештај стр. 9; Европска комисија, “поранешна Југословенска Република Македонија”,10 Октомври 2015 година, (во понатамошниот текст „Извештај на ЕУ, 2015 година“), стр.9, https://bit.ly/2ui0dGP.

175 *Види* извештај на Прибе, 2017 година, ¶ 55-56, и извештај на Прибе, 2015 година, стр. 5-6, https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/news_corner/news/news-files/20150619_recommendations_of_the_senior_experts_group.pdf.

без судски налог. Како такви, прислушувањата не претставуваат посебни истражни мерки (ПИМ) согласно член 252 од ЗКП и не се уредени со Законот за следење на комуникациите.[176] Поради тоа со незаконското прислушување прекршени се основните фундаментални права, т.е. правото на почитување на приватниот и семеен живот согласно член 8 од ЕКЧП.[177] Сепак, прислушуваните материјали претставуваат докази што служат како основа за гонењето на СЈО. Воведувањето на незаконски следени комуникации како доказ во судски постапки претставува правна дилема, особено по однос на тоа дали и до кој степен незаконски стекнатите докази можат да се користат за поткрепа на обвиненија и за формирање основа за правна осуда. Како што подетално опишавме подолу, на 4 август 2017 година Апелациониот суд донесе одлука да ги прифати како доказен материјал незаконски следените разговори во случајот *Центар* врз основа на дистинкција помеѓу начинот на кој доказите биле материјализирани (разговорите биле противзаконски снимани) и начинот на кој доказите биле стекнати од СЈО (законски и во согласност со ЗКП).



### *4.5.2. Национална правна рамка*

Правилата за издвојување докази се содржани во општите одредби од член 12(2) од ЗКП, кој наведува дека „доказите прибавени на незаконит начин или со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот (...), законот и меѓународните договори, како и доказите произлезени од нив, не можат да се користат и врз нив не може да се заснова судската одлука“.[178] Одбраната има прва можност да ја побива допуштеноста на незаконските докази во текот на процесот на потврдување на обвинението. Во согласност со член 336(4) од ЗКП, судијата/ советот од судии за оцена на обвинителниот

---

[176] Службен весник бр.121/2006; 110/2008 и 116/2012.

[177] Член 8 од ЕКЧП гласи: 1. Секој човек има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката. 2. Јавната власт не смее да се меша во остварувањето на ова право, освен ако тоа мешање е предвидено со закон и ако претставува мерка која е во интерес на државната и јавната безбедност, економската благосостојба на земјата, заштитата на поредокот и спречувањето кривични дела, заштитата на здравјето и моралот, или заштитата на правата и слободите на другите, во едно демократско општество.

[178] *Види* исто така член 93 од ЗКП кој гласи, „(1) Кога во овој закон е определено дека врз некој доказ не може да се заснова судската одлука, судијата на претходната постапка, по службена должност или по предлог на странките, ќе донесе решение за издвојување на тој доказ од списите, најдоцна до завршувањето на истражната постапка. По подигањето на обвинителниот акт, решение за издвојување доказ донесува советот за оцена на обвинителниот акт. Против ова решение е дозволена посебна жалба по која одлучува повисокиот суд. (2) По правосилноста на решението издвоените докази се чуваат кај судијата на претходната постапка, одвоено од другите списи и не можат да се разгледуваат ниту можат да се користат во постапката. Издвоените записници се затвораат во посебна обвивка и се чуваат кај судијата на претходната постапка.“

акт може по сопствена иницијатива или на барање на одбраната да ги издвои незаконските докази (во смисла на член 12(2) од ЗКП) од списите на предметот, а потоа истите треба да се затворат во посебна обвивка и да се чуваат кај судијата на претходната постапка. Издвоените докази не можат ниту да се разгледаат ниту да се користат во постапките. Против решението за издвојување на доказите донесено од страна на судија или совет од судии дозволена е жалба до Апелационен суд.

Откако ќе се потврди обвинителниот акт странките имаат втора можност да побараат издвојување докази во текот на подготовката на главното рочиште. Во согласност со член 347(1) од ЗКП судот може да издвои докази што биле прибавени на незаконски начин или ако нивната употреба е забранета со закон. Покрај тоа, вториот став од оваа одредба му дозволува на судот да ги повика странките „со цел тие да ги образложат нивните предлози или приговори во однос на предложените докази".

### *4.5.3. Меѓународна правна рамка*



Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) има прилично флексибилен пристап во врска со ова прашање. Според ЕСЧП „допуштеноста на доказите првично е прашање што се уредува со националните закони, а општо правило е националните судови да ги оценуваат доказите што се ставени пред нив".[179] Улогата на судот е да „утврди дали постапките како целина, вклучително и начинот на кој доказите се прибавени, биле правични".[180] Во поглед на доказите добиени со повреда на правото на приватност заштитено со член 8 од ЕКЧП, релевантната судска практика е содржана во член 6 од Конвенцијата со која се уредува правото на правично судење. Не постои стриктно правило на исклучување или доктрина на *плодот на отровното дрво*[181] отелотворена во член 6. Според судот употребата на докази прибавени на незаконит начин во рамки на националното право не претставува само по себе повреда на правото на фер судење. Одлуката за допуштеноста на доказите зависи од оцената на следните критериуми: (i) правичност на постапките како целина(т.е. обвинетиот имал можност да ја побива веродостојноста на снимените разговори, или незаконски следените разговори не биле единствени докази врз кои осудата се темелела);[182] и (iii) релевантноста и сигурноста на доказите.[183] Далеку од предвидување строги правила за

---

[179] *Види* ЕСЧП, *Ван Мекелен и други против Холандија*, жалба бр. 21363/93, 21364/93, 21427/93 и 22056/93, 23, ¶ 50 (април 1997 година).

[180] *Id.*

[181] *Види* дефиниција на Институтот за правни науки, https://www.law.cornell.edu/wex/fruit_of_the_poisonous_tree.

[182] *Види* ЕСЧП, Шенк курзив Швајцарија, жалба бр. 10862/84 (12 јули 1988 година).

[183] *Види* ЕСЧП, *Кан против Велика Британија*, жалба бр. 35394/97 (12 May 2000).

исклучување, ЕСЧП применува пристап што е карактеристичен за секој случај посебново поглед на допуштеноста на доказите добиени со кршење на правото на приватност. Во овој контекст, прашањето за правичноста на постапките има поголемо значење од кршењето на суштинското право на приватност кое игра секундарна улога.[184]

Системот на Соединетите Американски Држави може да понуди корисна компаративна перспектива.[185] Четвртиот амандман од Уставот на САД ги штити правата на приватност и слобода на луѓето од неоправдани упади од страна на државните органи.[186] Во согласност со исклучувачкото правило, доказите прибавени со кршење на уставно заштитените права не можат да се користат на суд. Ова правило е дополнето со доктрината на *плодот на отровното дрво*, според кое еден суд може да исклучи не само докази што биле противуставно прибавени, туку и било какви други докази што произлегуваат од самите нив. Доказот (плод) што произлегува од расипан извор (отровно дрво) е контаминиран и поради тоа мора да се исклучи од судење. Исклучувачкото правило е дизајнирано за да се спречат властите да вршат злоупотреби. Законот го казнува нивното противзаконско поведение во текот на истрагата со тоа што предвидува доказите прибавени со кршење на постапките да се исклучат.

Сепак, и кај ова правило постојат исклучоци. Конкретно, исклучокот чисти раце *(clean hands)* предвидува ситуација во која обвинителот е „невин примател“ на незаконски прибавени докази при што правото на исклучување докази во оваа ситуација не е применливо и противзаконски прибавените докази можат да се прифатат.[187] Поради тоа, доколку незаконските следења на комуникации се извршени од приватен субјект или странка (неповрзан со обвинителството) и таквите незаконско стекнати материјали се предадат на обвинителот кој има „чисти раце“, тогаш се смета дека обвинителот е „невин примател“ на материјалите прибавени со незаконско следење на комуникациите. Како резултат на тоа следените разговори можат да се прифатат во судската постапка.[188]

184 *Види* „Рестрикција за допуштеноста на несоодветно стекнатите докази на кривичните судења“ Волха Раманенка, магистер по право, магистерски труд, ЦЕУ, 2011 година, страна 60.

185 *Види Силверман против Соединети Американски Држави*, 365 U.S. 505 (1961); *Катз против Соединети Американски*, 389 U.S. 347 (1967); *Ли против Флорида*, 392 U.S. 378 (1968).

186 Четвртиот амандман на Уставот на САД наложува „правото на луѓето да бидат безбедни во нивните тела, куќи, документи и имот да не се повредува со неосновани претреси, апсења и заплени, а налози за такви постапки можат да се издаваат само доколку постои веројатна причина, поткрепена со заклетва или исказ, и само ако е опишано местото кое треба да се претресе и лицата или предметите да се уапсат, односно запленат.“ Устав на САД, амандман iv.

187 *Мурдок против Соединетите Американски Држави*, 63 ѓ.3г 1391, 1404 (6ти Округ.1995 година).

188 *Види* „Рестрикција за допуштеноста на несоодветно стекнатите докази на кривичните судења“ Волха Раманенка, магистер по право, магистерски труд, ЦЕУ, 2011 година, страна 67.

## Случајот Центар

Прашањето за прислушувањето се појави за првпат во случајот *Центар* во фазата на подготовка на главното рочиште.[189] На 16 декември 2016 година, судот донесе одлука дека следените комуникации, презентирани од СЈО како докази, претставувале докази прибавени на незаконски начин согласно член 12(2) од причина што прислушувањето било извршено без судска наредба, односно во спротивност на Законот за следење на комуникациите и член 252 од ЗКП со кој се уредува постапката за ПИМ. Според судијата „било неспорно дека аудио снимката е добиена без примена на посебни истражни мерки (т.е. без судска наредба), а следењето на комуникациите не било извршено од страна на овластен орган за потребите на кривичната истрага“.[190] Поради тоа снимките не можеле да се прифатат како докази и СЈО можел само да ги користи следените разговори за да ги следи доказите што водат кон извршувањето на кривичното дело и да прибави дополнителни законски докази со цел докажување на тие кривични дела.[191]



СЈО ја обжали ваквата одлука. На 4 август 2017 година, девет месеци подоцна, Апелациониот суд ја уважи жалбата поднесена од страна на СЈО и ја поништи одлуката на судијата за издвојување на прислушуваниот аудио материјал од доказите. Според Апелациониот суд, член 12(2) од ЗКП го уредува начинот на кој јавниот обвинител ги прибавува доказите, а не начинот на кој тие се креирани или материјално формирани. Во овој случај, иако разговорите биле незаконски снимани, тие биле законски прибавени од страна на СЈО. Образложението што го дал Апелациониот суд се чини дека ја одразува доктрината „чисти раце“.

Правната основа судот ја темелел на член 287 од ЗКП, според кој „државните органи, единиците на локалната самоуправа, организации, физички и правни лица со јавни овластувања и други правни субјекти“ имаат обврска да ги достават информациите што ги побарал јавниот обвинител. Според судиите оваа одредба наложува секој што поседува незаконски следени комуникаци и истите да ги предаде на СЈО. Со овој член повеќе се утврдува реактивна обврска за доставување на бараните информации отколку проактивна обврска за обезбедување непобарани информации што се во нечија сопственост. Ниту Законот за СЈО не предвидува таква должност. Проактивна обврска беше содржана во Законот за заштита на

[189] Овој случај бил предмет на скратена постапка. Поради тоа немало формално потврдување на обвинението.

[190] Случај Центар, одлука на Основен суд согласно член 468, 347(2), 12(2) и член 19(3) од ЗКП, 16 декември 2016 година, страна. 3.

[191] *Id*. стр. 4.

приватноста усвоен два месеци по Законот за СЈО на 10 ноември 2015 година (во понатамошниот текст „стар Закон за приватност“).[192] Согласно член 2 од стариот Закон за приватност, секој што поседува материјали што произлегуваат од незаконско следење на комуникациите треба да ги предаде на „надлежен јавен обвинител“[193] во рок од дваесет дена од „стапувањето на сила на овој закон“.[194] Сепак, новиот Закон за приватност, објавен на 19 мај 2016 година, не ја повторува оваа обврска.[195] Имајќи предвид дека стариот Закон за приватност беше на сила во времето на предавање на овие материјали на СЈО, останува нејасно зошто судот не се повика на истиот за да ги поткрепи своите заклучоци.

Покрај тоа, судот нагласи дека со усвојувањето на Законот за СЈО аудио снимките од телефонските разговори влегле во правниот систем на земјата и станале дел од доказите на кои СЈО може да се потпре во суд. На крај, судот го наведе случајот *Шпион* како преседан. Во овој случај еден од обвинетите тајно ги снимал разговорите помеѓу него и други обвинети во неговите приватни простории. Обвинителството ги добило разговорите преку ПИМ[196], т.е. во текот на претрес на куќата на обвинетиот согласно член 146(1)(2) од ЗКП со кој се уредува пристапот и пребарувањето на компјутерските системи, запленувањето на компјутерски систем или неговите податоци.[197] Освен меѓу други докази, пресудата која ја донесе Основниот суд се темелеше и на запленетите снимки со разговори. Во жалбената постапка по однос на пресудата, одбраната наведе дека Основниот суд при донесувањето на својата одлука се потпрел врз незаконски докази од причина што тие разговори биле резултат на кривично дело, поконкретно неовластено прислушување и тонско снимање од член 151 од Кривичниот законик. Апелациониот суд го отфрли таквиот аргумент и одговори со истото образложение дадено во случајот *Центар*. Таквите комуникации можеле да се користат како доказно средство на судење бидејќи обвинителството ги имало добиено пресретнатите комуникации законски (т.е. преку ПИМ пропишани во ЗКП).[198]



192 *Види* Закон за заштита на приватноста, Службен весник бр.196/2015.

193 Со изразот „соодветен јавен обвинител“ се мисли на специјален јавен обвинител.

194 Согласно член 7 од Законот за приватност, истиот ќе стапи на сила на денот на негова објава (10 ноември 2015 година) и ќе се применува шест месеци од неговото стапување на сила.

195 Закон за заштита на приватноста, Службен весник бр.99/2016. Согласно член 7, законот„стапува на сила на денот на негова објава [16 мај ноември 2016 година]“ и „ќе почне да се применува од 1 јули 2017 година“.

196 Посебни истражни мерки.

197 Оваа одредба се однесува на стариот ЗКП кој се применуваше во периодот на водење на истрагата. Соодветниот член од новиот ЗКП е член 252(1)(4).

198 *Види* пресуда КОКЖ, 35/15, 26 , септември 2016 година, стр. 33.

### *4.5.5. Потврдување на обвиненијата*

Во периодот помеѓу септември 2017 година и јануари 2018 година, 17 обвиненија кои биле поднесени на крајот на јуни 2017 година поминале низ процесот на потврдување на обвинението спроведен од страна на совет/судија за оцена на обвинение согласно член 319-344 од ЗКП. Одбраната поднела приговори на потврдувањето на сите обвиненија согласно член 327 од ЗКП[199] и побарала од судот да ги издвои прислушуваните разговори од списите на предметот и истите да ги прогласи за недопуштени согласно член 336(4) од ЗКП. Наспроти горенаведената одлука на Апелациониот суд во *Центар*, советот/судијата за оцена на обвинението донел решение да не се прифатат снимките од прислушуваните разговори во речиси 17 случаи.[200] Судијата/советот за оцена на обвинението ги повторил аргументите употребени од страна на судијата во случајот *Центар*, односно поконкретно било наведено дека прислушуваните материјали морале да се издвојат бидејќи претставувале незаконски докази согласно член 12(2) од ЗКП. Откако СЈО го обжалил таквото решение, Апелациониот суд ги поништил сите такви одлуки и донел решение да се прифатат доказите од прислушуваните комуникации така потврдувајќи го истото образложение употребено во случајот *Центар*. Седум месеци по рокот за поднесување обвиненија сите обвиненија беа потврдени, а допуштеноста на материјалите од прислушувањето како доказно средство беше потврдено во сите случаи.



### *4.5.6. Преоден заклучок за допуштеноста на прислушуваните материјали како докази*

Допуштеноста на прислушуваните материјали на судењето и во процесот на потврдување на обвинението претставува едно од главните прашања кои веројатно ќе влијаат врз исходот на постапките во случаите на СЈО. Како што наведовме претходно, прислушуваните разговори кои СДСМ ги објави во почетокот на 2015 година беа добиени надвор од каков било правен процес и без судски налог. Како такви, прислушувањата не претставуваат посебни истражни мерки (ПИМ) согласно член 252 од ЗКП и не се уредени со Законот за следење на комуникациите.[201] Со други зборови, прислушувањата биле извршени незаконски и со кршење на основните фундаментални права, од кои првото и најважното е правото

---

199 Во согласност со член 327 од ЗКП, обвинетиот може да поднесе приговор на обвинението во рок од осум дена од приемот на обвинителниот акт.

200 Исклучоци на ваквата пракса беа забележани во случаите Труст, Траекторија и Тарифа каде прислушуваните разговори беа веднаш прифатени.

201 Службен весник бр.121/2006; 110/2008 и 116/2012.

на почитување на приватниот и семеен живот согласно член 8 од ЕКЧП.

Сепак, прислушуваните материјали претставуваат клучни докази кои служат како основа за гонењето на СЈО. Воведувањето на незаконски следени комуникации како доказно средство на судење може да претставува правна дилема, поконкретно во однос на тоа дали и до кој степен незаконски стекнатите докази можат да се користат за поткрепа на обвиненија, признанија дадени на судењата и за формирање основа за правна осуда. Апелациониот суд ги сметаше прислушуваните материјали како законски докази врз кои одлуката за потврдување на обвиненијата може да се темели. Според судот, иако прислушуваните материјали биле противзаконски „создадени", тие биле законски „добиени" од страна на СЈО, а тоа нив ги правело прифатливи во судските постапки. И покрај одлуката на Апелациониот суд, одбраната продолжува да ја побива допуштеноста на прислушуваните материјали на судењата на СЈО. Овој извештај нема да се занимава со тоа прашање бидејќи судењата во моментот се во тек.

## 4.6. Застареност



Друго прашање кое заслужува анализа е можната застареност на случаите на СЈО. Членовите 107-112 од Кривичниот законик го уредуваат застарувањето. Постојат два вида застареност: Застареност на кривичното гонење и застареност на извршување на санкциите.[202] Застареноста на кривичното гонење понатаму се дели во *релативна* (забранува почеток на кривично гонење) и *апсолутна* (забранува продолжување на тековно кривично гонење).[203] *Релативната* и *апсолутната* застареност се поврзани со извршувањето на кривичното дело (или со последиците кои произлегле од кривичното дело) и со законски пропишаната казна. Релативната застареност е регулирана во член 107(1) од Кривичниот законик според кој кривично гонење не може да се отпочне кога ќе поминат: i) 30 години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече казна доживотен затвор, ii) 20 години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над десет години, iii) десет години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над пет години, iv) пет години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над три години, v) три години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над една година и vi) две години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор до една година или парична казна.

[202] *Види*, „Коментар за Кривичниот законик", В. Камбовски, Скопје 2015.

[203] *Види* Кривичен законик, членови 107-108.

Сепак, постојат примери во кои *релативното застарување* прекинува и започнува да тече од почеток.[204] Поконкретно, такво застарување имаме кога осомничениот[205] против кого се преземаат истражни дејства ќе изврши кривично дело од иста или поголема тежина.[206] *Апсолутна* застареност од член 108(6) од Кривичниот законик почнува да тече штом започне судењето. Во согласност со оваа одредба, кривичното гонење мора да се прекине кога ќе помине двапати онолку време колку што според законот се бара за *релативната* застареност, без оглед на фазата на постапката. Тоа значи дека ако судењето е во тек и сѐ уште не е донесена конечна пресуда, тогаш судењето не може да продолжи и, затоа, судот ќе донесе пресуда со која ќе го одбие обвинението согласно член 402(6) од ЗКП. Конечната пресуда мора да се разбере како пресуда која не може понатаму да се обжалува.

Во случајот *Тенк*, кој се однесува на противзаконско јавно надавање за купопродажба на луксузно возило за МВР, поранешниот премиер Никола Груевски е обвинет за кривичното дело примање награда за противзаконито влијание согласно член 359(2) од Кривичниот законик за што е предвидена казна затвор од една до три години. Според обвинението, јавното наддавање и купопродажбата се случиле во периодот помеѓу февруари и крајот на октомври 2012 година. Врз основа на последниот датум на извршување на кривичното дело, 31 октомври 2012 година, кој се смета како датум на извршување на кривичното дело, *апсолутна* застареност ќе настапи по 6 години[207], односно на 31 октомври 2018 година.[208]



Во случајот *Траекторија* поранешниот премиер Груевски се товари за истото кривично дело поврзано со противзаконско доделување тендер за изградба на автопат. Според обвинението, кривичното дело било извршено во периодот помеѓу октомври 2012 година и октомври 2013 година. Врз основа на последниот датум на извршување на кривичното дело, 31 октомври 2013 година, *апсолутна* застареност ќе настапи по 6 години[209], односно на 31 октомври 2019 година.[210]

---

204 Кривичен законик, член107(5).

205 Кривичен законик, член107(3).

206 Кривичен законик, член107(4).

207 Кривичен законик, член 108(6) во врска со член 107(1)(5).

208 Бидејќи нема јасна индикација во член 359 од Кривичниот законик, оваа пресметка е направена врз основа на претпоставката дека застарувањето на ова дело е поврзано со датумот на извршување на истото, а не со датумот кога последиците од истото се манифестирале.

209 Кривичен законик, член 108(6) во врска со член 107(1)(5).

210 Бидејќи нема јасна индикација во член 359 од Кривичниот законик, оваа пресметка е направена врз основа на претпоставката дека застарувањето на ова дело е поврзано со датумот на извршување на истото, а не со датумот кога последиците од истото се манифестирале.

Во случајот *Центар*, во врска со насилниот протест пред зградата на Општина Центар, поранешниот премиер Груевски, поранешниот министер Јанакиески и други 12 лица беа обвинети за кривичното дело насилство казниво со затворска казна од три месеци до три години согласно член 386(2)(1) од Кривичниот законик. Протестот се случи на 7 и 10 јуни 2013 година. Врз основа на последниот датум на извршување на кривичното дело, 10 јуни 2013 година, *апсолутна* застареност ќе настапи по 6 години, односно на 10 јуни 2019 година.[211]

Врз основа на горенаведеното може да се заклучи дека најверојатно некои судски постапки за предметите на СЈО нема да завршат со конечна пресуда пред да настапи апсолутна застареност. Иако застарувањето претставува гаранција за фер судење за обвинетиот, настапувањето на апсолутна застареност во судењата кои сè уште се одвиваат создава неефикасност и ги спречува напорите за утврдување кривична одговорност. Следствено на тоа, Мисијата препорачува сите странки кои се инволвирани во кривичните постапки да направат напор да избегнуваат непотребни одложувања за да се спречи настапување на застареност.



211 *Id.*

# 5. Заклучоци и препораки

За помалку од две и пол години од формирањето на СЈО, и покрај значителното мешање од други институции, значајни чекори се направени кон утврдување на кривичната одговорност за кривичните дела кои се поврзани и кои произлегуваат од скандалот со прислушувањето. СЈО успеа да поднесе 20 обвиненија во рамките на тесниот законски рок и сите обвиненија беа потврдени.[212] Сепак, процесот на одобрување на обвиненијата одзеде многу време. Многу од обвиненијата поднесени на крајот на јуни 2017 година беа потврдени пет-шест месеци подоцна, во периодот помеѓу ноември и декември 2017 година. Иако ЗКП не предвидува рок до кој едно обвинение мора да се потврди, времето помеѓу поднесувањето на обвинение и негово потврдување може да се смета како предолго, а тоа создаде перцепција дека судот е пристрасен и е против СЈО.[213] Покрај тоа, ваквите одлагања можат да влијаат врз правото на судење во разумен временски рок[214], а истите особено загрижуваат во врска со случаите каде треба наскоро да настапи апсолутна застареност. Во поглед на примената на мерките на претпазливост судот е бојазлив и внимава мерката притвор да се одобрува само како последно средство во случаите на СЈО. Сепак, се јавува впечаток дека можеби се применуваат различни стандарди во споредба со случаите на јавното обвинителство каде мерката притвор се изрекува прилично почесто. Освен тоа, забележано е дека образложението на решенијата донесени во врска со мерките на претпазливост не се осврнуваат често на условот за основано сомневање.



Во случаите Труст и Тврдина-Таргет на површина исплива мана во рамката на ЗКП, односно додека трае жалбената постапка во законот никаде не е предвиден начинот на извршување на мерката притвор изречена од страна на советот од член 25(5) во второстепена постапка. Со тоа што експлицитно не се бара извршување на мерката притвор, ЗКП остава можност осомничениот да побегне, да уништува докази или да го повтори кривичното дело во жалбениот период.

И покрај успехот кој СЈО досега го постигнал, тековните ограничувања во правната[215] и институционална рамка го ставаат под ризик процесот

---

212 Во случајот *Титаник 2* судот делумно го потврди обвинението.

213 Извештај на Прибе 2017 година, ¶ 69.

214 *Id.*

215 Како што претходно наведовме, освен што мандатот на главната специјална обвинителка истекува во септември 2019 година, исто така Законот за СЈО содржи рок за поднесување обвиненија за кривични дела кои произлегуваат од следењето на комуникациите.

на утврдување одговорност за сериозните кривични дела разоткриени со прислушувањето. Поради тоа неопходно е да се измени законодавството во согласност со Националната стратегија за реформи во правосудството за периодот 2017-2022 година. Без оглед на изборот на законодавецот во врска со континуитетот и институционалната локација на СЈО, се препорачува сите случаи да се завршат со цел да се обезбеди сторителите на кривични дела откриени со прислушувањето да сносат целосна одговорност. Се надеваме дека ефикасното и правично решавање на случаите на СЈО ќе служи како механизам за враќање на довербата во кривичноправниот систем во земјата.

Иако СЈО се грижеше да обезбеди транспарентност кај јавноста, постојат некои области во кои може да се направи поголем напор за навремено давање релевантни информации. Ова особено се однесува на воспоставувањето надлежност во тековните случаи на ЈО каде предметните кривични дела ниту произлегуваат од содржината на прислушувањето ниту се *однесуваат* на него (прислушувањето). Иако СЈО има дискреционо право да одлучува дали да ги споделува со јавноста причините поради кои бара да воспостави надлежност врз тековни случаи, а имајќи ги предвид високиот профил и политичката чувствителност на случаите кои СЈО ги има преземено, Мисијата смета дека СЈО треба да примени потранспарентен пристап до степен до кој нема да ја загрози тајноста на истрагите.

Врз основа на анализата содржана во овој преоден извештај, Мисијата го препорачува следното:

*За извршната и законодавна власт:*

- Да се решат постоечките ограничувања во законската рамка кои можат да ги спречат тековните истраги на СЈО да се комплетираат и да резултираат во поднесување обвинение;
- Да обезбедат долгорочен континуитет на СЈО во согласност со Националната стратегија за реформи во правосудството за периодот 2017-2022 година.
- Да се погрижат за недостатоците во правната рамка на ЗКП во поглед на итната извршност на мерката притвор.

*За СЈО:*

- Да го истражи целиот обем на извршени кривични дела и сите осомничени лица (ако дозволуваат доказите) откриени преку прислушуваните разговори;

- Иако СЈО смета дека доволно ја информира јавноста за случаите во своја надлежност, Мисијата препорачува СЈО да ја информира јавноста кога обвинителите ќе заклучат дека во одреден случај не постојат доволно докази за да се продолжи со истрагата или прогонот, а особено кога содржината на јавно достапните прислушувани разговори може да создава очекувања кај јавноста за понесување кривична одговорност;

- Иако СЈО е во согласност со законот во поглед на воспоставувањето на надлежност врз случаите на ЈО, Мисијата препорачува потранспарентен пристап кога воспоставува надлежност врз случаи по кои постапува ЈО.



*За Основен суд Скопје 1:*

- Да се обезбеди образложувањето на решенијата за мерките на претпазливост секогаш да се врши во согласност со пропишаните услови од ЗКП;

- Да ги применува истите стандарди како за случаите на ЈО, така и за тие на СЈО кога одлучува по поднесени барања за изрекување притвор, а тоа да го прави на конзистентен, непристрасен и правичен начин.

*За сите странки вклучени во кривичните постапки:*

- Да направат напори да избегнуваат непотребни одложувања со цел да се спречи настапување застареност.